# СРЕДНО ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ „ МИХАЈЛО ПУПИН“ – СКОПЈЕ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## НА
## училиштето

**АВГУСТ, 2022**

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Индикатори за квалитет:**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**
**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**
**1.3. Воннаставни активности**

| **Собирање на податоци*Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.*<br>(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Наставни планови** | Во СЕТУ на Град Скопје ,,Михајло Пупин'' се реализира воспитно-образовна дејност од електротехничката струка за редовни ученици преку три образовни профили со четиригодишно траење на образованието (електротехничар за електроника и телекомуникации; електротехничар за комјутерска техника и автоматика и електротехничар енергетичар) и два образовни профили со тригодишно траење на образованието (електричар електромонтер на електроенергетски мрежи иелектромеханичар), но за жал учениците пројавуваат интерес само за едниот образовен профил со тригодишно траење на образованието - електричар електромонтер на електроенергетски мрежи.<br>За вонредни ученици се реализираат консултативни средби и испитни сесии за образовни профили со: двегодишно, тригодишно, четиригодишно траење на образованието и специјалистичко образование ( V-ти степен).<br><br>Центарот за стручно образование и обука во соработка со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации на Министерството за образование и наука, во 2016 година изготви <u>Концепција за модернизација на техничкото образование</u> (средно стручно образование и обука со четиригодишно траење) во Република Северна Македонија.Оваа Концепција за модернизација на техничкотообразование предвидува воведување стратешки промени во техничкото образование, неговомодернизирање кое треба да вклучи флексибилно и транспарентно ниво наобразование засновано напринципите на доживотното учење, кое треба даодговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот нанационално и локално ниво. Вака конципирано, техничкото образование требада го поддржи општествено-економскиот развој на Република Северна Македонија,нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност дастекнат знаења, вештини и компетенцииинеопходни за вршење работа, односнода се здобијат со квалификации потребни на пазарот на трудот, но и запродолжување на образованието. Тоа треба да го направи техничкотообразование доволноотворено и флексибилно за да ги задоволува различнитеобразовни потреби.<br>За таа цел изработени се посебни наставни планови и соодветни модуларизирани наставни програми, кои се базирани на знаења, вештини икомпетенции кои учениците можат да ги стекнат низ еден интердисциплинаренпристап, нудат поголем предизвик од традиционалните пристапи, но и поголемафлексибилност во дизајнирањето програми за учење кои се прилагодени напотребите на учениците.<br><br>Конкретно, нашето училиште беше едно двете средни стручни училишта од електротехничка струка водржавата, кои беа пилот училишта во процесот на моденизација на средното стручно образование. Реформираните наставни планови и програми најпрво се имплеменираа во образовниот профил (квалификација) Електритехничар за компјутерска техника и авотматика од учебната 2017/2018 година. Додека во останатите два образовани профили (квалификации) со четиригодишно траење на образованието Електротехничар за електроника и телекомуникации и Електротехничар енергетичар, реформираните модуларни наставни планови и програми се имплеметираа од учебната 2019/2020 година. |

| | |
|---|---|
| | Реформираните наставни планови и програми се изготвени од БРО (Бирото за развој на образованието) и ЦСОО (Центар за стручно образование и обука) и одобрени од МОН (Министерство за образование и наука). Истите се достапни на веб страната – *www.csoo.edu.mk*.<br>Во наставните планови за квалификациите со четиригодишно траење на образованието, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како заеднички општообразовен модул, општо-образовен модул значаен за одреден сектор, стеучно образование во рамки на кое има задолжителни модули и изборни модули, практично образование (Учење преку работа кај работодавач и феријална практика и содржини програмирани од училиштето.<br>Во реформираните наставни плановиза квалификациите со тригодишно траење на образованието: Електричар електромонтер на електроенергетски мрежи и Електромеханичар, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како: општо образование, стручно образование и практична обука. |
| **Наставни програми** | Наставата во образовните профили со четиригодишно траење на образованието се реализира според наставните програми за реформирано средно образование.<br>Реформираните модуларни наставни планови за образовниот профил (квалификација) Електритехничар за компјутерска техника и автоматика почнаа да се имплементираат од учебната 2017/2018 година, а за останатите два образовани профили (квалификации) со четиригодишно траење на образованието: Електротехничар за електроника и телекомуникации и Електротехничар енергетичар, се имплеметираа од учебната 2019/2020 година.(дуална паралелка во профилот Електротехничар – Енергетичар од учебната 2021-2022)<br><br>Наставата за образовниот профил електричар електромонтер на електроенергетски мрежи со тригодишно траење на образованието се изведува по реформирани наставни програми од учебната 2017/18 година.<br><br>Значајно да се спомене е дека заради пандемијата Ковид 19 во учебната 2020/2021 година, наставата се реализираше на далечина, односно online преку платформата Teams, а за образовниот профил со тригодишно образование преку Канвас. Заради одложување на почетокот на учебната година се наставата се реализираше по скратени наставни програми по препораки од Министерството за образование и наука. |
| **Годишни и тематски планирања на наставниците** | Во учебната 2020/2021 год. во училиштето 58 наставници држеле теоретската настава, практичната настава и лабараториските вежби.<br>Сите ја планирале наставата, преку годишни, тематски и планирања на наставен час.До педагошко-психолоската служба доставиле планирања вкупно 44 предметни наставници, а **<u>14 не доставиле</u>**.<br>- <u>Годишните глобални, тематски и дневни планирања</u> беа доставувани во електронска форма, со оглед на тоа дека наставата оваа учебна година се реализираше online преку националната платформа Teams, заради ситуацијата со пандемијата Ковид 19.<br>Кај помал дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање на наставен час од секоја тема), додека поголем дел наставниците предале делумни планирања ( глобално годишно планирање, тематски планирања за една или за секоја тема и планирање на еден наставен час или без планирања за наставен час).<br>- <u>Планирања на слободните часови на училиштето</u> реализирал и изработиледен наставник.<br>- <u>Планирања за класен час</u> од вкупно 34, доставиле 25 класни раководители. |

| | |
|---|---|
| | - <u>План за работа на класната заедница</u> не изработил ниеден класен раководител.<br>- <u>Интегрирани МИО содржини</u> (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 36 предметни наставници.<br>- <u>Интегрирани ЕКО содржини</u> (екологија) има во планирањата на вкупно 36 предметни наставници.<br>- <u>Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава</u> доставиле 32 наставници.<br>- <u>Програма за работа со деца со посебни образовни потреби</u> доставиле 3 наставници.<br>- <u>Планирања за вонаставни активности и натпревари</u> доставиле 3 наставници.<br>- <u>Критеруими за оценување</u> доставиле 21 предметен наставник.<br>- <u>План за соработка со родители</u> доставиле 13 наставници.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето.<br><br>Во учебната 2021/2022 год. во училиштето 58 наставници држеле теоретската настава, практичната настава и лабараториските вежби.<br><br>Сите ја планирале наставата, преку годишни, тематски и планирања на наставен час.До педагошко-психолоската служба доставиле планирања вкупно 52 предметни наставници, а **<u>6 не доставиле</u>.**<br>- <u>Годишните глобални, тематски и дневни планирања</u> беа доставувани во електронска форма.<br>Кај помал дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање на наставен час од секоја тема), додека поголем дел наставниците предале делумни планирања ( глобално годишно планирање, тематски планирања за една или за секоја тема и планирање на еден наставен час или без планирања за наставен час).<br>- <u>Планирања на слободните часови на училиштето</u> реализирал и изработил еден наставник.<br>- <u>Планирања за класен час</u> од вкупно 34, доставиле 16 класни раководители.<br>- <u>План за работа на класната заедница</u> не изработил ниеден класен раководител.<br>- <u>Интегрирани МИО содржини</u> (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 20 предметни наставници.<br>- <u>Интегрирани ЕКО содржини</u> (екологија) има во планирањата на вкупно 28 предметни наставници.<br>- <u>Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава</u> доставиле 45 наставници.<br>- <u>Програма за работа со деца со посебни образовни потреби</u> доставил 1 наставник.<br>- <u>Планирања за вонаставни активности и натпревари</u> доставиле 3 наставници.<br>- <u>Критеруими за оценување</u> доставиле 38 предметни наставници.<br>- <u>План за соработка со родители</u> доставиле 12 наставници.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето. |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Во Годишната програма за работа на училиштето за учебна 2020/2021 и 2021/2022 година се содржани следните поглавја:<br>• Вовед;<br>• Појдовни основи за изработка на Годишната програма;<br>• Видови образование;<br>• Материјално-технички услови за работа; |

| | |
|---|---|
| | • Кадровски услови за работа;<br>• Организација на воспитно-образовната работа на училиштето;<br>• План и програма на стручните, раководните, управните и советодавните органи на училиштето;<br>• Програма на управните органи;<br>• План и програма на Училишната заедница;<br>• План за работа на раководителите на паралелка;<br>• Планови и програми на наставниците;<br>• Програма за воннаставни активности;<br>• Годишна програма за стручните активи;<br>• Посебни планови и програми на воспитно-образовна работа;<br>• Проект ЕКО училиште;<br>• Соработка со локална средина;<br>• Следење и евалуација на Годишната програма и<br>• Прилози (наставни планови по образовни профили, кодекси на однесување, куќен ред).<br>Развојни цели на училиштето во Годишните програми за работа на училиштето во последните две учебни години се:<br>учебна 2020/2021 година<br>1. **Организирање на натпревари во електронска форма од област на мултимедија**<br>2. **Организирање и реализација на обуки за наставници и стручни соработници**<br>3. **Зголемување на интересот на учениците за додатната настава**<br>4. **Екологија**<br>учебна 2021/2022 година<br>1. **Осовременување на реализација на наставата**<br>2. **Обезбедување систем за заштеда на електрична енергија**<br>3. **Формирање на заеднички тимови од училиште и стопанските субјекти**<br>4. **Екологија** |
| **Годишна програма за работа на педагогот во училиштето** | Согласно професионалните компетенции и стандарди на работа на училишниот педагог, оваа година како и претходната учебна година, со оглед на ситуацијата со пандемијата Ковид 19, приоритет во нашето работење ќе биде по претходно дадени препораки од надлежни институции да им се помогне на наставниците и учениците во совладување на новите принципи на реализација на наставата како и грижа за менталното здравје во специфични услови на работење, односно услови на пандемија.<br>Работата на училишниот педагог се темели на работа, соработка, поддршка и помош на сите чинители во воспитно-образовниот процес–учениците, наставниците, родителите/старателите.<br>Оваа учебна 2021/2022 година, во зависност од епидемиолошката состојба, препораките од Комисијата за заразни болести и одлуките на Владата, како и препораките Министерството за образование и наука ќе опфатиме |

| | |
|---|---|
| | модели на работа со физичко присуство и/или со работа од далечина, тековно одредувајќи ги формите и методите на работа.<br>Опфатот на работа на училишниот педагог во нашето училиште во услови на пандемија ќе се реализира преку следниве подрачја:<br>1. Работа со ученици<br>2. Работа со наставници<br>3. Работа со родители<br>4. Соработка со заедницата<br>5. Професионален развој и професиолна соработка на педагогот<br>6. Аналитичко- истражувачка работа на педагогот<br>7. Училишна структура и организација |
| **Програма за работа на активите** | Во програмата за работа на активиите се наведуваат активности за:<br>• Спроведување на самоевалуацијата на училиштето;<br>• Реализација на редовна, дополнителна и додатна настава;<br>• Следење на успехот и поведението на учениците;<br>• Меѓусебна соработка и соработка меѓу активите;<br>• Реализација на воннаставни активности;<br>• Подготовка и реализација на интерните испити за Државна матура и Завршен испит;<br>• Надминување на проблемите при релизација на планираните активности;<br>• Користење на компјутерска технологија во наставата;<br>• Состојба со наставни средства и помагала. |
| **Годишна програма за работа на секциите** | Заради состојбата со пандемијата Ковид 19, наставата во учебната 2020/2021 се реализираше online и од тие причини оваа учебна година не се реализираа активности во рамки на училишните секции. До стручната служба не беа доставениГодишни програми за работа на секциите. |
| **Годишен план за работа на Училишната заедница** | Училишната заедница е еден од најважните органи во организацијата и работата на училиштето.<br>За остварување на потребите на учениците и за реализирање на нивните права и должности, тие се организираат во училишни заедници на ниво на паралелка и притоа се избира претседател, замени и член, а потем и на ниво на училиште каде што членуваат претседателите на Училишните заедници на класовите. Оваа заедница со оформува на почетокот на учебната година. Во изработка на програмата за работата на Училишната заедница помага помошник-директор или стручните соработници во училиштето, а се усвојува од членовите на Училишната заедница на почетокот на учебната година.<br>Програмата содржи цели за разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците, реализацијата на воннаставни активности како и активности кои се однесуваат учениците од завршните години. Покрај целите во планот за работа поставени се и неколку задачи со кои се утврдуваат потешкотиите со кои се соочуваат учениците во наставата, причините кои влијаат на редовноста, формирање на матурски одбор, избор на фото студио за изработка на матурско табло, локација за одржување на матурската вечер, анализа на резултатите од спроведувањето на Државната матура и Завршен испит.<br>Во учебната 2020/2021 година бидејќи наставата се реализираше online заради епидемиолошката состојба со пандемијата Ковид 19, состаноци со Училишната заедница се реализираат два пати во текот на учебната година преку платформата Teams. |

| | |
|---|---|
| **Изјава за извршен избор на изборни наставни предмети** | Во текот на втора година на образованието, ученикот се информира за можниот избор на изборен предмет за трета, а во текот на трета година има можност за избор на наставен предмет кој ќе го изучува во четврта година. Ученикот го врши изборот според сопствените интереси и потреби.<br>Информација за изборни наставни предмети за трета и четврта година, родителите добиваат на родителска средба во второто полугодие од учебната година. Изјава за извршен избор на изборни наставни предмети добива секој ученик во која има листа на предмети согласно образовниот профил кои може да ги избере. На изјавата се потпишуваат и ученикот и родителот. |
| **Правилник за Државна матура / Завршен испит** | По завршувањето на четвртата година учениците полагаат Државна матура или Завршен испит согласно утврдената структура и начин во Концепцијата за Државна матура и Завршен испит во јавното средно образование, од 2015 год. |
| **Испитни програми за интерните испити за Државна матура иЗавршен испит** | Испитните програми за Државна матура и за Завршен испит се достапни на веб страната **http://www.matura.gov.mk**. На страницата се достапни листи на изборни наставни предмети (според струки и образовни профили), пријава за Државна матура (екстерни предмети), Концепцијата за Државна матура и Завршен испит во јавното средно образование, од 2015 год како и правилник за спроведување на Државната матура/Завршниот испит. Пријавата за интерните предмети од Државна матура и Завршен испит ги изработува училиштето и ги содржи сите потребни компоненти како и пријавата за екстерните испити од Државната матура. |
| **Изјава за извршен избор на тема за проектна задача за државна матура и завршен испит** | Во текот на второто полугодие во трета година на образованието, учениците пополнуваат изјава за извршен избор на тема и ментор за проектна задача за Државна матура и Завршен испит како и избор за Државна матура или Завршен испит.<br>За полагање на Државна матура и Завршен испит во јунскиот испитен рок, учениците се пријавуваат со поднесување на пријава најдоцна до 31 декември во тековната учебна година.<br>За полагање на Државна матура и Завршен испит во августовскиот испитен рок, учениците се пријавуваат со поднесување на пријава во рок од два дена по објавувањето на конечните резултати од јунскиот испитен рок. |
| **Испитни програми за премин од средно стручно образование со тригодишно во четиригодишно траење** | Редовните ученици со завршено средно стручно образование со тригодишно траење, имаат можност редовно да го продолжат своето образование во четврта година. За премин од средно стручно образование со тригодишно во четиригодишно траење, учениците полагаат испитни програми по пет предмети и се здобиваат со потврда за положени дополнителни испити. Испитните програми за општообразовните предметите се превземаат од веб страницата на БРО на линкот: http://bro.gov.mk/index.php?q=mk/ispitni-programi.<br>На почетокот на учебната година, во зависност од образовниот профил, во нашето училиште се издаваат два вида на решенија: за електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи и за електромеханичар, за премин во образовниот профил електротехничар енергетичар. Рокот за полагање на петте испитни програми се две испитни сесии, односно до крајот на првото полугодие. Потоа, на ученикот му се издава потврда за положени дополнителни испити.<br>Во учебната 2020/21 год. ваквата можност ја искористиле 10 ученици, додека пак во учебната 2021/2022 год. **13** ученици. |
| **Евиденција на реализирани воннаставни активности** | Воннаставните активности во нашето училиште се организираат така да овозможуваат учество на учениците во нивното планирање, реализација и презентација на резултатите.<br>Планираните активности ја потикнуваат соработката и интеракцијата меѓу учениците која го подобрува нивниот социјален развој, меѓусебно разбирање и подршка.<br>Во училишните секции, активностите се така планирани да кај учениците потикнуваат процес на истражување, експериментирање, самостојно откривање и креативност. |

Со оглед на ситуацијата со пандемијата Ковид 19, претходните две учебни години се реализираа активности во рамки на секциите според можностите, како на неколку активности во рамки на Секцијата по Англиски јазик, секцијата за спорт и неколку други секции.

Во учебната 2020/21 год. реализирани се најразлични активности: учество на натпревари, манифестации, акции, проекти, предавања, презентации, конкурси, кампањи, работилници и реализација на практична настава надвор од училиштето.

Реализирани беа следните активности по месеци:

**Ноември**

**02.11.2020**

По повод 3ти Ноември –денот на општина Гази Баба, СЕТУГС "Михајло Пупин", доби Благодарница од градоначалникот за поддршка и соработка со општината во справување со пандемијата Ковид 19 (монтажни punktови за дезинфекција на возила на територија на општина Гази Баба). Во овој проект учествуваа наставниците: Кирил Крстевски, Ивица Шпољариќ и хаусмајсторот Ангел Ивковски.

**Декември**

**01.12.2020**

По повод Денот на благодарноста, ученици од IV година под менторство на наставникот Моника Талеска, изработија видео запис преку кој ја искажаа својата благодарност кон дел од наставниците кои реализираат настава во нашето училиште.

**28.12.2020**

Учениците Дамјан Блажевски, Давид Пислевски и Кристијан Зафировски од III – 5 клас, креираа игра Space Dodger, која може да се најде и на Play store.

**Јануари**

**13-18.01.2020**

Онлајн обука за RVL платформа од Еразмус+ проект CORELA,– СЕТУГС МихајлоПупин и ДТК Смарт-тек. Учесници: Софија Темкова.

Обука на ученици Подготовка, организација и логистика за обука за ученици во склоп на Еразмус+ проект – Софија Темкова.

**14-15.01.2021**

Обука на наставници

Дисеминација на образовната платформа CORELA на наставниците: Слободанка Димковска, Миланчо Иванов, Андигони Миленковска, Андријана Мирчевска, Елена Стојановска, Обучувачи: Поликсена Митева и Наташа Божиновска (на виртуелната обука) и Анита К. Мијовска и Јелена Стојановиќ Јосифовска (на практичниот дел).

Подготовка, организација и логистика за обука за наставници во склоп на Еразмус+ проект – Софија Темкова.

**25.01.2021**

online обука на тема „Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина", во организација на МОН, БРО, учесници Даниела Сандева, Дијана Трајковска.

**Февруари**

| | |
|---|---|
| | **34-08.02.2021**<br>online обука на тема „Обука за спроведување на програма за ученичка компанија“, учесник Даниела Сандева.<br>**26.02.2020**<br>За почнаа активности за презентација на училиштето во основните училишта. Прво беа посетени основни училишта од следните градови и села: Виница, Делчево, Пехчево, Берово, Русиново, Валандово, Јосифово, Негорци, Гевгелија и Миравци. Важно да се напомене е дека секоја година ни се зголемува бројот на запишани ученици од овој дел од Македонија. Презентациите и промоцијата на училиштето ќе продолжат да се реализираат и на ниво на Град Скопје и во други градови се до денот на уписите на учениците во прва година.<br><br>**<u>Март</u>**<br>**20.03.2021**<br>Општински натпревари по англиски јазик од прва година Андреј Даневски 1-3 освои III место (ментор Тања Ивановска), за учениците од трета година во организација на ЕЛТАМ, Аријан Јакшиќ освои II место а МаркоТодоровски само учество (ментор Моника Талеска).<br><br>Подготовка на ученици и учество на училишен натпревар „Изработка на постер“, „Најдобра фотографија“, „Кариерно портфолио“ – ментор Дијана Трајковска, „Изработка на постер“ Марко Атанасов – ментор Наташа Божиновска, Давор Младеновски – ментор Поликсена Митева,„Филм“Мелик Вишко – ментор Наташа Божиновска,„WEBстрана“ два тима: 1. Мартин Томашевски, Александар Јанев и Александар Славковски (од 3-4 клас освоија прво место) 2. Стефан Ристоски и Андреј Велков од 3-6, 3.Бојан Ивановски, Давид Мартиноски Исоски и Марио Пшенко од 3-5– ментор Поликсена Митева<br>**23.03.2021**<br>Организација и одржување на школски натпревар за стручните предмети. Учество зедоа учениците Андреј Антов и Мартин Јовановски (енергетика), ментори: Андигони Миленковска, За жал поради целата ситуација регионалниот и државниот натпревар беше откажан.<br>**25.03.2021**<br>Организација и реализација на училишниот натпревар. На натпреварот учествуваа учениците Ана Индовска и Марија Латиновска, од трета година. Подобар резултат имаше Ана Индовска и таа требаше да учествува на регионалниот и државниот натпревар на електротехничките училишта од Р. С. Македонија. Но, поради пандемијата со Covid-19, овие натпревари не се одржаа. Ментори: Маленко Татјана и Даниела Сандева.<br>**01-20.03.2021**<br>Подготовка на учениците Лука Иванов Мартин Милчевски за регионален и државен натпревар со практичен функционален труд, ментор Наташа Божиновска.<br>**19-30.03.2021**<br>Дополнителна обука за спроведување на програмата за Ученички компании со посебен фокус на бизнис планот во компанискиот извештај, учесник Наташа Божиновска.<br><br>**<u>Април</u>**<br>**12.04.2021**<br>Онлајн презентација за новата Еразмус+ програма 2021-2027 - Клучна акција 1 –<u>Мобилност и за учење на индивидуи, Училишно образование, стручно образование и</u> обука – ВЕТ и образование за <u>возрасни</u>, Национална |

| | |
|---|---|
| | агенција за европски образовни програми и мобилност. Презентери: Софија Темкова, Наташа Божиновска, Ана Б. Коколанска, Анита К. Мијовска, Јелена С. Јосифовска, Поликсена Митева.<br>**17.03-20.04.2021**<br>Изработка на проектна апликација „Зелено паметно ученичко катче" во рамките на „ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ#4 -ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ" во организација на ФИТР. Учесници: Матеј Стојчески, Томи Златковски,Марко Петрески,Јован Колевски, Дори Иванова.Ментор Наташа Божиновска и Кирил Крстевски.<br>**17.04.2021**<br>Регионален натпревар по англиски јазик за учениците од прва година Андреј Даневски 1-3освои III место (ментор Тања Ивановска), од трета година во организација на ЕЛТАМ, Аријан Јакшиќ освои I место (ментор Моника Талеска)<br>**22.04.2021**<br>Успешно завршување на Проектот: Project collaborative learning platform with integrated remote laboratory environment in VET- CORELA на виртуелен настан на платформа Zoom, пред наставници од ОСТУ Наце Буѓони-Куманово, СОУ Никола Карев-Струмица, СОСУ Илинден, ССОУ „Коле Неделковски"-Велес. Презентери: Поликсена Митева, Наташа Божиновска, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Анита Кокочева Мијовска, Ана Бимбилоска Коколанска. Настанот го организираше и водеше Димитар Ѓорѓиев и Софија Темкова.<br>**23.04.2021**<br>Со оглед на тоа дека од новата учебна година ќе стартуваат две нови дуални паралелки од образовните профили: Електротехничар енергетичар и Електромеханичар, во просториите на училиштето се потпиша договор за соработка со четири нови компании со кои училиштето ќе соработува во иднина, а со цел поквалитетна настава и вработување на учениците. Тоа се компаниите: ЕСМ (ЕЛЕМ) Македонија, Раде Кончар контактори и релеи, МАСАК и Либерти. На чинот на потпишување на договорите во училиптето беше присутна и министерката за образование и наука г-ѓа Мила Царовска од која имаме безрезервна поддршка како училиште.<br>**23.04.2021**<br>КрводарителскаакцијавосоработкасоЦрвенКрст, општинаГазиБаба, реализиранавопросториитенаДареЏамбаз, 8 крводарители.<br><br>**23-24.04.2021**<br>Учество на МАССУМ ученици: Марко Атанасов, Мелик Вишко – ментор Наташа Божиновска, Пепита Тодорова ментор Елизабета Бошковска Стамевска, Сотир Собарлиев – ментор Дијана Трајковска, Дамјан Блажевски – ментор Ангелка Андрески,Александар Јанев, Александар Славковски и Мартин Томашевски – ментор Поликсена Митева<br>Подготовка, организација, координација и реализација на Образовно Рандеву 2021 за МАССУМ со учество во 8 категории – Софија Темкова<br><br>**<u>Мај</u>**<br>**10-31.05.2021**<br>Активности во рамките на националниот натпревар на ученички компании, во организација на USAID, Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) и JA Macedonia (сертификат). Учесници: МатејСтојчески, ТомиЗлатковски, МаркоПетрески,Јован Колевски, Дори Иванова. Ментор Наташа Божиновска<br>**11.05.2021**<br>online работилница на тема „Примена на роботиката во современата медицина", учесник Даниела Сандева.<br>**15.05.2021**<br>Државеннатпреварпоанглискијазикзаучениците одтретагодинавоорганизацијана ЕЛТАМ, АријанЈакшиќсамоучество. |

| | |
|---|---|
| | **18.05.2021**<br>Национален натпреварнаученичкикомпаниизаучебната 2020/2021 година, ученици Јован Колевски, Матеј Стојчески, Дори Иванова, Михаела Петровска и Томи Златковски, ментор Наташа Божиновска<br>**26.05.2021**<br>Организација на Отворен ден на училиштето во тимот за штанд за образовен профил Електротехничар за електроника и телекомуникации (учество Софија Темкова). Исто така беа поставени штандови за сите образовни профили.<br>**19-30.05.2021**<br>Државен натпревар МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ 2021, Ученик Сотир Собралиев од четврта година, под менторство на Татјана Маленко со Web страна ПРОФЕСИОНАЛНО ПОРТФОЛИО и доби признание за учество на натпреварот.Ученик Стефан Десподов освои 3 место, ментор Даниела Сандева<br><br>**<u>Јуни</u>**<br>**01.06.2021**<br>СЕТУГС "Михајло Пупин" – Скопје е првото училиште кое дава изјава за реномираниот странски медиум BBC од страна на директорот Димитар Ѓорѓиев за дуалните паралелки во нашето училиште.<br>**04.06.2021**<br>Презентација на истражувачкиот проект „Зелено еко катче"учествонајавниотповик „Предизвикзамладиистражувачи 4 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ" во организација на Фондотзаиновации и технолошкиразвој, ученици Јован Колевски, Матеј Стојчески, Дори Иванова, Михаела Петровска, Марко Петрески и Томи Златковски, ментор Наташа Божиновска<br>**06.06.2021**<br>Потпишан меморандум за соработка со ЕТШ "Михајло Пупин" од Нови Сад – Р.Србија, која ќе започне во месец Септември со размена на најдобрите ученици, размена на професори и нивни предавања во двете училишта, заеднички обуки за наставниците, аплицирање во заеднички проекти, размена на искуства и идеи во дуалното образование.<br>**08.06.2021**<br>Обука на наставници на тема „Создавање на деловни партнерства помеѓу компаниите и стручните училишта" во организација на фондацијата „Никола Кљусев" во рамки на проект Еразмус+. Проектот е поддржан одЕвропскатакомисија и Националнатаагенцијазаевропскиобразовнипрограми и мобилност.Учесници: Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески и Дијана Трајковска.<br>**09.06.2021**<br>Обука на учениците: Јован Колевски, Виктор Малезански, Стефан Велков, Тимотеј Ристески и Ангел Блажевски за реализација на пракса во компанијата Телеком во организација на фондацијата „Никола Кљусев" во рамки на проект Еразмус+. Проектот е поддржанодЕвропскатакомисија и Националнатаагенцијазаевропскиобразовнипрограми и мобилност.<br>**09.06.2021**<br>Потпишан меморандум за соработка со компанијата А1 Македонија. Разговарано е за стартување на дуална паралелка од образовниот профил Електротехничар за електроника и телекомуникации од следната учебна година.<br>**09-14.06.2021**<br>Работилница одржана на платформата ZOOM за изработка на проект „Програмабилен мобилен мерен инструмент за следење на концентрација на стакленички гасови", учесници: Филип Ивановски, Бајрам Максути и Бојан Трајчевски, ученици од втора година под менторство на Ефтим Пејовски |

| | |
|---|---|
| | **22.06.2021**<br>Одобрен проект “Европски компетенции за реализирање пракса во фирми од електротехничка струка во Португалија”, на кој ќе учествуваат 5 најдобро рангирани ученици и еден професор.<br>**14-28.06.2021**<br>Практична обука на учениците Јован Колевски, Тимотеј Ристески, Стефан Велков, Ангел Блажевски и Виктор Малезански во Телеком, во рамки на проект Еразмус + „Создавањенаделовнипартнерствапомеѓукомпаниите и стручнитеучилишта“ во партнерство со Фондација Никола Кљусев<br><br>**<u>Јули</u>**<br>**07.07.2021**<br>Обукатазанаставнициодсредноoбразованиенатемите: социјално, зелено, претприемништво иодржливразвој, организираноод Агенцијазаподдршканапретприемништвона РСМ и УАКС Институтотзапретприемништво и лидерскиразвој)одржанана УАКС, учесник Даниела Сандева.<br><br>Ментори Даниела Сандева и Поликсена Митева на ученици за MOS и ACA натпреварите<br><br>Во учебната 2021/22 год. реализирани беа следните активности по месеци:<br><br>**23.08.2021 година**<br>Присуство на наставниот кадар на работилница на тема „Современиконцепциинасредноoбразование – Новатаулогананаставникот и новитестратегиизапоучување и учење“, ОбукаорганизиранаодАкадемија Ц.Е.С. Прва академија за образование на возрасни, БРО<br><br>**25-27.08.2021 година**<br>Тренингсо физичко присуство на наставник Наташа Божиновска заучилишенкоординатор, Модул 3, одпроектот „Училиштетосесреќавасокомпаниите“ наавстрискотоФедералноМинистерствозаобразование, наука и истражување, восоработкасонашетоМинистерствозаобразование и наука и ЦентаротзаСтручноОбразование и Обука.<br><br>**<u>Септември</u>**<br>**09.09.2021 година**<br>Координативен состанок за ПИСА2022 на платформата ZOOM. Запознавање со начинот на реализација на тестирањето, како и избор на ученици ќе бидат опфатени. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**09.09.2021 година**<br>Подготвителен состанок на Анѓелка Андрески со учениците одбрани за учество во Еразмус+проектотЕвропскикомптенциисореферентенброј 2020-1-МК01-КА102-077584. Состанокотговодешепроф. АнѓелкаАндрески, а присутнибеаучениците АнаИндовска, АлександарЈанев, ДаворМладеновски, МаријаЛатиновска и Мартин Томашевски.<br><br>**16.09.2021 година**<br>Учество на педагог Фросина Спасевска Микулчиќ на семинар за Демократски практики за активно учество на учениците и наставниците во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | **21.09 – 05.10.2021 (2 седмици)**<br>Реализирана мобилност во рамки на Еразмус + проект во Повоа Де Варзим Португалија, на наставник Анѓелка Андрески со 5 ученици од IV година,заедно со уште 4 други училишта. Реализирана двонеделна практична обука на ученици во компании од струката во Португалија.<br><br>**21.09.2021**<br>PISA 2021 Пробно тестирање на ученици, организирано од Државен испитен центар.<br><br>**<u>Октомври</u>**<br><br>**13.10.2021 година**, прв дел<br>Обукана педагог Фросина Спасевска Микулчиќ на тема „Подобрувањенаквалитетотнаподатоците и зајакнувањенакреирањетонаполитиките“<br><br>**13.10.2021 година**<br>Учество на Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески и Дијана Трајковска на конференцијата “School business alliance conference” во организација на Фондација „Никола Кљусев“<br><br>**17.10.2021 година**<br>Учество на Анѓелка Андрески за подготовка на Еразмус+ проекти клучна акција 2 во траење од 3 часа и во организација на Здружение за дислексија „Ајнштајн“<br><br>**19.10.2021 година**, втор дел<br>Обукана педагог Фросина Спасевска Микулчиќ на тема „Подобрувањенаквалитетотнаподатоците и зајакнувањенакреирањетонаполитиките“<br><br>**21.10.2021 година**<br>На работната средба, директорот Димитар Ѓорѓиев и директорот на ЕТШ „Михајло Пупин“ од Нови Саддоговорија размена на ученици и наставници и ја посетија компанијата Костал од Охрид.<br><br>**27.10.2021 година**<br>Одржана работилница и дониран 3Д принтер од страна на тимот наM3DSAкадемијата и договорена е едукација на ученици и наставници на тема 3Д принтер.<br><br>**27.10.2021 година**<br>Присуство на педагог Фросина Спасевска Микулчиќ на предавање на тема: „Менталноздравје – Какодасесправимесосекојдневниотстрес“?Презентер: Алармзасвест, Д-р Спец. ЉубинкаСпиркоска<br><br>**<u>Ноември</u>** |

| | |
|---|---|
| | **03.11.2021 година**<br>ДисеминацијанапроектотЕвропскикомпетенции – ЕУКОМП, од страна на Анѓелка Андрески, која го предводеше тимот од 5 ученици во Повоа Де Варзим, Португалија<br><br>**08-10.11.2021 година**<br>На меѓународната изложба на трудови Макинова 2021 ученикот Марјан Багевски под менторство на наставник Наташа Божиновска е парично награден за иновативниот труд. Исто така, учениците Мартин Милчевски и Лука Дамјанов под менторство на наставник Даниела Сандева добија парична награда.<br><br>**10.11.2021 година**<br>Учество на Анѓелка Андрески на обука за подготовка на Еразмус+ проекти клучна акција 1 во траење од 3 часа и во организација на Здружение за дислексија „Ајнштајн“.<br><br>**17.11.2021 година**<br>Учество на Анѓелка Андрески на обука за подготовка на Еразмус+ проекти клучна акција 2 во траење од 3 часа и во организација на Здружение за дислексија „Ајнштајн“.<br><br>**22.11.2021 година**<br>Здружението на граѓани Еко Логик, во рамки на тековните активности, организира настан за<br>промоција на социјално претприемништво фокусирајќи се на зелените аспекти и решенија.<br>Целтананастанот беше споделувањенареализиранитеактивностиворамкинапроектот“Making Learning Fun and Ecological“, (финансиранодЕразмус+ програма), односно, едукативни материјали, алатка и вебплатформа.Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**25.11.2021 година**<br>Тимот за професионален развој од училиште, присуствуваше на обуката за превенција и спречување на трговија со деца.Обукатабеше интерактивна,сокомбинацијаодпредавања и презентации, практични вежби (работилници),студиинаслучај, прикажувањенаедукативнифилмови, практичнапримензнаназнаењата,притоаземајќигивопредвиднадлежноститенаучилиштето, како и наставниците истручнитесоработници. Тимот за професионален развој: Татјана Маленко, Наташа Божиновска, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ленче Спасовска и Ана Бимбиловска Коколанска<br><br>**9-11 и 22-23 Ноември 2021**<br>The Mediterranean Coast and EU Macro-regional Strategies Week 2021. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**Ноември 2021 година**<br>Институтот за човекови права: Спроведувањенаанкетии прашалнициворамкитенапроектот „Заштитаоддискриминација, булинг и говорнаомраза”.Институтот за човекови права од април 2021 година започна со имплементација на проектот „Примена на пристапот заснован на човекови права за време на КОВИД-19 кризата” со поддршка од Balkan Trust for Democracy, проект финансиран од German Marshall Fund на САД и УСАИД. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**21.11-27.11.2021година** |

| | |
|---|---|
| | Тим лидер на мобилност во рамки на Еразмус+ проект во Ороклини, Кипар, учество во проект We Blend Tolerance Using Web2.0 Tools, домаќин NGO Argonaftes, Oroklini, Cyprus – Анѓелка Андрески<br><br>**24.11.2021 година**<br>Работен состанок на директорот Димитар Ѓорѓиев и помошник директор Наташа Божиновска со претставници од 18 компании и советникот на сектор електротехника Зоран Јовчевски.<br><br>**27 и 28.11.2021 година**<br>Деновинапсихологијатана Меѓународен Славјански Универзитет.Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**29.11.2021 година**<br>Учество на педагог Фросина Спасевска Микулчиќ на еднодневната работилница наменета за наставници од основните и средните училишта во рамките на проектот „Градење на капацитети на воспитно образовниот кадар и учениците зазелени иновации и одржлив развој" поддржан од Град Скопје, во организација на Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење – Скопје.<br><br>**29.11.2021 година**<br>Онлајнработилницана MS TEAMS платформатаМодул 1: „Претприемачко учење и развој на наставни методи за поттикнување зелени иновации". Присутни: Елена Миткова Јовановска<br><br>**29.11.2021 година**<br>Состаноци во работна група во МОН наставник Анѓелка Андрески (август – ноември – пристап до Oracle курикулуми).<br><br>**<u>Декември</u>**<br><br>**01.12.2021 година**<br>Директорот Димитар Ѓорѓиев со група ученици во живо го промовираа училиштето за учебна 2022/2023 година на „Дигитален саем за средно стручно образование".<br><br>**02.12.2021 година**<br>Директорот Димитар Ѓорѓиев беше домаќин на висока делегација во состав од Министер и помошник Министер за образование, наука, култура и спорт, помошник на Министер за труд и социјална политика и претседателот на стопанската комора на Босна и Херцеговина од Зеничко-Добојскиот кантон. На средбата се разменија идеи и искуства за стручното образование и обука насочено кон потребите на пазарот на трудот.<br><br>**07.12.2021 година**<br>Тимот на Мировен корпус одржаВиртуелнаработилницабр.1: Наставанасоченаконученикот. Присутни педагог Фросина Спасевска Микулчиќ,Дијана Трајковска<br><br>**14.12.2021 година** |

| | |
|---|---|
| | Тимот на Мировен корпус одржаВиртуелнаработилницабр.2: Менаџирање на наставниот час. ПрисутниНаташа Божиновска, Дијана Трајковска<br><br>**14.12.2021 година**<br>"Црвен Крст – Работилница за родители и наставници" Фокусгрупа:родители и наставници. Тема: Ковид-19 вакцинација – митови и факти. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**15.12.2021 година**<br>Директорот Димитар Ѓорѓиев беше говорник на првата регионална конференција на западен Балкан како претставник на училиштето, присутен гостин Наташа Божиновска.<br><br>**16.–17.12.2021 година**<br>Учество на наставник Наташа Божиновска на обука за спроведување на програмата за ученички компании на тема „Зелени бизниси“, во Велес, во организација на Јуниор Ачивмент Македонија,подржано од USAID, Фонд за иновации и технолошки развој.<br><br>**17.12.2021 година**<br>Учество на помошник директор Наташа Божиновска на годишното СобраниетонаЗдружениетонаелектротехнички, машински и сообраќајниучилиштана Р. С. Македонија, во Велес, во присуство на советниците на струките и директори од сите стручни училишта од секторите електротехника, машинство и сообраќај, транспорт и складирање.<br><br>**23.12. 2021 година**<br>Тимот на Мировен корпус одржаВиртуелнаработилницабр.2: “Менаџирање нанаставниот час”. Присутни педагог Фросина Спасевска Микулчиќ, наставник Наташа Божиновска<br><br>**23.12.2021 година**<br>Активности, споделенинаонлајнZOOMнастан, организирано од ЗдружениетонаграѓаниЕкоЛогикворамкина “ВелоУчилишта“ и “Училиштезаодрживразвој“, кое спроведеанкетапомеѓусредношколцитенанивонаГрадСкопје, вонасоканаприкажувањезакористењето и истовременопознавањатанатематавелосипедизамнасредношколците, како и нивнитепредизвицисокоисоочуваатвосекојдневиетопривозењетонавелосипед. Истотака, изминатиотпериодбеаподготвуваниедукативнивидеакоинаинтересенначингодоближуваатзначењетонавозењевелосипед. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**28.12.2021 година**<br>Ученикот АлександарЈанев, под менторство на наставник Дијана Трајковска,едобитникна прва награда - iPhoneна натпреварот „Мојтрудмоиправа“ во времетраење од два месеца, цел на натпреварот: промоција на веб страна.<br><br>**Декември 2021 година**<br>ЗдружениетонаГраѓаниЕкоЛогикподготвипрашалниккојимашезацелданигопретставимислењетонасредношколците нанивонаГрадСкопјезакористењетонавелосипедоткакоалтернативнопревозносредство, |

| | |
|---|---|
| | нивнитепредизвицисокоисоочуваатвосекојдневиетопривозењетонавелосипед, како и инфраструктуратаво и околунивнитеучилишта. Реализирал педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**Декември 2021 година**<br>Проектот **“**Твои права @ работа” во чии рамки се одржуваат вебинари за правата кои произлегуваат од работниот однос, а се однесуваат на учениците во средните училишта низ нашата држава. Проектот “Твои права @ работа” како дел од кампањата “Мој труд, мои права” е имплементиран од страна на Меѓународната организација на трудот (ILO – International LabourOrganisation) и финансиран од страна на Европската Унија. Педагог Фросина Спасевска Микулчиќ<br><br>**Декември 2021 година**<br>Подготовка на училишен натпревар за Лидер на струка. Андријана Мирчевска<br>Подготовка на прашања и задача од предметот Објектно ориентирано програмирање за училишниот натпревар Лидер на струка – Анѓелка Андрески<br><br>**Септември-Декември 2021 година**<br>Учество на наставниците Слободанка Димковска и Ивица Шпољариќ во проектот „Виртуелна реалност во средните стручни училишта“.<br><br>**Септември-Декември 2021 година**<br>Континуирано одржување и ажурирање на училишната веб страна од страна на наставник Анѓелка Андрески<br><br>**<u>Јануари</u>**<br><br>**25.01.2022 година**<br>Онлајн обука на тема „Безбедност и здравје при работа“ во организација на ЦСОО. Учесник: Наташа Божиновска<br>**<u>Февруари</u>**<br><br>**02.2022 година.**<br>На работната средба со посета во БИХ во Градот Зеница , директорот Димитар Ѓорѓиев и директорите на Техничка школа Зеница и Средња стручна школа Зеница потпишаамеморандум за сорљаботка помеѓу училиштата во седиштето на владата на Зеничко – Добојски кантон.<br>**<u>Март</u>**<br><br>**19.03.2022 година**<br>Општински натпревар по англиски јазик - одржан во СУГС Орце Николов- учествуваа учениците Мила Тодорова( I-2клас) и Петар Харлампиев(I-3 клас). Мила Тодорова освои второ место. Петар Харлампиев трето. Ментор Даниела Сапаловска<br><br>**24.03.2022 година**<br>Самит за професионален развој преку искуства за учење и ресурси за едукатори „Theacher Tech Summit“во организација на JA Worldwide. Учесник: Наташа Божиновска |

| | |
|---|---|
| | **25.03.2022 година**<br>Учество на Регионален натпревар за Електротехнички, машински и сообраќајни училишта во ОСТУ “Гостивар” – Гостивар. Ученици: Стефан Велков и Виктор Фидановски, ментори: Андријана Мирчевска и Јелена С. Јосифовска<br><br>**29.03.2022 година**<br>Учество на конференција „Work based learning in Macedonia“во организација на Фондацијата „Никола Кљусев“, VET WBL, Erasmus+. Учесници: Наташа Божиновска и Дијана Трајковска со учениците Јован Колевски и Ангел Блажевски<br><br>**<u>Април</u>**<br><br>**12.04.2022 година**<br>Учество на 100 ученика од прва и втора година на меѓународно тестирање ПИСА<br><br>**<u>Мај</u>**<br><br>**06.05.2022 година**<br>XXXIX Државни натпревари за електротехнички, машински и сообраќајни училишта се одржаа во ССОУ "Коле Неделковски" во Велес. Ученици: Стефан Велков и Виктор Фиданоски, ментори: Андријана Мирчевска и Јелена С. Јосифовска<br>Учество на ученици со трудови: Котев Бојан од 4-5 клас (8 место), Бојан Ивановски и Давид Мартиновски-Исоски од 4-5 клас (6 место), Мартин Милчевски и Лука Дамјанов од 3-4 клас (1 место) под менторство на Даниела Сандева<br><br>**06.05.2022 година**<br>Учество на манифестацијата „Образовно рандеву 2022 година— во организација на МАССУМ (Младинска асоцијација на средни стручни училишта во Македонија) во Велес: во категорија веб страна ментор Поликсена Митева со учениците: Тимотеј Ристевски, Ангел Блажевски и Александар Димитријевски; во категорија јавно говорење ментор Елица Лазаревска со ученикот: Георгина Алексовска, категорија најдобра песна ментор Елизабета Стамевска со учениците: Пепита Тодорова и ДаниелаЈованова<br><br>**07.05.2022 година**<br>На регионален натпревар по англиски јазикучествуваше ученикот Петар Харлампиев- освои 2-ро место и се пласираше на државен натпревар по англиски јазик.Ментор Даниела Сапаловска<br><br>**09-10.05.2022 година**<br>Учество на работилница: РАЗВОЈНИ МИКРОПРОЦЕСОРСКИ СИСТЕМИ која се одржа на ФЕИТ, во организација на Логинг Електроникс и ФЕТИ. На настанот имаше презентации на изработени проекти, натпревар, предавања од гости и отворена дискусија. Учествуваа професори и ученици од 9 електротехнички училишта од Македонија.Учесници Наташа Божиновска, Софија Темкова, Стефана Христовска и Јелена С. Јосифовска, со учениците: Давид Костовски, Матеј Згонц, Мартин Кузмановски и Матеј Николовски<br><br>**09-10.05.2022 година** |

| | |
|---|---|
| | Учествона фудбалски натпревар под наслов „Мултиетничка интеграција“ помеѓу екипи од училиштата СУГС “Владо Тасевски“ и нашето училиште, на кој учествуваа ученици од различни мултиетнички заедници. Ментор: Илија Ристовски<br><br>**12-13.05.2022 година**<br>Во нашето училиште се одржа манифестацијата „Денови на електротехника 2022 година“. На настанот учествуваа 12 основни училишта на Град Скопје и 2 училишта од Босилево-Струмица и од Македонска Каменица со вкупно 42 ученици и 14 ментори.<br>Организација на Денови на електротехника, изработка на тест прашања за натпревар на македонски и албански јазик, изработка на квиз и организација на квизот – Сандра Ивановска<br>Учениците Б. Котев, М. Пшенко и Н. Божиновски под менторство на Поликсена Митева изработија програми за квиз, асоцијација и калкулатор за бодови за потребите на манифестацијата „Денови на електротехника 2022 година“.<br><br>**14.05.2022 година**<br>Отворен ден на училиштето и формирање на тимови за запознавање на учениците од основните училишта со струките во училиштето<br><br>**17.05.2022 година**<br>Учество на координаторот за практична обука Наташа Божиновска на„Регионален проект за обезбедување квалитет за работата на координаторите за врски со компаниите“ во организација на OeAD и МОН<br><br>**17.05.2022 година**<br>Учество на трибина на тема „Вештини за зелен град“ кој се организира во рамки на Проектот “Европска платформа за извонредност за зелени иновации и стручно образование и обука – GREENOVET” и иницијативата „Европска недела на стручни вештини“. Учесници: Наташа Божиновска, Анита К. Мијовска и Ленче Спасовска<br><br>**17.05.2022 година**<br>На државен натпревар по англиски јазик, кој се одржа во Американ Колеџ, учествуваше ученикот Петар Харлампиев од I- 3 клас. Ментор Даниела Сапаловска<br><br>**20.05.2022 година**<br>Педагогот на училиштето Ленче Спасовска и директорот Димитар Ѓорѓиев гостуваа во утринска на Телма на тема трендот за уписи во средните стручни училишта<br><br>**26-27.05.2022 година**<br>Учество на Националниот натпревар на најдобри ученички компании за учебната 2021/2022 година организиран од Џуниор Ачивмент. Ученици кои беа вклучени се: Фидан Маџоски 2-2 клас, Дори Иванова 2-5, Дијана Бошкоска 2-5, Горјан Јанковски 2-4 и Никола Атанасоски 2-5. Натпреварот се реализираше во просториите на Хотел Дрим во Струга. На првиот ден од натпреварот имаше сценски презентации на ученичките компании пред жири комисија, а на вториот ден беа поставени штандови и имаше промоција на ученичките компании на штандови пред жири комисија и јавност. На натпреварот учествуваа 20 ученички компании од средни училишта од Македонија. |

| | |
|---|---|
| **Додатна и дополнителна настава** | Во учебната 2020/2021 година, согласно Законот за средното образование се организираше и спроведуваше дополнителна и додатна настава, но оваа учебна година согласно препораките за заштита од пандемијата Ковид 19, се реализираше online, односно преку далечинско учење на националната платформа MS Teams. Водејќи се од досегашното искуство за организирање и реализирање дополнителна настава, која е поддржана и од родителите, и оваа година се реализираше плански со точно утврдени термини дефинирани од страна на предметните наставници.<br>Со распоредот за одржување на дополнителната и додатната настава, училиштето ги информираше учениците преку класните раководители, предметните наставници и стручната служба. Педагошко-психолошката служба во рамки на своите работни задачи реализираше посета на часови, два пати во текот на учебната година, односно по еднаш во секое полугодите. Покрај следење на редовната настава, исто така акцент беше ставен и на реализација на додатна и дополнителна настава. Во однос на реализација на овој вид настава, беше укажано дека треба редовно да се реализира и евидентира во Дневниците за работа на паралелка.<br>Консултациите и другите форми на помош за подготвување на учениците за полагање на поправните испити се организираа во планираните рокови според Календарот за работа на јавните училишта како и пред секоја сесија за вонредните испити во предвидените рокови, согласно препораките за заштита од вирусот Ковид 19. |

| Собирање на податоци*Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)* | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Интервју** | **Ленче Спасовска – педагог во училиштето и Моника Талеска- одговорен наставник за секција по англиски јазик** | Во последните две учебни години во училиштето реализирани се активности само во рамки на секцијата по англиски јазик.<br><br>**Секција по англиски јазик – одговорен наставник Моника Талеска**<br><br>За постоењето и работата на секцијата по англиски јазик, одговорниот наставник лично ги информира учениците.<br>Во класовите од прва и втора година интересот е секогаш поголем, иако и учениците од трета и четврта година во помал број пројавуваат желба за учество во секцијата.<br>Секоја година се изработува годишен план за работа, а во планирањето се земени во предвид желбите и интересите на учениците.<br>Основните цели и задачи на секцијата по англиски јазик се пред се’, проширување на знаењата од областа на англискиот јазик и култура, но и поттикнување на креативноста како и мотивирање на учениците на сопствено изразување.<br>Во учебната 2020/2021 заради пандемијата Ковид 19, наставата се реализираше online и за жал немаше многу можност за работа со учениците, освен неколку online средби.<br>Во учебната 2021/2022 година, учениците најинтезивно работеа на одбележување на празници значајни за англискита култура со сопствени идејни решенија и оплеменување на училниците со нагледни средства, со цел разубавување на просторот во кабинетите по англиски јазик, ходниците и холовите во училиштето. |
| **Интервју** | **Ленче Спасовска – педагог во училиштето и Драган Илиевски - наставник кој реализира содржини програмирани од училиштето** | **Интервју со наставникДраган Илиевски**<br>Во учебната 2020/2021 година реализирани се содржини во рамки на слободни часови на училиштето одобласта „Мир, толеранција и заштита“ во паралелки од трета и четврта година. Програмата ја реализирам според однапред подготвена наставна програма одобрена од БРО. Сите ученици ја реализираат проектната активност со изработка на проекти со различни теми.<br>Во учебната 2021/2022 година согласно новите реформирани наставни програми, реализирани се содржини во рамки на слободни часови на училиштето одобласта „Мир, толеранција и заштита“ во три паралелки од четврта година по програми одобрени од Бирото за развој на образованието. Сите ученици ја реализираат проектната активност со изработка на проекти со различни теми.<br>Додека пак во втора и трета година се реализира Програмата за **содржини програмирани од училиштето.**Наставните програми за содржини програмирани од училиштето се одобрени од ЦСОО (Центар за стручно образование и обука). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Активностите се реализирани во пет паралелки од трета година согласно наставната програма “Подготовка за вработување и работа” и две паралелки од втора година по наставна програма “Планирање на кариера”. |
| **Интервју** | **Со Анѓелка Андрески наставник одговорен за WEB страната на училиштето** | WEB страната на училиштето е изработена од учениците и се ажурира редовно, во зависност од настаните, манифестациите и активностите кои се поврзани со нашето училиште. По потреба се вршат и корекции во дизајн. |
| **Прашалници за ученици** | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | За анализа на наставните планови и програми анкетирани беа 100 ученици.<br>1. Според направената анализа за наставните планови и програми, 58 % од учениците сметаат дека е значајно наставните содржини да се во согласност со нивните очекувања и интереси, а 68% од анкетираните ученицисметаат дека тоа делумно е присутно во наставата.<br>2. 55% од анкетираните ученици сметаат дека е многу значајно користењето на современи интерактивни методи техникипри реализација на наставата, а 34% дека е значајно. 60% од анкетираните ученици сметаат дека делумно се користат современи интерактивни методи техники во наставата, а 25% дека воопшто не се користат.<br>3. Во однос на прашањето за совладување на наставните содржини за време на часовите, 54% од учениците одговориле дека тоа е многу значајно, а 39% дека е значајно. Во пракса 51% сметаат дека е делумно присутно, а 32% од анкетираните ученици сметаат дека е присутно во целост.<br>4. Во врска со редовното посетување дополнителна настава, 40% од анкетираните ученици се изјасниле дека е значајно, а 34% дека не е значајно. Во пракса 61% одговориле дека не присуствуваат на дополнителна настава, а 20% дека делумно реализираат дополнитена настава.<br>5. 48% од анкетираните ученицисметаат дека е значајно, а 34% дека е многу значајно влијанието од реализацијата на дополнителна настава во совладување на наставните содржини.Во однос на тоа колку посетата на ваков вид настава им влијае во полесно совладување на наставните содржини 48% од учениците одговориле делумно, а 33 % во целост.<br>6. Во врска со редовното посетување додатна настава, 52% од анкетираните ученици се изјасниле дека е незначајно, а 27% дека е значајно. Во пракса 65% одговориле дека не присуствуваат на додатна настава, а 21% дека делумно присуствуваат на додатна настава.<br>7. Во однос на тврдењето дека реализацијата на додатна настава е интерсна и овозможува проширување на знаењата, 51% од учениците одговориле дека е значајно, а 30% дека не е значајно. 53% сметаат дека во пракса тоа е делумно застапено, а 30 % дека не е присутно<br>8. 48% од анкетираните ученици сметаат дека е многу значајно да бидат запознаени со воннаставните активности кои ги организира училиштето, а 42 % дека е значајно. 48% од учениците се делумно запознаени со воннаставните активности, а 30% не се запознаени со воннаставните активности кои се организираат во училиштето. |

9. На прашањето дали вонnаставните активности одговараат на интересите од учениците, 50% одговориле е значајно, а 33% дека е многу значајно. 68% одговориле дека делумно е присутно горенаведеното тврдење, а 22% дека не е присутно.
10. 42% од учениците сметаат дека е многу значајно да се учествува во училишна секција, а 33 % дека е значајно. Анкетираните ученици одговориле дека 54% не учествуваат во секции, а 28% дека делумно учествуваат во секција.
11. Активното учество во изборот и планирањето на работата на вонnаставните активности според мислењето од учениците е дека е значајно на што одговориле 45%, а 28% одговориле дека е незначајно.Во однос на тоа дали учествуваат во планирање на овој вид активности, 55% од акнетираните ученици одговориле дека не учествуваат, а 35% дека делумно учествуваат.
12. Наставниците го развиваат мојот натпреварувачки дух и ме охрабруваат да учествувам на натпревари - на ова тврдење 56% одговориле дека е значајно, а 35% одговориле дека е многу значајно. Во однос на тоа колку наставниците ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари, 53% од учениците одговориле делумно, а 24% од учениците сметаат дека не ги поттикнуват.

Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за ученици:

**<u>Електротехничар за Компјутерска техника и автоматика – анкетирани 62 ученици</u>**

Учениците ги навеле следните наставни предмети од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика, чии содржини се неразбирливи или тешко совладливи:

- Процесно управување – 20 (32%);
- Системи за автоматско управување – 15 (24%);
- Објектно ориентирано програмирање – 14 (23%);
- Математика 15 (24%)
- Микропроцесори и микроконтролери 7 (11%)
- Македонски јазик и литература 10 (16%)
- Компјутерски системи и мрежи 5 (8%)
- Логички кола 4(6%)
- Веб програмирање и Автоматика 1 (2%)

Според учениците од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика наставни предмети кои треба да имаат повеќе часови за вежбање и совладување на содржините се:

- Уредување на веб страни 9 (15%)
- Математика – 24 (39%);
- Веб програмирање – 6 (10%);
- Процесно управување – 5 (8%);
- Објектно ориентирано програмирање – 5 (8%);
- Микропроцесори и микроконтролери 3 (5%)

| | | |
|---|---|---|
| | | • Основи на дигитални системи и Мултимедија 1 (2%)<br><br>Најинтересни наставни предмети за учениците од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и авотматика се:<br>• Уредување на веб страни 15 (24%)<br>• Англиски јазик 14 (23%)<br>• Спорт 11 (18%)<br>• Математика 11 (18%)<br>• 3Д Моделирање 9 (15%)<br>• Основи на дигитални системи 8 (13%)<br>• Системи на автоматско управување 6 (10%)<br>• Мултимедија и Роботика 4 (6%)<br><br>**Електротехничар за електроника и телекомуникации – анкетирани 19 ученици**<br><br>Учениците ги навеле следните наставни предмети од образовен профил Електротехничар за електроника и телекомуникации, чии содржини се неразбирливи или тешко совладливи:<br>• ТК склопови и уреди – 4 (21%);<br>• Електронски склопови и уреди – 2 (10,5%);<br><br>Според учениците од образовен профил Електротехничар за електроника и телекомуникации наставни предмети кои треба да имаат повеќе часови за вежбање и совладување на содржините се:<br>• ТК склопови и уреди – 4 (21%);<br>• Спорт и Практична настава 4 (21%)<br>• Граѓанско образование 1 (5%)<br><br>Најинтересни наставни предмети за учениците од образовен профил Електротехничар за електроника и телекомуникации се:<br>• Спорт 14 (74%)<br>• Математика 6 (32%)<br>• Практична настава 5 (26%)<br>• Англиски Јазик 4 (21%)<br>• Електронски склопови и уреди и Бизнис 1 (5%)<br><br>**Електротехничар енергетичар – анкетирани 19 ученици**<br><br>Учениците ги навеле следните наставни предмети од образовен профил Електротехничар енергетичар, чии содржини се неразбирливи или тешко совладливи:<br>• Македонски јазик и литература – 6 (32%);<br>• Математика – 6 (32%); |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Граѓанско образование 5 (26%)<br>• Ремонт на ел.машини, Бизнис 1 (5%)<br><br>Според учениците од образовен профил Електротехничар енергетичар наставни предмети кои треба да имаат повеќе часови за вежбање и совладување на содржините се:<br>• Практична настава 12 (63%)<br>• Математика 2 (11%)<br><br>Најинтересни наставни предмети за учениците од образовен профил Електротехничар енергетичар се:<br>• Автоматика 8 (42%)<br>• Практична настава 6 (32%)<br>• Електрични апарати и уреди 5 (26%)<br>• Англиски јазик 5 (26%)<br>• Математика 4 (21%)<br><br>На прашањето „Каков вид на секции недостасуваат во училиштето?“, учениците најчесто ги неведуваат следните секции:<br>• Спортска секција<br>• Веб Програмирање, Веб дизајн<br>• Практична настава<br>• Техничка секција<br>• Креативни секции<br>• Ексурзии |
| **Прашалници за родители** | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | Во рамките на ова подрачје изработен е прашалник на кој одговорија 24 родители<br>1. Од анкетираните најголем дел од родителите односно 62% се изјасниле дека нивната информираност за наставните планови и програми од образовниот профил на нивното дете е многу значајно и тоа е присутно во целост кај 60% од анкетираните.<br>2. За 70% од родителите значајно е ученикот успешно да ги совлада наставните содржини, а најголем дел од испитаниците односно 50% одговориле дека ученикот делумно, а 42% во целост ги совладува наставните содржини.<br>3. За 67% од родителите многу е значајно наставните програми и содржини да се во согласност со очекувањата и интересите на ученикот, а за 50% од нив тие се во целост во согласност со интересите и очекувањата на учениците, а 33% сметаат делумно.<br>4. Начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми се многу значајни за 58% од анкетираните родители, а 50% делумно се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми во училиштето.<br>5. 58% од анкетираните родители сметаат дека е многу значајно користењето на современи интерактивни методи техники за реализација на наставата, а 42% дека е значајно. 38% од анкетираните родители, воопшто не се сголасуваат со ова тврдење и 38% во целост се согласуваат дека се користат разновидни техники за реализација на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. Најголем процент од родителите 58% одговориле дека е делумно значајно да бидат информиарни за реализирањето на дополнотелна односно додатна настава по сите наставни предмети и дека истото е присутно во целост потврдиле 46% од испитаниците.<br>7. 67% од родителите истакнале дека е делумно значајно учениците да посетуваат дополнителна/додатна настава. Најголем дел од анкетираните 50% одговориле дека учениците воопшто не посетуваат дополнителна/додатна настава додека по 25 % сметаат дека учениците делумно, односно често посетуваат ваква настава.<br>8. За 54% од анкетираните информираноста за секциите во училиштето е делумно значајно и истите потврдиле дека 37% делумно се информирани за учеството на учениците во секциите.<br>9. За 58% од родителите сметаат дека е знајчајно воннаставните активности да ги задоволуваат потребите и интересите на учениците, а 42 % сметаат дека тие се присутни во целост во училиштето, а 38% делумно.<br>10. Според анкатираните родители 50% сметаат дека значајно е учениците да учествуваат во воннаставни активности, за 38% тоа воопшто не е присутно, за 33% делумно е учеството на учениците во воннаставните активности.<br>11. За постигањата на учениците во воннаставните активности 58% одговориле дека тоа е значајно, а за 38% тоа е многу значајно.42% од родителите одговориле дека воопшто не се информирани, а 38% дека се делумно информирани.<br>12. Правото на избор на изборните наставни предмети за 63% е многу значајно, а за 37% значајно додека 63% од родителите сметаат дека тоа право во целост се почитува во училиштето, а 29% делумно.<br><br>Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за наставници:<br><br>1. Наведете ги главните недостатоци кои сметате дека се присутни во наставните програми? Родителите ги дале следните одговори:<br>- Незаинтересираност на учениците и професорите;<br>- недоволна комуникација со професорите, несоодветни средства за контакт меѓу учениците и професорите (апликации, е-пошта и сл);<br>- недостаток на учебници од најважните стручни предмети, повеќе да се користат стручни печатени учебници;<br>- модернизација на наставата;<br>- часовите не се во интерес на учениците;<br>- повеќе Практична настава;<br>- многу се ветуваше од реализација на пракса а малку се остварува;<br>- недостаток на комуникација и разбирање од страна на професорите;<br>- дискриминација помеѓу учениците.<br>2. На прашањето на кој начинби можеле да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми, одговориле само двајца родители: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Да се посетуваат фирми кои се од областа на струката на самото училиште;<br>-сметам дека особеностите на локалната средина се веќе интегрирани во наставните програми.<br><br>3. На прашањето дали е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови програми, 42% од родителите се изјасниле дека не е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови и програм, 13% сметаат дека е нарушена родовата и етничка рамноправност, а останатите анкетирани родители не дале одговор на ова прашање.<br><br>4. На прашањето кај кои наставни предмети е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување, прилагодување кон возраста, потребите на пазарот на трудот и сл. најголем дел (58%) не одговориле, според (8%)не се потребни промени, а според (34%)потребни се промени на наставните на наставната програма, преку нејзино проширување и прилагодување кон возраста, потребите на пазарот на трудот, посочувајќи некои предмети каде се потребни промени:<br><br>- Математика<br>- Процесно управување<br>- Системи за автоматско управување<br>- Уредување на веб страни<br>- Објектно ориентирано програмирање.<br>- Прилагодување и проширување на стручните предмети,од страна на професорите поголема ангажираност, бидејќи се потребни на пазараот на труд, како и практичната настава.<br>5. Во поглед на реализацијата на активности преку училишни секци најголем дел (63%) не одговориле, според (4%)не се потребни промени, а според (33%)потребни се секции по:<br>- Спорт и спортски активности<br>- Практична настава<br>- Ликовна и музичка уметност<br>-Секција поврзана со струката. |
| | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа** | За анализа во врска со наставните планови и програми анкетирани се 24 наставници<br><br>1. Според направената анализа за наставните планови и програми, наставниците сметаат дека е многу значајно со 60%, наставата да се реализира согласно наставните програми одредени од МОН (ЦСОО и БРО) на РСМ. 91% од анкетираните наставници во целост ја реализираат наставата според наставните програми на МОН, а 9% делумно.<br>2. 74% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно наставните содржини да се прилагодуваат на нивото на знаење на учениците, 52% тоа го прават во целост, 43% |

| | | |
|---|---|---|
| | **на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | делумно, а 5% не ги прилогодуваат наставните содржини на нивото на знаење на учениците.<br>3. Многу значајно за анкетираните наставници е наставните програми и содржини да ги исполнат очекувањата и интересите на учениците, дури за 60% од нив. Во пракса ова е потполно присутно според 34% од анкетираните наставници, делумно според 52%, а за 14% од анкетираните, воопошто не е присутно.<br>4. За 70% од анкетираните наставници многу значајно е користењето на ИКТ во наставниот процес, за 26% е значајно, а за 4% ова е незначајно. 78% од анкетираните наставници користат секогаш ИКТ, 17% делумно, а 5% воопшто не користат ИКТ при реализација на наставните содржини.<br>5. 60% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно користењето на разновидни техники за реализација на наставата, а 40% дека е значајно. 60% од анкетираните наставници во целост користат разновидни техники за реализација на наставата, кај 40% ова е делумно присутно.<br>6. Земањето во предвид на разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување на наставните содржини, е многу значајно за 78% од анкетираните наставници, а значајно е за останатите 22% од анкетираните. Во пракса ова го реализираат во целост 74%, а делумно 26% од анкетираните наставници.<br>7. 70% од анкетираните наставници се изјасниле дека е многу значајно да располагаат со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставните содржини. 43% од наставниците сметаат дека во потполност располагаат со наставни средства и помагала кои им се потребни, а 57% располагаат со дел од потребните наставни средства и помагала.<br>8. За 78% од анкетираните наставници е многу значајно поврзувањето на наставните содржини со нивна практична примена и потребите на пазарот на трудот, во пракса 57% во целост го реализират ова поврзување, 35% делумно, а 8%од анкетираните наставници воопшто не вршат поврзувањето на наставните содржини со практична примена и потребите на пазарот на трудот.<br>9. Многу значајно е редовното и успешно реализирање на дополнителна настава за 60% од анкетираните наставници, за 31% е значајно, а за 9% ова е незначајно. 52% од наставниците кои се анкетирани редовно реализираат дополнителна настава, 43% делумно, а 5% не реализираат дополнителна настава.<br>10. Редовното и успешно реализирање на додатната настава е многу значајно за 70% од анкетираните наставници, а во пракса 48% редовно реализираат, а 52% делумно реализираат додатна настава.<br>11. 74% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно применувањето на изготвени критериуми за оценување. Оценувањето во целост го вршат врз основа на |

| | | |
|---|---|---|
| | | изготвени критериуми за оценување 52% од наставниците кои се анкетирани, а 48% делумно користат изготвени критериуми за оценување на учениците.<br><br>Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за наставници:<br><br>5. Дали во одреден образовен профил и година програмата ја реализирате во помал обем и зошто?<br>На ова прашање одговориле 65% од наставниците од нив 26% одговориле дека целосно ја реализираат наставната програма, а 39% дека ја реализираат програмата во помал обем заради следните причини:<br>- Недостиг на стручен материјал, учебници, обуки и нагледни средства;<br>- Скратена наставна програма заради Ковид пандемијата;<br>- Капацитетот и слабите предзнаења на учениците.<br>6. Наведете по кој наставен предмет е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување/скратување, прилагодување кон возраста и сл.<br><br>На второто прашање одговориле 39% од наставниците и тоа 8 % сметаат дека наставните програми се нови, реформирани и нема потреба од измени.<br>31% одговориле дека има потреба од измена и тоа:<br>- По наставен предмет математика проширување на наставната програма;<br>- Електротехника и Електротехнички материјали да се скрати;<br>- Современи технологии во екомонски сектори на пазарот на труд – да се скрати или да се замени со наставен предмет поинтересен за учениците;<br>- Програмски јазици изборен во IV година да стане редовен, а Роботика во IV година од редовен да стане изборен (наставната програма е на ниво на основно образование);<br>- Информатика, Веб програмирање, Уредување на Веб страни– да се прошири наставната програма.<br>7. На третото прашање, 87% оданкетираните наставници навеле дека во наставните планови и програми не е нарушена родовата и етичката рамноправност, 4% не знаат дали е нарушена родовата и етичката рамноправност, а 9% не одговориле на ова прашање.<br><br>8. На прашањето за интегрирање на особеностите на локалната средина со наставните програми одговориле 57% од анкетираните наставници. Нивните предлози по ова прашање се:<br>- Формални потреби за запознавање на локалната култура и традиција;<br>- Соработка со компании за изведување практични вежби на учениците;<br>- Изработка на ученички проекти кои би биле од корист за општеството;<br>- Организирање социјални настани во соработка со локалната власт;<br>- Во теми за заштеда на електрична енергија; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Вклучување на компании во дуално образование кои би прифаќале практиканти и би продуцирале квалификувани работници;<br>- Соработка со други училишта.<br>-<br>9. Петтото прашање се однесува на начинот на кој им е овозможено на учениците да у учествуваат во планирањето и изборот на содржини кои се реализираат во рамки на воннаставните активности. На ова прашање одговориле 65% од наставниците, изнесувајќи ги следните одговори:<br>- Воннаставните активности се реализираат според интересот искажан од учениците;<br>- Преку предлози од учениците и училишните заедници;<br>- Во комуникација со професорите и стручната служба;<br>- На учениците не им е овозможено да учествуваат во планирањето на воннаставни активности.<br>-<br>10. На прашањето дали и какви активности за мултикултурализам планираат и интегрираат во наставата одговориле 74% од наставниците и тоа 56% дека реализираат, а 18% не реализираат ваков вид на содржини. Тие што одговориле дека реализираат ги дале следните одговори:<br>- Посета на ученици во сродни улилишта со цел размена на искуства;<br>- Преку изработка на веб страни на тема мултикултурализам;<br>- Преку организирање спортски натпревари;<br>- На класен час разговор на теми поврзани со традиции, обичаи, начин на празнување и сл.<br>11. На прашањето дали и какви активности на тема екологија планираат и интегрираат во наставата одговориле 74% од наставниците и тоа 70% дека реализираат, а 4% не реализираат ваков вид на содржини. Тие што одговориле дека реализираат ги дале следните одговори:<br>- Ученички трудови на тема Екологија;<br>- Преку изработка на веб страни и проектни задачи на тема екологија;<br>- Печатење пораки во програмите со еколошки содржини;<br>- Чистење на кабинетот и селектирање електронски отпад;<br>- Пишување есеи на тема екологија;<br>- Обработка на теми против загадувањето, заштеда на вода, електрична енергија, рециклирање отпад и сл.<br>- Процентот на нецелосно реализирани наставни програми добиен со анкетата не соодветствува со официјалните изјави на наставниците на Советите на паралелките, каде сите (100%) се изјасниле дека програмата е целосно реализирана. |

| Резултати: *Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости* |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>**1.** Наставниците ја реализираат наставата согласно наставните планови и програми изготвени од БРО и ЦСОО и одобрени од МОН.<br>**2.** Има просторни услови и ресурси за поквалитетно реализирање на воспитно-образованиот процес.<br>**3.** Учениците самостојно, по своја желба ги бираат изборните предмети, во второто полугодие од втора година на образованието. |
| **Слабости**<br>**1.** Од наставниците мал број немаат предадено Годишни глобални и тематски планирања во учебната 2020/2021, односно во учебната 2021/2022 година.<br>**2.** Мал број од наставниците имаат предадено целосни годишни планирања за тековната учебна година. (планирање на класен час, план за работа на класна заедница, план за реализација на дополнителната и додатната настава, план за работа со деца со посебни образовни потреби, планирања за воннаставни активности и натпревари, план за соработка со родители..)<br>**3.** Не се планираат и не се реализираат активности во рамки на секциите и други воннаставни активности во училиштето (Ковид пандемија и следење на препораките се пречка за реализирање на секциите и вон наставни активности ).<br>**4.** Учениците и родителите не се задоволни од реализацијата на наставата, особено практичниот дел од наставата.<br>**5.** Недостаток на стручна литература.<br>**6.** Секоја година делумно се менуваат различни наставни предмети кај стручниот наставен кадар. поради недостаток на истиот. |

**Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Во СЕТУ на Град Скопје ,,Михајло Пупин'' се реализира воспитно-образовна дејност на полето на електротехничката струка за редовни ученици преку три образовни профили со четиригодишно траење на образованието и два образовни профили со тригодишно траење на образованието, како и за вонредни ученици за четири завршни степени на образование со двегодишно, тригодишно, четиригодишно траење на образованието, специјалистичко образование, како и обуки за стручно оспособување на кадри.

Наставниците ја реализираат наставата согласно наставните планови и програми изготвени од БРО и ЦСОО и одобрени од МОН.

Еден наставник реализира содржини програмирани од училиштето и редовно доставува планирања во педагошката служба.

Секоја година се изработува Годишната програма за работа на училиштето во која се вклучени и програмите за работа на директорот, помошникот-директор, педагог, психолог, библиотекар, активите на наставниците и училишната заедница.

Секциите во училиштето работат според однапред изготвени програми, но за жал последниве две години не се реализираат активности во рамки на секциите или се реализираат поради ковид пандемијата.

Во текот на втора година на образованието, ученикот се информира за можниот избор на изборен предмет за трета, а трета година има можност да бира изборен предмет за четврта година. Ученикот го врши изборот според сопствените интереси и потреби.

Во текот на второто полугодие во трета година на образованието, учениците пополнуваат изјава за извршен избор на тема и ментор за проектна задача за државна матура и завршен испит како и избор за Државна матура или Завршен испит.

Редовните ученици со завршено средно стручно образование со тригодишно траење, имаат можност редовно да го продолжат своето образование во четврта година.

Последните две учебни години поради ковид пандемијата и протоколите каде е наведено да не се мешаат ученици од различни класови и ограничен е просторот за вон наставни активности опадната е мотивацијата и кај наставниците и кај учениците за учество во вонннаставни активности.

Дополнителната и додатната настава се реализираат во слободното време на учениците, според годишен распоред, или во термини усогласени од учениците и наставникот.

Согласно исказите во анкетите за наставници и ученици мал е процентот на заинтерсираност за планирање и реализирање на дополнителна и додатна настава за ученици кои имаат потешкотии со совладување на наставниот материјал, односно ученици кои напредуваат со постигнувања.

WEB страната на училиштето се ажурира редовно во зависност од настаните, манифестациите и активностите кои се поврзани со нашето училиште.

**Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- Потребата од подигнување на квалитетот на реализација на наставата преку:
  - Имплементирање современи интерактивни методи и техники од страна на наставниците;
  - Користење на расположливите просторни и технички ресурси и наставни средства за поквалитетно реализирање на наставата, посебно во практичниот дел како и соработката со фирми;
  - Поттикнување на мотивацијата и љубопитноста кај учениците за постигање повисоки резултати и учество на натпревари.
- Да се зголеми интересот кај наставниците и учениците за реализирање вонннаставни активности и секции.
- Да зголеми интересот за реализација на дополнителна и додатна настава, со цел подобрување на успехот и постигањата на учениците.

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатори за квалитет:**

- **2.1 Постигања на учениците**
- **2.2. Задржување/осипување научениците**
- **2.3. Повторување на учениците**

| **Собирање на податоци** ***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.***<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Годишната програма на училиштето претставува многу значаен сегмент за наставата. Содржините од годишната програма се реализираат преку целокупниот процес на наставата, односно таа претставува документ во кој се испланирани сите педагошки активности, задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во училиштето. Таа претставува збир на севкупни активности на училиштето. Годишната програма на училиштето придонесува за поуспешно реализирање на наставните цели и задачи, меѓутоа и за сите други активности поврзани со работата на училиштето и образовната дејност.Низ програмата се разработени и конкретизирани воспитно-образовните задачи, организиран е начинот на следење и информирање за квалитетот на извршените задачи се со цел објективно вреднување на постигнатите резултати. Континуирано се прави анализа на наставниот процес, преку активна соработка на стручните активи, стручната служба, училишниот одбор и Директорот на Училиштето.Годишната програма на училиштето посветува големо внимание на постигањата на учениците и дефинирање на насоките за подобрување на истите. Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Континуирано се следи напредокот и постигнувањата на учениците.Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат нанатпревари.Развивање на квалитетна соработка и тимска работа преку учество и реализација на разни заеднички проекти во училиштето и со други институции и организации. Улогата на училиштето во врска со подобрување на постигањата на учениците е од клучна важност. Истото се прави со внимателно избран стучен наставен кадар и соработници, модернизирање на наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како и<br>примена на информациско-комуникациски технологии во наставата.Сосовремен пристап во планирањето со користење на нови методи условени од општествено-економските услови и современиот начин на работење и живеење. Во училиштето е забрането секакво политичко организирање и дејствување. |

| | |
|---|---|
| **Записници од Совет на паралелки** | Советот на паралелката го сочинуваат наставниците што предаваат во паралелката и раководителот на паралелка. Со Советот на паралелката раководи раководителот на паралелката кога е свикан за да се изрече педагошка мерка, а кога се утврдува успех со советот раководи Заменик Директорот за настава или педагошката служба. На Советите на паралелки се следи редовноста и успехот на учениците, се утврдуваат полугодишните и годишните оценки на учениците.Истите се организираат редовно најмалку четири пати во текот на учебната година (по првото тримесечие, по првото полугодие, по третото тримесечие и на крајот на учебната година), по поправните испити во јуни и август, по потреба за изрекување педагошки мерки и др. На Советите на паралелки присуствуваат предметните наставници кои се изјаснуваатза реализација на предвидената наставна програма и образложуваат дали сите ученици се оценети. Потоа раководителите на паралелки го презентираат успехот на учениците во класот, при што се потенцира покои предмети учениците покажуваат најслаб успех, а по кои најдобар. Се издвојуваат учениците со повеќеслабиоцени и изостаноци, и се даваат предлозидоНаставничкиотсоветзапофалбанаучениците:со одличен успех и примерно поведение, талентирани за струката и оние кои активно учествуваат во воннаставните активности.Посебно внимание се посветува на учениците со 3 и повеќе слаби оцени за кои се дава предлог да посетуваат дополнителна настава, а воедно нивните родители се повикуваат на советување во училиштето. На овие совети се предлагаат и/или изрекуваат педагошки мерки на учениците со голем број неоправдани изостаноци како и на ученици кои не го почитуваат кодексот на училиштето. Психолошко-педагошката служба активно се вклучува во дискусија за однесувањето на учениците и дава свое мислење дали на учениците треба да им се изречат одредени педагошки мерки доколку истото е побарано од страна на предметните професори или раководителите на паралелки. Дополнително стручната служба изготвува сумарен извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците кој се презентира пред Наставничкиот совет каде истиот се предлага за усвојување. Покрај генералниот успех и редовност на учениците, на Советите на паралелки се дискутира за однесувањето на учениците за време на часовите, се укажува на тековни проблеми кои се јавуваат во класовите и сепредлагаат начини како да се надминат состојбите. Записниците од Советот на паралелката уредно ги води Библиотекарот во училиштето и ги чува во архива.Според препораки и насоки од Министерството за образование и наука, а цел да се почитуваат и спроведуваат мерките за заштита и превенција од КОВИД 19, Советите на паралелка иНаставничките совети, во периодот до повлекување на мерките се одржуваа онлајн, преку платформата ZOOM. |

| | |
|---|---|
| **Дневници за работа на паралелка** | Основно средство за евиденција на успехот на учениците е преку дневниците на паралелка. Во учебната 2020/21 година функционираа и книжен Дневник на паралелка и електронски дневник. Од учебната 2021/22 година постои само електронскиот дневник кој се печати на месечно ниво.<br>Во дневникот на паралелката Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Од увидот во дневниците на паралелка е констатирано дека учениците се оценети со најмалку 2 усмени оцени во секое полугодие, како и оцени од писмените проверки по оние предмети каде се предвидени писмени  работи, но и по другите предмети каде има потреба, по што  се заклучуваат полугодишни и годишни оцени. Учениците кои немаат посетувано настава по одреден предмет повеќе од 1/3 од вкупниот фонд на часови остануваат неоценети и се упатуваат на испит на година. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби и сето тоа уредно се запишува во дневникот. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие, по одржани Совети на паралелка за кои секој класен раководител пишува Записник од состанокот во дневникот. Во дневникот се водат и Записници од додатна и дополнителна настава според потребите на учениците.<br>Сите податоци се достапни и во учебната 2020/21 секојродител/старател можеше со физичко присутво да ги погледне во книжниот дневник за работа на паралелка или преку својата е-маил адреса може да ги провериво електронскиот дневник, а добива одредени податоци и преку СМС порака . Од учебната 2021/22 година тоа може само преку електронскиот дневник или преку евидентни листови за успехот подготвени од страна на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Записници од Наставнички совет** | Наставничкиот совет како највисок стручен орган во училиштето го сочинуваат сите наставници, стручни работници и Директорот. Со Наставничкиот Совет раководи Директорот.<br>Наставничките совети се одржуваат редовно во текот на учебната година и за истите уредно се водат записници архивирани во архивата на училиштето. Според препораки и насоки од Министерството за образование и наука, а цел да се почитуваат и спроведуваат мерките за заштита и превенција од КОВИД 19, Советите на паралелка и Наставничките совети, во периодот до повлекување на мерките се одржуваа онлајн, преку платформата ZOOM.<br>На состаноците на Наставничкиот Совет редовно се разгледува и утврдува успехот, редовноста и постигањата на учениците,истите имаат цел и содржина во врска и со:<br>• Планирање на наставата за тековната учебна година, екипирање на наставниот кадар за реализација на воспитно-образовниот процес, формирање на паралелки, распределба на работни обврски, часови и класнираководства, формирање накомисии, избира испитни комисии за спроведување на училишната матура и завршниот испит.<br>• Се утврдува распоредот на наставниците по предмети, по години, по паралелки и се потврдуваат класните раководители на паралелките;<br>• Подготвување предлог за упис на ученици во првагодина, донесува решение за запишување на ученици по предлог на органот предвиден со конкурсот, усвојување на ранг листа на запишани ученици во првагодина;<br>• Се утврдува поделбата на паралелки по година, според бројот на запишани ученици;<br>• Дава мислење по предлог на Годишната програма за работа на училиштето и го следи нејзиното реализирање;<br>• го разгледува планот и програмата за работа и презема мерки за нивно извршување;<br>• дава стручно мислење за снабдување со учебници и други нагледни средства;<br>• го разгледува и го утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи и тела, ги организира и спроведува поправните испити;<br>• изрекува педагошки мерки на ученици пред отстранување и отстранување од училиштето;<br>• Разгледување молби и барања на ученици иродители, донесува одлуки по приговор на ученици<br>• ги разгледува предлозите на родителите, учениците, стручните органи и тела кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес и донесува соодветни мерки;<br>• пофалува и наградува ученици;<br>• ги одобрува ученичките екскурзии и стручни посети;<br>• предлага, избира и разрешува претставници во училишниот одбор;<br>• Избор на ученик на генерацијата, како и ученик на генерацијата по образовнипрофили;<br>• Врши и други работи кои се од областа на воспитно-образовната работа на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Записници од Училишен одбор** | Училишниот одбор во склоп на својата активност се запознава со постигнувањата на учениците во рамки на наставата, пред се преку извештаите од постигнатиот успех на учениците за првото тримесечие, полугодишниот успех и поведение на учениците, од постигнатиот успех од второто тримесечие, од крајот на учебната година, како и од годишниот извештај за работа на училиштето. Молбите на учениците кои се одбиени од Наставничкиот совет, а се однесуваат на постигнувањата на учениците, доколку се поднесе барање се разгледуваат од страна на училишниот одбор кој темелно го разгледува секој конкретен случај и може да донесе одлуканезависно од Наставничкиот совет. Училишниот одбор како клучен орган во раководењето со училиштето, воспоставува и реализира цели и приоритети за подобрување на училиштето. Тој ја обезбедува потребната поддршка за училиштето за да се подобрат неговите перформанси како образовна институција, како и постигнувањата на учениците |
| **Записници од совет на родители** | Советот на родители ги разгледува прашањата поврзани со функционирањето и работата на училиштето, успехот, поведението и редовноста на учениците. Родителите кои се избрани од секој клас редовносеинформираатзапостигањатанаучениците,заштодаваатисвоемислењезаподобрувањена истите. На состаноциите се дискутира и за проблеми кои се јавуваат во класовите, се идентификуваат причинителите на истите и се дава предлог мерки за решавање на конфликтните ситуации. Родителите учесници во советот на родители се редовно информираниза сите активности кои се организираат во училиштето, како и за разните воннаставни активности на кои може да се приклучатучениците. |
| **Записници од стручни активи** | Успехот на учениците е меѓу редовните теми на дневен ред на состаноците на стручните активи. На овие состаноци се разгледуваат условите за реализација на наставните програми и се предлагаат мерки за подобрување на постигањата на учениците. Наставниците разменуваат мислење за планирањата во рамките на стручните активи и програми за работа на истите. Во училиштето има четири стручни активи: актив по стручни предмети по електроника и телекомуникации и компјутерска техника и автоматика, активот по стручни предмети по енергетика, актив по природни науки и актив по општообразовни предмети. Редовно се одржуваат состаноци на кои се носат одлуки и се превземаат конкретни мерки за реализација на целите од Годишната програма за работа научилиштето во насока на подобрување на целокупната работа на училиштето. |
| **Податоци и анализи: Педагошко-Психолошкослужба** | Педагошко-психолошката служба како една од своите главни задачи остварува советодавни разговори со учениците кои покажуваат одредени проблеми во совладувањето на наставниот материјал, изостануваат од настава, покажуваат непочитување на кодексот на училиштето и сл. Разговорите, зависно и од проблематиката, се изведуваат во присуство на ученикот, родителот и класниот раководител. При тоа се водат записници за одржаниот разговор и се предлагаат начини за подобрување на поведението и успехот кои треба да се реализираат со вклученост на сите инволвирани страни. Стручната служба има дефиниран систем преку кој се следат постигнувањата на учениците, истите се евидентираат и секогаш кога има потреба се разговара со учениците и се повикуваат родителите на разговор. Службата располага со обемна споредбена анализа за постигањата на учениците според класификациони периоди, по сите наставни предмети, по години и образовни профили, како и анализа на постигањата на учениците по поправните испити.Располага со општ преглед на успехот по класификациони периоди, општ позитивен успех на учениците, среден успех по паралелки и образовни профили, број на ученици со негативни оценки, преглед на просечен успех по професори и стручни активи, број и просек на изостаноци, извештај од посетеност на родителски средби, извештај за осипување на ученици и ученици кои не ја завршиле годината. |

| | |
|---|---|
| **Отпишани и запишани ученици** | Во текот на учебната 2020/21 година се запишани 2 ученика, а отпишани се 4 ученици.<br>Во текот на учебната 2021/22 година се запишани 8 ученика, а отпишани се 16 ученици. |
| **Записници од советување на родители на ученици** | Во насока за подобрување на успехот и поведението на учениците педагошко-психолошката служба согласно Законот за средно образование и Програмата за Советување на родители во текот на учебната 2020/21, како и во 21/22 год., после одржаните Совети на паралелка и Наставничките совети на кои се соопштува успехот и поведението на учениците, реализира советување на родителитеод оние ученици кои имаат повеќе од три слаби оцени и голем број на изостаноци и оправдани и неоправдани.<br>Со оглед на специфичноста на ситуацијата во услови на пандемија, со цел да се почитуваат Протоколите, алгоритмите и мерките за заштита од ковид 19, советувањето на родители се организираше индивидуално, а начинот на реализација беше по пат на телефонски јавувања и онлајн на ТИМС платформата, а кога се повлекоа мерките советувањето се одвиваше индивидуално, но комбиниранотелефонски или со физичко присуство, во зависност од моменталната ситуација на засегнатите страни. |
| **Записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба** | Преку работата на Советот на родители, родителските средби и на одделенските часови, родителите и учениците се запознаваат со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности, дополнителна, додатната и факултативната настава, советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината, учество во организација на активности од страна на родителите преку стручни предавања и сл. За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај одделенските раководители е информирана и стручната служба која работи тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а се вклучуваат и родителите. |
| **Записници од испитните одбори за завршен испит за III-година** | Учениците од тригодишно образование по завршување на III-година полагаат Завршен испит кој опфаќа писмена работа по Македонски јазик и литература и практичен дел за профилите со нереформирани програми, и тест по македонски јазик и литература и практична задача за профилите со реформирани програми. Непосредно пред полагањето на предвидените испити се одржуваат состаноци на Испитен одбор и училишна комисија во јуни и август на кои се врши избор на тема за писмениот дел од испитот по Македонски јазик и литература и се утврдува бројот на пријавени кандидати. По добивање на конечните резултати од испитните комисии се утврдува бројот на ученици кои положиле завршен испит во јунскиот или августовскиот испитенрок. |

| | |
|---|---|
| **Записници од училишна матурска комисија** | Учениците кои завршиле IV година полагаат испити кои се дел од државната матура или завршен испит. Истите се полагаат во два испитни рока: јунски и августовски.<br>Државната матура се полага според посебни испитни програми за соодветни наставни предмети кои се вклучени во листата за Државна матура. Државната матура опфаќа задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Училишната матурска комисија навреме ги информира учениците, наставниците и родителите за начинот и периодот на пријавување на испитите, термини за полагање како и за самиот тек на реализација на полагањето на испитите. Во училиштето на огласна табла стојат истакнати делови од Правилници за начинот на изведување и полагање на испитите од Државната матура и Завршниот испит. Училишната матурска комисија, УМК на секој одржан состанок изготвува записници во кои ажурно се следи состојбата при полагање на соодветнитеиспити.<br>Записниците содржат податоци за:Резултатите од полагањето во јунскиот и августовскиот испитен рок за: екстерни испити, интерни стручни предмети, интерни испити од завршен испит. |

| | |
|---|---|
| **Извештај за работа на училиштето** | Во учебната 2020/2021 година, согласно епидемиолошката состојба во нашата држава предизвикана од пандемијата Ковид 19, се работеше поскратени реформирани наставни програми, согласно препораки од МОН, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, со исклучок на паралелките од трета и чеврта година од образовните профили Електротехничар за електроника и телекомуникации и Електротехничар енергетичар работат по стари наставни програми. Учебната 2020/2021 година започна со задоцнување на 1-ви Октомври 2020 година.<br>Наставата оваа учебна година се реализираше online, односно преку далечинско учењена националната платформа MS Teams. Настава со физичко присуство се реализираше само за учениците кои го изучуваат наставниот предмет Практична настава. Учениците и наставниците наставата со физичко присуство ја реализираа по строго пропишани превентивни мерки за безбедност и превентивна заштита од пандемијата, дадени од Министерството за образование и наука.Со оглед на начинот на кој се реализираше наставата оваа учебна година, успевме да одговориме на предизвикот и успешно да ги реализираме предвидените наставни содржини, како и постигањата на учениците. Секако дека тука е неминовно да се спомене и дуалното образование во рамки на кое оваа година во ограничени услови за работа, бевме подготвени да одговориме на барањата на бизнис секторот и во таа смисла комуникацијата и соработката со фирмите беше на одлично ниво и непречено се реализираше. Горди сме на втората генерација ученици на образовниот профил Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи, кои успешно го завршија своето образование, а дел од нив се вработија во компаниите, партнери на училиштето.<br>Учебната 2021/2022 година започна навремено на 01-ви септември 2021 година, со физичко присуство на учениците согласно препораки и протоколи за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година изработени од МОН и од Министерството за здравје.<br>Учениците се вклучени во активности и проекти, учествуваат на натпревари и постигнуваат одлични резултати, со освоени голем број на први места на општински, регионални и државни натпревари, на МАССУМ, Црвен Крст и др. |
| **Евиденција за изостанување од настава** | Училиштето систематски и континуирано ја следи редовноста на учениците. Раководителите на паралелките предаваат писмен извештај за изостаноците и поведението на учениците кои потоа од страна на стручните соработници табеларно се анализираат и споредуваат. Комплетниот извештај се анализира и на Советите на паралелка и Наставнички совет при што се предлагаат мерки и се донесуваат предлози за активноста за намалување на отсуствата и подобрување на редовноста на наставата. Се водат индивидуални и групни разговори со учениците кои имаат повеке изостаноци од страна на раководителите на паралелките и стручната служба. Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив и во ситуации предвидени со законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта се изрекуваат соодветни педагошки мерки во присуство на ученикот, родителот, раководителот на паралелката, предметен наставник и стручен соработник. |
| **Извештај од реализирана посета на часови** | Во учебната 2020/21година од страна на педагошко-психлошката служба, Директорот на училиштето и помошниците директори по однапред даден распоред се реализираше посета на часови преку националната платформа MS Teams. Додека во учебната 2021/22 година од страна на педагошко-психлошката служба, по однапред даден распоред се реализираше посета на часови во нашето училиште (почитувајќи протоколи за заштита од вирусот Ковид 19). Впечатокот од реализираната посета на часовите, имајќи го во предвид начинот на кој се реализира наставата е дека реализацијата на наставата е на задоволително ниво. |

| | |
|---|---|
| | Позитивни забелешки од посетата се следните:<br>• сите часови почнуваа точно на време,<br>• дневните подготовки беа доставени на време до ППС,<br>• многу мал дел од учениците изостануваат од настава,<br>• интеракцијата наставник-ученици повеќе или помалку (во зависност од типот на часот и структурата на учениците) беше застапена на сите наставни часови,<br>• подготвеноста на наставниците да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на овој тип настава (кај некои наставници наставните методи, техники, форми, средства не соодветствуваа со оние од дневната подготовка),<br>• најголем дел од наставниците за време на часот и на крај од часот бараат повратна информација од учениците дали го разбрале наставниот материјал,<br>• повратна информација од наставниците за зададени и изработени/неизработени задолженија до учениците.<br><br>Негативни забелешки и сугестии од посетата се следните:<br>• Непотполни дневни подготовки<br>- нема дефинирано цели на наставната единица,<br>- често поистоветување на термините модуларна единица и наставна единица или содржина,<br>- нема опфатено наставни техники,<br>- поистоветување на наставни методи и техники,<br>- наставните форми не соодветствуваат на часот (пример работа во парови или групна работа),<br>- наставни средства и помагала кои не се адаптирани и не соодветствуваат на овој тип на настава на далечина (пр. табла, креда, проектор и сл).<br><br>Главна забелешка од посетата на часови се однесува на интеракцијата наставник-ученик, односно многу мал дел од учениците активно се вклучуваа за време на наставата, со исклучок на учениците од прва година каде активноста на учениците е на задоволително ниво. Впечатокот е дека е опаднат интересот и мотивацијата на учениците активно да учествуваат за време на часовите. |

| **Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Интервју со ученици** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Во однос на наставниот процесучениците сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи со цел да им помогнат на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата. Во однос на тоа дали се користат различни материјали (учебници, збирки, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и побудување на интерес кон темите што се изучуваат, учениците се согласуваат дека со тоа досега што се располага е во ред, но би можеле сите наставници по сите предмети да се потрудат да користат што повеќе извори на информации. Учениците сметаат дека поголем број од наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, но има и дел кои се однесуваат незаинтересирано и важно им е само да се предаде наставниот материјал и не вложуваат дополнителен труд. Во однос на прашањето, дали наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, учениците сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат, а многу малку од учениците се изјаснија негативно. Учениците се задоволни од тоа дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето. Сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки и превзема активности за нивно отстранување. Во однос на прашањето, дали знаењата стекнати во текот на часот им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците (домашни работи, усни одговори, писмени работи, истражувања и проекти), поголем дел од учениците дадоа потврден одговор, а мал дел одговорија дека знаењата делумно им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците. Учениците сметаат дека наставниците при оценувањето им посочуваат како да да ја подобрат својата работа и успех.Исто така учениците беа и самокритични, посочувајќи дека стекнатите знаења и нивната примена зависи и од вниманието и дисциплината на часот, почитта кон наставниците, интересот на учениците, активноста, дополнителен труд. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со наставници** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Главен приоритет на наставниците се постигнувањата на учениците. За таа цел тие за да го привлечат вниманието на учениците, за постигнување на подобри резултати, ги прилагодуваат своите предавања според структурата на класовите, го модернизираат наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како и примена на информациско-комуникациски технологии во наставата. За да се подобрат постигнувањата и знаењата на сите ученици, сметаат дека треба учениците да ги вклучуваат во дополнителна настава, воннаставни активности, секции, разни натпревари, да се вложуваат во поинтересен пристап преку креативна работа, во соработка со стручната служба да се работи на подобрување на успехот и редовноста на учениците. интерактивни методи, дебати, квизови, дискусии, работа во групи, парови, користат е-учење, работа на проекти, истражувања, го почитуваат мислењето на ученикот и сл. За зголемување на мотивацијата кај учениците за постигнување на повисоки резултати наставниците велат дека организираат: интерактивни методи, дебати, квизови, дискусии, работа во групи, парови, користат е-учење, работа на проекти, истражувања, го почитуваат мислењето на ученикот и сл.Исто така и учениците со подобаруспех треба да бидат вклучени во додатна настава и активности да се подготвуваат за натпревари. |
| **Интервју со родители** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Во разговорите со родителите се покажува дека првично родителите се консултираат со раководителите на паралелките за успехот на учениците, а во одредени случаи и со предметните наставници. Поретко тоа го прават со педагошките служби.Родителите во глобала се задоволни од работата на училиштето, од успехот кој го постигнуваат учениците, но сметаат дека училиштето треба малку повеќе да се вложи во исполнување на ветувањата кои ги нуди. Според нив учениците не сите се доволно вклучени во воннаставни активности и соработки со други училишта, факултети и нови проекти. Сметаат дека треба учениците да бидат повеќе мотивирани, да се активираат секциите во училиштето и да им се дадат контролирани насоки самите да истражуваат и да работат на современи проекти, со што би имале свој производ и со тоа би ги мотивирале и другите ученици повеќе да истражуваат и да се интересираат за струката, со што би се подобрил и успехот. |
| **Интервју со Стручна служба** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Педагошко-психолошката служба има постојана соработка со учениците и предметните наставници, а поретко со родителите во поглед на успехот на учениците. Учениците повремено се обраќаат до службата за да побараат совет како да поправат одредена оцена, а тоа поретко го прават родителите. Од друга страна психолошко- педагошката служба води евиденција за успехот на учениците, особено за учениците со повеке слаби оцени кои се повикуваат на разговор и се мотивираат за подобрување на успехот. Со родителите на овие ученици се одржуваат состаноци на кои се разговара за причините и се предложуваат начини за подобрување на успехот, а воедно и поведениетона учениците. Во текот на учебната година се одржуваат и групни советувања со родителите на учениците со повеќе слаби оценки и изостаноци, со цел истите да го подобрат успехот и редовноста на посетување на наставата. |
| **Интервју со Директор** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Согласно разговор со Директорот на училиштето, успехот на учениците се следи преку редовни состаноци на Советите на паралелка, Наставнички Совет,Советот на родители, Активите и Ученичката заедница, на кои се дискутира за постигнувањата на учениците. На состаноците, се изнесуваат мислења за подобрување на успехот и редовноста на учениците, од кои понатаму произлегуваат конкретни мерки кои се превземаат во таа насока. |

| Прашалник за ученици | Фросина Спасевска Микулчиќ | За анализа извршена е анкета со 50ученици и добиени се следните резултати изразени во проценти (%): | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат подобро да се снаоѓам во сегашниот и идниот приватен и професионален развој. | 0 | 17 | 83 | 0 | 29 | 71 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето ми помагаат во снаоѓање во нови и непознати ситуации. | 1 | 19 | 80 | 18 | 22 | 60 |
| | | 3. Способен/на сум да ги поврзувам знаењата кои сум ги стекнал/а по еден предмет со знаењата кои сум ги стекнал/а по другите наставни предмети. | 0 | 22 | 78 | 0 | 24 | 76 |
| | | 4. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат да можам (без додатни часови) да одговорам на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 0 | 40 | 60 | 12 | 36 | 52 |
| | | 5. Успехот што го постигнувам (оценките) се резултат од големиот поттик и помош што ги добивам од моите наставници. | 0 | 20 | 80 | 27 | 33 | 40 |
| | | 6. Запознат сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето. | 0 | 31 | 69 | 19 | 29 | 52 |
| | | 7. Воннаставните активности одговараат на моите интереси. | 4 | 29 | 67 | 13 | 40 | 57 |
| | | 8. Воннаставните активности се одржуваат во точно одредено време кое не се поклопува со часовите од Редовнатанастава. | 0 | 29 | 71 | 0 | 49 | 51 |
| | | 9. Информиран сум за воннаставните активностикои се организираат надвор од училиштето. | 0 | 33 | 67 | 0 | 60 | 40 |
| | | 10. Свесен/на сум за тоа колку се корисни секциите во училиштето. | 0 | 22 | 78 | 0 | 36 | 64 |
| | | 11. Доброволно (без притисок на наставниците) се одлучувам за учество во некоја секција. | 0 | 10 | 90 | 0 | 22 | 65 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 12. Часовите по додатна настава ми се интересни и привлечни. | 12 | 23 | 65 | 11 | 29 | 60 |
| | | 13. Часовите по додатна настава ми помагаат да ги збогатам и усовршам своите знаења. | 12 | 23 | 65 | 11 | 29 | 60 |
| | | 14. Наставниците ме охрабруваат да учествувам во натпревари. | 0 | 47 | 53 | 13 | 20 | 67 |
| | | 15. Наставниците ми помагаат да се подготвам за натпревари. | 0 | 11 | 89 | 2 | 18 | 80 |
| | | 16. Го почитувам Кодексот на однесување во училиштето. | 0 | 9 | 91 | 0 | 15 | 85 |
| | | 17. Ги почитувам мислењата на другите. | 0 | 1 | 99 | 0 | 8 | 92 |
| | | 18. Ги задоволувам своите потреби без да ги загрозам потребите на другите. | 0 | 13 | 87 | 0 | 14 | 86 |
| | | 19. Ги анализирам сопствените и туѓите идеи, предлози и решенија кога работам во пар или во група. | 0 | 19 | 81 | 0 | 13 | 87 |
| | | 20. Ја почитувам и негувам културата и традицијата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 10 | 90 | 0 | 13 | 87 |
| | | 21. Со своите постапки придонесувам за зачувување на природата и животната средина. | 0 | 5 | 95 | 0 | 13 | 87 |
| **Прашалник за наставници** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | **За анализа извршена е анкета со 15 наставници и добиени се следните резултати изразени во проценти (%):** | | | | | | |
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати на моите часови им овозможува на учениците подобро да се снаоѓаат со сегашниот и идниот приватен и професионален живот. | 0 | 28 | 72 | 0 | 35 | 65 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците да се снаоѓаат во нови и непознати ситуации. | 0 | 22 | 78 | 0 | 23 | 77 |
| | | 3. Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност. | 0 | 30 | 70 | 0 | 29 | 71 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4. Моите ученици се оспособени да ги поврзуваат знаењата кои ги стекнале по еден предмет со знаењата кои ги стекнале по другите наставни предмети. | 0 | 21 | 79 | 0 | 45 | 55 |
| | | 5. Знаењата стекнати во училиштето им овозможуваат на учениците да можат (без додатни часови) да одговараат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 0 | 36 | 64 | 0 | 28 | 72 |
| | | 6. Успехот на учениците (оценките) се резултат на мојата работа и залагање. | 6 | 30 | 64 | 13 | 29 | 58 |
| | | 7. Ги советувам учениците да се приклучат во некоја од воннаставните активности кои ги организира училиштето. | 4 | 24 | 72 | 8 | 8 | 84 |
| | | 8. Употребувам разни методи и форми на работа | 6 | 26 | 68 | 0 | 13 | 87 |
| | | 9. Континуирано ги набљудувам и вреднувам напредувањата на моите ученици. | 9 | 6 | 85 | 9 | 6 | 85 |
| | | 10. Користам бројни наставни сретства со чија помош би го привлеков вниманието на учениците и би ја зголемил мотивираноста. | 19 | 26 | 55 | 24 | 12 | 64 |
| | | 11. Одбирам примери и задачи кои се по интересни за учениците. | 0 | 14 | 86 | 0 | 9 | 91 |
| | | 12. Ги охрабрувам учениците да поставуваат прашања. | 0 | 15 | 85 | 0 | 7 | 93 |
| | | 13. Давам додатни објаснувања на барање на учениците. | 0 | 8 | 92 | 0 | 4 | 96 |
| | | 14. Ги поттикнувам учениците на самостојно стекнување на додатни знаења и вештини. | 0 | 8 | 92 | 0 | 20 | 80 |
| | | 15. Ги упатувам учениците да користат додатна литература неопходна за самостојно стекнување на дополнителни знаења и вештини. | 0 | 20 | 80 | 0 | 16 | 84 |
| | | 16. Ги пофалувам и наградувам учениците кои самостојно стекнуваат дополнителни знаења и вештини. | 0 | 4 | 96 | 0 | 16 | 84 |
| | | 17. Ги поттикнувам учениците на мисловна активност. | 0 | 6 | 94 | 0 | 4 | 96 |
| | | 18. Учениците ги учам да го почитуваат дугото мислење | 8 | 4 | 88 | 0 | 12 | 88 |
| | | 19. Ги поттикнувам учениците да ги задоволуваат своите потреби без да ги загрозат потребите на другите. | 4 | 4 | 92 | 0 | 12 | 88 |
| | | 20. Ги поттикнувам учениците да го развиваат своето критичко мислење. | 0 | 8 | 92 | 0 | 8 | 92 |
| | | 21. Учениците ги упатувам на правилата за правилно однесување во група или пар. | 0 | 12 | 88 | 0 | 12 | 88 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 22. Ги учам учениците да ја почитуваат и негуваат традицијата и културата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 28 | 72 | 0 | 28 | 72 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 23. Ги упатувам учениците како да ги запознаат сопствените способности и сопственостите на другите. | 0 | 8 | 92 | 0 | 20 | 80 |
| | | 24. Ги поттикннувам учениците на солидарност на грижа едни за други а посебно во случаеви кога се работи за етнички, расни и верски предрасуди. | 0 | 3 | 97 | 0 | 3 | 97 |
| | | 25. На учениците им укажувам колку е значајно да се чува и заштитува природата и животната средина. | 0 | 0 | 100 | 0 | 8 | 92 |
| | | 26. На учениците им укажувам колку е значајно да се одржува личната хигиена и сопственото здравје. | 0 | 5 | 95 | 0 | 10 | 90 |
| | | 27. Ги поттикнувам учениците на активно учество во случувањата во училиштето и локалната заедница. | 0 | 11 | 89 | 0 | 12 | 88 |
| **Прашалник за родители** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | **За анализа извршена е анкета со 20 родители и добиени се следните резултати изразени во (%):** | | | | | | |
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете подобро да се снаоѓа во сегашниот и идниот приватен и професионален живот. | 0 | 17 | 83 | 12 | 18 | 70 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето на моето дете му помагаат да се снаооѓа во нови и непознати ситуации. | 1 | 12 | 87 | 9 | 21 | 70 |
| | | 3. Учениците имаат способност да ги поврзат знаењата кои ги стекнале по еден наставен предмет со знаењата кои ги секнале по другите наставни предмети. | 2 | 26 | 72 | 0 | 42 | 58 |
| | | 4. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете да може (без додатни часови) да одговори на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 2 | 26 | 72 | 0 | 42 | 58 |
| | | 5. Успехот што го постигнува моето дете е резултат на големиот поттик и помош што ги добива од наставниците. | 5 | 15 | 80 | 13 | 20 | 67 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6. Запознат/а сум со вonнаставните активности кои ги оранизира училиштето. | 0 | 12 | 88 | 16 | 26 | 58 |
| | | 7. Воннаставните активности одговараат на интересите на моето дете. | 0 | 12 | 88 | 16 | 26 | 58 |
| | | 8. Информиран сум за воннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето (проекти од областа на струката, спортски натпревари, културни, училишни манифестации и сл.). | 0 | 12 | 88 | 16 | 26 | 58 |
| | | 9. Учениците доброволно (без притисок од наставиците) се одлучуваат за учество во некоја секција. | 0 | 7 | 93 | 3 | 27 | 70 |
| | | 10. Часовите по додатна настава му помагаат на моето дете да ги збогати и усоврши своите знаења. | 0 | 20 | 80 | 0 | 29 | 71 |
| | | 11. Советите кои ги упатувам до моето дете се да ја почитуваат и негуваат културата и традицијата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 0 | 100 | 0 | 0 | 100 |
| | | 12. Учениците со своите постапки придонесуваат за зачувување на природата и животната средина. | 0 | 10 | 90 | 0 | 17 | 83 |

**Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости***

**Клучни јаки страни:**

1. Организиран начин на соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и стручнитеслужби.
2. Системски се следи, споредува и анализира состојбата на постигањата, редовноста и поведението на учениците по квалификациони периоди.
3. Учениците и родителите се навремено известени за успехот и напредокот на учениците.
4. Редовно и навремено советување на родители и ученици со намален успех и нередовност во наставата.
5. Односите помеѓу наставникот и учениците и наставникот и родителите се коректни и на професионално ниво.
6. Учествана учениците на натпреварииспостигнувањенависоки резултатина натпревари, саеми, фестивали, конкурси.
7. Модернизирање на наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како ипримена на информациско-комуникациски технологии во наставата, современ пристап во планирањето со користење на нови методи условени од општествено-економските услови и современиот начин на работење и живеење.
8. Успешно реализирање на предвидените наставни содржини, како и постигањата на учениците во ограничени услови за работа во време на Пандемија.
9. Успешна соработка меѓу училиштето и фирмите,што им овозможуваат на учениците дел од наставата да реализираат во фирми и да се стекнат со квалитетни, практично применливи знаења и вештини-дуално образование.

**Слабости:**

1. Учениците не се сите доволно вклучени во вonнаставни активности и соработки со други училишта, факултети и нови проекти. ( најголема пречка Ковид пандемијата)
2. Не доволнаинформираностна сите ученици за воннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето.
3. Дел од Секциите не се сите во функција ( поради Ковид пандемијата и протоколите од страна на надлежните институции )
4. За поголем дел од учениците работата на час и индивидуалната работа дома не се доволни за да можат да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и уснитепроверувања.
5. Наставниците не користат повеќе извори на информации.
6. Недостасуваат обуки за наставници за нивна подготовка да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на настава.
7. Недоволна активност кај учениците.

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Од направениот увид во гореспоменатите документи:Годишна програма за работа на училиштето,Записниците од Советите на паралелка, Дневницитеза работа на паралелка, Записниците од Наставничките совети и Советите на родители, Записници од Училишен одбор, Записници од совет на родители, Записници од стручни активи, податоци од Педагошко- Психолошкослужба, Записници од советување на родители на ученици и записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба, записници од испитните одбори за завршен испит за III- година, записници од училишна матурска комисија, Извештај за работа на Училиштето, евиденција за изостанување од настава и Извештај од реализирана посета на часови може да се заклучи дека состаноците редовно се одржуваат и документацијата се изготвува, се следи успехот и постигањата на учениците и се разгледуваат предлог мерки за нивно подобрување.По завршувањето на првото и второто тримесечие, полугодието и крајот на наставната година се изготвуваат статистички извештаи за постигнатиот успех и поведение на секој ученик посебно, по наставни предмети, по образовни профили и по години. На тој начин е обезбеден целосен преглед од постигнувањата на учениците и дадена е можност за нивна анализа доколку за тоа има потреба.Стручната служба во соработка со родителите, класните раководители и наставниот кадар активно се вклучува во советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината.Бројот на запишани ученици бележи значителен раст. Бројот на отпишани ученици во 2020/21 год. е многу мал односно 4 ученици, додека во 2021/22 е значително зголемен односно 16 ученици, додека бројот на ученици кои не ја завршуваат, односно ја повторуваат учебната година е зголемен. Успехот на ниво на училиште со оглед на ситуацијата со КОВИД пандемијата и онлајн наставата е на задоволително ниво во учебната 2020/21 година, додека во учебната 2021/22 година во првото полугодие успехот е намален во однос на претходната учебна година и тоа се случува и во второто полугодие и тоа најверојатно е резултат на промената од онлајн настава со настава со физичко присуство и прилагодувањето на промените, предизвиците, менталното здравје и други фактори кои произлегоа од пандемијата.Во поглед на полагањетона Државна матура и Завршен испит забележително е зголемен бројот на ученици кои ги полагаат испитите, а има и тренд на префрлање на ученици од Државна матура на Завршен испит. |
| **Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br>**1. Да се организираат вонннаставни активности што ќе одговараат на интересот на учениците и поголем број ученици да се вклучат во нив.**<br>**2. Да се подобри редовноста на дополнителната настава.**<br>**3. Да се превземат активности за повторно активирање на секциите во училиштето.**<br>**4. Да се користат почесто различни извори на информации, нагледните средства и лабораториите во училиштето со цел учениците да стекнат поквалитетни знаења и вештини што лесно ќе ги применуваат во приватниот и професионалниот живот.**<br>**5. Организирање на различни обуки на наставниците за нивно стручно усовршување, како и обуки за работа со ученици со посебни потреби.**<br>**6. Да се превземат активности со кои би се зголемил интересот и мотивацијата на учениците активно да учествуваат за време на часовите.** |

Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НАУЧЕНИЦИТЕ

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Индикатори за квалитет:**

**3.1 Планирања на наставниците**

**3.2. Наставен процес**

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

**3.5 Оценувањето, како дел од наставата**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

| **Собирање на податоци***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.*<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишни планирања** | Училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата и планирањата на наставниците. Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците за поефикасно планирање на часовите се спроведува преку следните активности:<br><br>-обезбедување на наставни планови и програми од Бирото за развој на образованието<br>-соработка со педагошко-психолошката служба<br>-посета на часови од страна на директор,педагог,психолог<br>-учество на наставниците на обуки и семинари<br>-компјутери<br>-кабинети за работа<br><br>Индивидуалните планирања што наставниците ги изработуваат за реализација на наставните планови и програми се: годишен глобален план, тематско планирање и оперативен план за наставен час, план за додатна и дополнителна настава.<br><br>Во училиштето сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до педагошко – психолошката служба во електронска форма. Во планирањата јасно се определени составните елементи: планирани цели, очекувани исходи, методи и техники на работа.<br>Планирањата се следат од педагошко-психолошката служба на почетокот на учебната година и во текот на годината при посетите на часови на наставниците.<br>Во учебната 2020/2021 година вкупно 57 наставници изведувале настава. Во однос на изработка на Годишните тематски планирања за реализација на наставата, констатирана е следната состојба:<br>Целосно изработени планирања (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање за наставен час од секоја тема) предале 43 наставници.<br>А 14 наставници воопшто не изработиле планирања. |

| | |
|---|---|
| | Што се однесува до дополнителната и додатната настава, 46 наставници имаат доставено планирање за дополнителна и додатна настава, а 11 наставници немаат доставено вакви планирања.<br>Програма за работа со ученици по посебни образовни потреби имаат доставено само 2 предметни наставници.<br>Еко содржини во наставата - Во доставените планирања кај вкупно 36 наставници се среќава интегрирање на еко содржини во наставниот процес , а 21 наставници немаат интегрирано еко содржини.<br>Содржини од областа на МИО - меѓуетничката интеграција во образованието во планирањата опфатиле 36 предметен наставник, а 21 наставници немаат планирано.<br>Од вкупно 34 класен раководител, 20 класни раководители доставиле планирање за работа на класниот час, а 14 не доставиле.<br>Планирање за работа со родители доставиле 10 класни раководители, а 24 класни раководители не доставиле.<br>Годишен план и програма за работа секоја година изготвуваат педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето.<br>Во учебната 2021/2022 година 58 наставници изведувале настава. Во однос на изработка на Годишните тематски планирања за реализација на наставата, констатирана е следната состојба:<br>Целосно изработени планирања (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање за наставен час од секоја тема) предале 53 наставници.<br>А 5 предметни наставници воопшто не изготвиле планирања.<br>Во однос на дополнителната и додатната настава, 50 наставници има доставено планирање за дополнителна и додатна настава, а 13 наставници немаат доставено вакви планирања.<br>Програма за работа со ученици по посебни образовни потреби имаат доставено само 2 предметни наставници.<br>Еко содржини во наставата - Во доставените планирања кај вкупно 28 наставници се среќава интегрирање на еко содржини во наставниот процес , а 30 наставници немаат интегрирано еко содржини.<br>Содржини од областа на МИО - меѓуетничката интеграција во образованието во планирањата опфатиле 20 предметен наставник, а 38 наставници немаат планирано.<br>Од вкупно 34 класни раководители, 15 класни раководители доставиле планирање за работа на класниот час, а 19 не доставиле.<br>Планирање за работа со родители доставиле 10 класни раководители, а 24 класни раководители не доставиле.<br>Годишен план и програма за работа секоја година изготвуваат педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето.<br>Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога во случаи кога тоа е потребно. Редовно се следат законските дополнувања и измени и службата се обидува да им понуди на наставниците различни обрасци со кои ќе го унифицира и унапреди водењето на педагошката евиденција. |

| | |
|---|---|
| **Тематски планирања** | Во училиштето, наставниците имаат изготвено тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот на учебната година заедно со годишните планирања ги доставуваат до стручната служба во електронска форма. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата. Во зависност од наставниот материјал и типот на часот учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, мотивирање, разбирање без оглед на пол, социјално потекло и национална етничка и религиозна припадност и независно од нивните квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини.<br>Од прегледаните тематски планирања може да се заклучи дека во нив е вметната примената на ИКТ, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди на учење и не се ограничуваат исклучиво на одобренитеучебници, туку користат и дополнителна литература и извори од интернет, а насоки за користење на интернет наставниците им даваат и на учениците.<br>Во наставните предмети помал дел од наставниците интегрираат и содржини од програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат на возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Сето ова допринесува преку нив да се развие еколошката свест кај учениците.<br>Исто така само неколку наставници интегрираат соджини во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. |
| **Дневни планирања** | Дневни подготовки наставниците доставуваат во електронска форма (по еден час од секоја тема) и во нив ја обработуваат содржината којашто ќе ја предаваат. Формуларот кој се користи за изработка на дневната подготовка содржи: податоци за наставниот предметот, предметниот наставник, наставната единица со датум на реализација, типот на часот, цели кои треба да се постигнат на часот, како и планираните активности како на наставникот така и на ученикот, планираните наставни методи(техники) и форми на наставна работа, наставни средства и помагала, примена на ИКТ во наставата, интегрирање со сродни предмети/содржини, користена литература, согледување на наставникот од реализацијта на наставниот час, текот на часот кој е поделен во три фази (вовед; главен дел и завршен дел).<br>Од дневните планирања може да се заклучи дека наставниците во своите планирања користат разновидни наставни методи (техники) и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците, како и стратегии и техники на учење и поучување. Исто така користат добро испланирани форми за да работат со учениците: индивидуално, во парови – тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално. На овој начин се развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација притоа користејќи ги наставните методи: разговор; прикажување; аналитичко размислување; практична работа; демонстративна; графичко прикажување; компјутерска симулација; лабораториско-експериментални; текст методи; методи за активно учество на учениците во наставата ( листа на аналитичко оценување; самооценување; дебатирање; играње улоги; интервју; развивање на критичко размислување со помош на водич за очекување на реакција; ученички прашања за целисходно учење во наставата...) |

| | |
|---|---|
| | Со помош на современите методи за активно учество на учениците во наставата кај нив се развиваат индивидуалните вештини, како и вештините за соработка и комуникација, решавање на проблеми и одлучување, самооценување, развивање на критичко размислување, истражување и лидерство, како и да сфатат како можат активно и независно да учат. |
| **Планирања за дополнителна и додатна настава** | Педагошко – психолошката служба по предлог од класните раководители и согласно изборот на ученикот изготвува списоци на ученици кои треба да посетуваат додатна и дополнителна настава по соодветните наставни предмети најмногу по два предмети месечно по кои покажуваат незадоволителни резултати, или по два предмети за додатна настава за ученици кои сакаат да ги проширувaат своите знаења, и кои се припремаат за регионални и државни натпревари.<br>За да се реализира дополнителна и додатна настава секој наставник треба да има изработено годишно планирање во кое го наведува наставниот предмет, целите на дополнителната и додатната настава, методите на наставата, нагледните средства и материјали, потребната литература и наставните теми и содржини со одредено време за нивна реализација.<br>Дополнителната настава се однесува за ученици на кои им е потребна помош при совладување на содржините од наставните планови и кои неможат да ги усвојат за време на редовната настава, додека пак додатната настава се однесува за талентирани и надарени ученици кои имаат солидно познавање и покажуваат забележителен интерес кон предметот, како и оние ученици кои се спремаат за учество на натпревари.<br>Во однос на реализација на часови за дополнителна и додатна настава за учебната 2020/2021 и 2021/2022 година, може да се заклучи дека поголем дел од наставниците доставуваат планирање, но многу е помал процентот на реализација на ваквиот вид настава. |
| **Дневници за работа на паралелките** | Во дневниците за работа на паралелките запишана е листата на предмети кои се изучуваат во паралелката, име и презиме на наставниците кои го предаваат предметот, неделен фонд на часови и период на реализација на наставата, евидентирани се податоци на учениците (име, презиме) со адреси на живеење, податоци за родител/старател и преглед на изостаноци на месечно ниво. Исто така запишани се и распоредите на часови на паралелката.<br>За секој одржан час е запишана наставната содржина и редниот број на часот на македонски јазик со кирилско писмо, а часовите по англиски јазик се запишани на англиски јазик.<br>На првиот класен час, класниот раководител ги запознава учениците со наставниот план за учебната година што следи, предметните наставници, и распоредот на часови на паралелката, а во прва година ги запознаваат со кодексот на однесување во училиште.<br>На крајот на првото полугодие се пополнува извештај за планирани и реализирани часови во паралелката.<br>Во учебната 2020/2021 и 2021/2022 година реализацијата на часовите и наставните предмети е 100%.<br>Во дневниците за работа на паралелките се водат записници од одржаните Совети на паралелките (кои се одржуваат еднаш месечно редовно, и вонредно доколку постои потреба од истото) во кои е евидентиран дневниот ред на состанокот, реализација на наставната програма согласно годишните планирања по предмети, анализа на успехот на учениците по ученик и по предмети, анализа на редовноста, педагошки мерки и сл.<br>Во дневниците на паралелките се евидентираат најмалку 4 родителски средби, по една на почетокот на учебната година, по првото тромесечие, по првото полугодие и по второто тромесечие од наставната година.<br>По завршувањето на родителските средби со класните раководители, родителите може да ги посетат или on-line да ги исконтактираат и сите предметни наставници кои предаваат во паралелката со цел подобро да се информираат за постигањата на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се одржува дополнителна и додатна настава, согласно законот за средно образование, во текот на целата наставна година, според неделниот распоред за одржување на часовите објавен на огласна табла во наставничката канцеларија. Одржаните часови се евидентираат на предвиденото место во дневниците за работа на паралелката. Класните раководители доставуваат списоци на ученици кои покажуваат слаб успех и треба да присуствуваат на дополнителна настава со наведени најмногу два предмети во текот на еден месец.<br>Во текот на наставната година во дневниците се евидентираат и слободните часови на училиштето по наставни содржини и присутни ученици во чии рамки учениците реализираат Проектни активности, како и слободните ученички активности.<br>Во рамките на здравствената заштита реализирани се систематски прегледи за учениците од прва година, вакцинации за учениците од четврта година, предавања за превенција болести на зависности – дрога, алкохол, пушење од Здравствен дом Јане Сандански и предавање за сексуално преносливи инфекции и СИДА од Центарот за јавно здравје.<br>Целокупната содржина на пишаниот дневник е пресликана и во електронскиот дневник. Секој предметен наставник задолжително ги внесува оценките и реализираните часови (број и содржина), додека пак класниот раководител ги внесува изостаноците и ги регулира сите останати податоци за класот кои ги има во пишаниот дневник. Од внесените податоци, родителите еднаш неделно, преку СМС пораки се информираат за постигнувањата и редовноста на својот ученик. Во учебната 2020/2021 година предметните наставници внесуваа оценки и реализирани часови и во хартиениот дневник и во електронскиот дневник.Заради состојбата со КОВИД 19 и on-line наставата сите предметни наставници задолжително внесуваа реализирани часови во хартиениот дневник со доаѓање во училиште еднаш неделно по претходно утврден термин. Во учебната 2021/2022 година се водеше само електронски дневник.Тој ги содржи горенаведените информации што ги имаше и во хартиениот дневник. Предметните наставници секојдневно ги внесуваат потребните податоци, како изостаноци, содржина нач асови, состаноци, забелешки и слично. Електронскиот дневник според дадените насокиод БРО и МОН секој месец се печати,се заверува и се чува во архива кај секретарката на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Записници од одржани состаноци од Совет на паралелка** | На Советите на паралелки се следи успехот на учениците по секој наставен предмет одделно. Наставникот на Советот го образложува постигањето на учениците и доколку има поголем број на негативни оценки (3 и повеќе слаби оценки) ги образложува причините за тоа на крајот од првото полугодие, и родителите на тие ученици се упатуваат на советување во педагошко – психолошката служба.<br>Записниците од Совет на паралелка се водат во посебна тетратка од страна на стручниот соработник – библиотекарот на учлилиштето, како и во дневникот за работа на секоја паралелка (пишан и електронски). Во нив се забележува присуството на предметните наставници, степенот на реализација на наставната програма и бројот на неоценети ученици, како и причината за истото од страна на секој предметен наставник поединечно.<br>Забележана е и редовноста на учениците (по ученик, клас и година), педагошките мерки за нередовно посетување на наставата кое е неоправдано но и за облиците на некоректно и недозволено однесување на учениците согласно кодексот на училиштето. Исто така се запишуват и пофалбите на учениците кои покажуваат солидни резултати во однос на успехот, освоени награди во наставни и воннаставни активности и натпревари. Во записниците запишани се и предлог мерките за подобрување на успехот и редовноста на учениците (додатна и дополнителна настава). Исто така може да се забележи дека покрај редовните Совети на паралелка кои се одржуваат секој месец, се свикуваат и вонредни Совети на паралелка доколку се јави потреба од истото.<br>Во учебната 2020/2021 и 2021/2022 година Советите се одржуваа on-line преку платформата Teams заради состојбата со КОВИД 19.<br>По укинување на поголем дел од мерките за заштита од КОВИД 19 во учебната 2021/2022 година Советите за завршните години во месец мај и Советите за прва,втора и трета година во месец јуни се одвиваа со физичко присуство. |
| **Записници од состаноци на Совет на родители** | Советот на родители го сочинуваат родители од сите паралелки од I, II, III и IV година, а се избира од страна на родителите за време на родителските средби на паралелките на ниво на училиште.<br>Состаноците на Советот на родители го врши директорот на училиштето во соработка со педагошката служба и истиот се води според однапред подготвен дневен ред за работа.<br>Записник води стручниот соработник кој е присутен на состанокот.<br>Главните активности на советот на родители се насочени кон подобрување на квалитетот и работата во воспитно – образовниот процес на учениците, подобрување на условите за работа во наставниот процес, подобрување на дисциплината за време на часовите, подобрување на односот наставник – ученик и сл. Советот на родители врши и избор на член на Училишен одбор како и Претседател на советот на родители на ниво на училиште.<br>Секој родител како претставник на одреден клас ги изнесува и проблемите со кои учениците се среќаваат во класот, и ги изнесува предлог мерките за подобрување на состојбата во класовите. Заеднички се разгледуваат проблемите и се превземаат мерки за нивно надминување. Исто така изнесуваат предлози за подобрување на наставата и успехот, условите за работа, безбедноста, подобрување на мотивацијата за учење кое води до подобрување на успехот и сл.<br>Во учебната 2020/2021 и 2021/2022 година состаноците со Советот на родители се одржуваа on-line преку платформата Teams заради состојбата со КОВИД 19. |

| | |
|---|---|
| **Критериуми за оценување на учениците** | Од страна на предметните професори по стручните предмети од нашето училиште изработени се интерни критериуми за оценување на постигањата на учениците, бидејќи од Бирото за развој на образованието постојат кртитериуми само за одредени општообразовни предмети.<br>Во учебната 2020/2021 годинаод вкупно 57 наставници кои реализирале настава, не предале критериуми за оценување 14 наставници, а 43 предметни наставници имаат доставено критериуми до стучната служба во училиштето.<br>Во учебната 2021/2022 годинаод вкупно 58 наставници кои реализирале настава, не предале критериуми за оценување 20 наставници, а 38 предметен наставник има доставено критериуми до стучната служба во училиштето.<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето.Наставниците ги информираат учениците и родителите за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година. Оценувањето е континуирано , јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех. Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на вебстраната на БРО.<br>Наставниците користат разни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците, со цел да го постигнат својот максимум :<br>усни одговори, наставни ливчиња, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.<br>Напредокот на учениците го следи и педагошко-психолошката служба, која информациите ги добива од советите на паралелка, класните раководители, и превзема активности во врска за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето на учениците. |
| **Записници од Наставнички совет** | Наставничкиот совет го усвојува и утврдува успехот на учениците на првото и второто тромесечие, полугодието, крајот на наставната година, по поправните испити во јуни и август. По предлог на Советите на паралелките пофалени се учениците со одличен успех, учениците кои се талентирани, пофалени се и учениците кои земале учество во вонаставните активности, но исто така се изрекуваат и педагошки мерки за ученици со поголем број на неоправдани изостаноци или недолично однесување за време на наставата.<br>Во училиштето има и процедури со кои се овозможува право на поднесување на приговори до наставнички совет, жалби, доколку тие ученици или нивните родители се незадоволни. На крајот на наставната година се избира најдобар клас по успех, по редовност и поведение од завршните класови, во изминатите три години и првото полугодие од четврта година.<br>Покрај тоа Наставничкиот совет доделува награди за поедини и тимски успеси на учениците и тоа: прогласување на ученик на генерација, пофалници за ученици за постигнат одличен успех и примерно поведение, ученици кои го претставиле училиштето на различни натпревари надвор од училиштето, како и талентирани ученици од електротехничка струка.<br>Во текот учебната 2020/2021 година, поради новонастанатата состојба со вирусот КОВИД 19, состаноците на Наставничкиот совет се одржуваа on-line прекуплатформатаTeams ,а само во текот на месец јуни,август и септември се одржуваа со физичко присуство во училишниот двор.<br>И во текот на 2021/2022 година поради новонастанатата состојба со вирусот КОВИД 19, состаноците на Наставничкиот совет се одржуваа on-line прекуплатформатаTeams,а во месец април почнаа да се одржуваат и со физичко присуство откако беа укинати мерките за заштита од вирусот. |

| | |
|---|---|
| **Распоред на часови** | На почетокот на наставната година двајца наставници го изработуваат распоредот на часови по кој се изведува редовната настава. При изработката на распоредот земени се во предвид фондот на часови на наставниците, смената во која работат ( I и II година во една, а III и IV година во друга смена), наставници кои држат настава во други училишта, бројот на наставни предмети.<br>Распоредот е истакнат на видно место во наставничката канцеларија и во холот на првиот спрат во училиштето преку целата година..<br>Освен распоредот за редовна настава, постои и распоред на часови за додатна и дополнителна настава кој се прави според предлозите за термини за нивно одржување од страна на секој предметен наставник, на ист принцип како и распоредот за редовна настава. |
| **Протокол за следење на наставниот процес** | Педагошко – психолошката служба врз основа на изработен инструмент за следење на наставата ја планира и реализира посетата на часови, при што ја следи работата на наставниците и начинот на водење на часот, се со цел за подобрување на наставниот процес. Во учебната 2020/2021 година секој наставник е посетен еднаш во текот на полугодието, односно два пати во текот на наставната година од страна на педагогот, психологот, заменик директорот или директорот на училиштето.А со оглед на ситуација со вирусот КОВИД 19посетата на часови се реализираше on-line прекуплатформата Teams.<br>Во учебната 2021/2022 година кај секој наставник е реализирана посета на час два пати во текот на наставната годинаод страна на педагогот, психологот, заменик директорот или директорот на училиштето. |

**Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)***

| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| ➢ **Прашалник за ученици** | **Васка Ангелковска - Савеска**<br>**Моника Талеска** | Од прашалникот се добиени следниве информации:<br>Учениците сметаат дека на часовите наставниците го остваруваат планираното градиво за време на часот притоа користејќи различни форми и методи за работа при што учениците имаат зголемен интерес за време на часот.Се користат и расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето во зависност од целите и задачите на часот. Наставниците се доволно разбирливи и јасни во изјаснувањето за време на часовите, ги поттикнуваат учениците самостојно да ги решаваат задачите, ги запознаваат учениците со начинот на користење на опремата во училиштето, проверуваат дали може да се примени она што што е научено, навремено ги информираат за постигнатиот успех.Истотака учениците сметаат дека наставниците на крајот на часот обработеното градиво многу ретко го резимираат, тие немаат доволно време за размислување на поставеното прашање, наставниците не на секој ученик му се обраќаат со уважување и не им се посветува поголемо внимание на учениците кои побавно напредуваат. |
| ➢ **Прашалник за наставници** | **Васка Ангелковска - Савеска**<br>**Билјана Ристевска** | Од прашалникот се добиени следниве информации:<br>Наставниците сметаат дека е точно и значајно дека со нивните планирања предвидуваат различни форми на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај учениците. Значајно и делумно точно дека во плановите на работа опфаќаат различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите. Сметаат дека многу е значајно и точно дека писмените проверки временски се усогласени со проверките по другите предмети, прават краткорочни корекции на нивните планови, кога некои од планираните задачи од оправдани причини не се оствариле, остваруваат соработка со колегите при планирање на наставата, со нивните планови на работа ги постигнуваат пропишаните цели и задачи, нивните подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, за подготовка на час користат интернет и други извори, кога се подготвуваат за час ги имаат во предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето и искуството, подготвуваат задачи за работа на час од различна тежина, пред обработка на ново градиво, проверуваат колку учениците го совладале претходното, ги почитуваат дидактичко – методските упатства кои се предвидени во наставната програма, го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата.Изработуваат наставни средства кои ги користат на час.Со учениците кои поспоро напредуваат реализираат дополнителна настава, со учениците кои побрзо напредуваат реализираат додатна настава, оценувањето го извршуваат според пропишаните правила за оценување на учениците, со помош на оценување го проверуваат степенот на усвоени знаења и ниво |

| | | |
|---|---|---|
| | | на разбирање, со помош на оценување ја проверуваат способноста на примена на стекнатите знаења и способности, при оценување ја имаат во предвид активноста на ученикот, им помагаат на учениците кои имаат тешкотии во совладувањето на програмата, проверката на постигнувањето на учениците ја остваруваат во сите фази на наставниот процес, ја почитуваат и остваруваат утврдената процедура за известување на напредувањата на учениците во училиштето.<br>Редовно комуницираат со родителите на учениците.<br>Родителите навремено ги информираат за работата, успехот и однесувањето на учениците. |

**Собирање на податоци***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*

| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прашалник за ученици | Васка Ангелковска - Савеска<br>Моника Талеска | **За анализа извршена е анкета со 30 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** | | | | | | |
| | | **Тврдење/Исказ** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1) На часовите наставниците го остваруваат она што го планирале за обработка. | 7 | 53 | 40 | 0 | 57 | 48 |
| | | 2) Го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | 3 | 13 | 73 | 33 | 48 | 23 |
| | | 3) Применуваат различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот, поттикнувајќи љубопитност и интересирање. | 3 | 13 | 83 | 27 | 48 | 30 |
| | | 4) Динамиката на работа на часот ја прилагодуваат со можностите на учениците. | 3 | 48 | 53 | 33 | 57 | 10 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | 5) На крајот на часот го резимираат обработеното градиво. | 20 | 37 | 48 | 37 | 48 | 20 |
| | | 6) Наставниците јасно и правилно се изразуваат за време на часовите. | 0 | 23 | 77 | 13 | 50 | 36 |
| | | 7) Наставникот проверува дали учениците ги разбрале дадените прашања и упатства. | 3 | 23 | 77 | 3 | 70 | 20 |
| | | 8) Ги охрабрува учениците да ги изнесуваат своите мислења. | 3 | 30 | 67 | 30 | 48 | 26 |
| | | 9) Имаме доволно време за размислување после поставено прашање. | 3 | 23 | 73 | 27 | 50 | 23 |
| | | 10) Наставниците на секој ученик му се обраќаат со уважување. | 10 | 37 | 53 | 30 | 53 | 16 |
| | | 11) Поттикнуваат солидарност и одговорност во групната работа. | 7 | 33 | 60 | 27 | 33 | 40 |
| | | 12) Наставниците ги поттикнуваат учениците заеднички да доаѓаат до решенија на поставените задачи. | 10 | 17 | 73 | 37 | 27 | 36 |
| | | 13) Ги поттикнуваат учениците самостојно да ги решаваат задачите. | 0 | 37 | 63 | 0 | 30 | 70 |
| | | 14) Ги упатуваат учениците на истражувачка работа. | 13 | 27 | 60 | 30 | 40 | 30 |
| | | 15) Ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања и да дискутираат. | 7 | 30 | 63 | 23 | 33 | 48 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 16) Им посветуваат поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат. | 3 | 3 | 87 | 7 | 63 | 30 |
| | | 17) При учење на нови содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат знаењата и вештините кои ги стекнале во други области. | 7 | 40 | 53 | 7 | 60 | 33 |
| | | 18) Ги поттикнуваат учениците, она што го научиле да го користат во секојдневниот живот. | 10 | 33 | 57 | 20 | 30 | 50 |
| | | 19) Им препорачуваат на учениците да користат дополнителни информации (весници, стручни книги, интернет). | 0 | 23 | 77 | 17 | 30 | 50 |
| | | 20) Ги запознаваат учениците со начинот на користење на опремата во училиштето. | 10 | 33 | 57 | 20 | 30 | 53 |
| | | 21)Наставниците не учат како да го разликуваме важното од неважното | 0 | 17 | 83 | 27 | 37 | 36 |
| | | 22) Не поттикнуваат да учиме по пат на откривање и решавање на проблеми. | 0 | 40 | 60 | 27 | 23 | 50 |
| | | 23) Применуваат различни форми, методи на работа на час, бидејќи не сите ученици имаат исти стилови на учење, способности и интересирања. | 7 | 3 | 83 | 50 | 37 | 13 |
| | | 24) Проверуваат дали знаеме и умееме да го примениме она што сме го научиле. | 0 | 33 | 67 | 13 | 53 | 33 |
| | | 25) Кај учениците развиваат одговорност за сопствено напредување и постигнување резултати. | 10 | 20 | 37 | 27 | 57 | 31 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 26) Ги поттикнуваат учениците да си поставуваат долгорочни и краткорочни цели. | 3 | 30 | 67 | 23 | 40 | 16 |
| | | 27) При вреднување на знаењето не прашуваат и важно им е нашето мислење. | 3 | 20 | 67 | 23 | 27 | 50 |
| | | 28) Ги поттикнуваат учениците објективно да го проценуваат своето знаење. | 7 | 27 | 77 | 6 | 3 | 83 |
| | | 29) Навремено не информираат за постигнатиот успех. | 7 | 3 | 83 | 30 | 48 | 26 |

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје     Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

| **Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** | | | | | | |
| | **Васка Ангелковска - Савеска<br>Билјана Ристевска** | 1) Со моите планови предвидувам различни форми и методи на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај учениците. | 0 | 3 | 60 | 3 | 7 | 97 |
| | | 2) Во моите планови на работа опфаќам различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите. | 0 | 17 | 73 | 7 | 20 | 70 |
| | | 3) Писмените проверки временски се усогласени со проверките по другите предмети. | 3 | 17 | 73 | 8 | 32 | 60 |
| | | 4) Правам краткорочни корекции на моите планови, кога некои од планираните задачи од оправдани причини не се оствариле. | 0 | 20 | 64 | 3 | 2 | 67 |
| | | 5) Со моите планови на работа ги постигнувам пропишаните цели и задачи. | 0 | 10 | 77 | 3 | 24 | 77 |
| | | 6) За подготовка на час користам интернет и други извори. | 0 | 3 | 50 | 3 | 57 | 77 |
| | | 7) Кога се подготвувам за час ги имам во предвид разликите помеѓу учениците | 3 | 7 | 47 | 3 | 10 | 67 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во напредувањето, знаењето и искуството. | | | | | | |
| | | 8) Пред обработка на ново градиво, проверувам колку учениците го совладале претходното. | 3 | 7 | 80 | 3 | 27 | 67 |
| | | 9) Ги почитувам дидактичко – методските упатства кои се предвидени во наставната програма. | 3 | 14 | 67 | 3 | 3 | 97 |
| | | 10) Изработувам наставни средства кои ги користам на час. | 3 | 14 | 70 | 3 | 27 | 60 |
| | | 11) Го користам расположливиот простор,опрема и услови за работа на училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | 0 | 7 | 53 | 3 | 3 | 77 |
| | | 12) Со учениците кои поспоро напредуваат реализирам дополнителна настава. | 0 | 10 | 53 | 0 | 7 | 73 |
| | | 13) Со учениците кои побрзо напредуваат реализирам додатна настава. | 0 | 13 | 77 | 0 | 3 | 63 |
| | | 14) Оценувањето го извршувам според пропишаните правила за оценување на учениците. | 0 | 3 | 83 | 0 | 7 | 67 |
| | | 15) Со помош на оценување го проверувам степенот на усвоени знаења и ниво на разбирање. | 0 | 7 | 83 | 0 | 3 | 70 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 16) Со помош на оценување ја проверувам способноста на примена на стекнатите знаења и способности. | 0 | 3 | 83 | 0 | 3 | 73 |
| | | 17) При оценување ја имам во предвид активноста на ученикот. | 0 | 7 | 53 | 0 | 3 | 73 |
| | | 18) Им помагам на учениците кои имаат тешкотии во совладувањето на програмата. | 0 | 0 | 80 | 0 | 10 | 67 |
| | | 19) Проверката на постигнувањето на учениците ја остварувам во сите фази на наставниот процес. | 0 | 0 | 80 | 0 | 0 | 70 |
| | | 20) Родителите навремено ги информирам за работата, успехот и однесувањето на учениците. | 0 | 3 | 76 | 0 | 3 | 70 |
| | | 21) Редовно комуницирам со родителите на учениците. | 0 | 10 | 67 | 0 | 0 | 73 |

| **Резултати:*Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости*** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>1. За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>2. Практична примена на стекнатите знаења на учениците<br>3. Континуирана соработка со родителите и навремено и редовно информирање за напредокот на учениците<br>4. Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи во училиштето, совети на паралелки, совети на родители, родителски средби, советување на родители.<br>5. Наставниците редовно и ажурно ја водат педагошката документација |
| **Слабости:**<br><br>1. Наставниците не водат доволно грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.<br>2. Наставниците имаат потреба од обука за работа со талентирани, надарени ученици<br>3. Наставниците имаат потреба од обука за работа со ученици со посебни образовни потреби |

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Настава е организиран воспитно-образовен процес кој се одвива плански и организирано под водство на наставник и во присуство на ученик. Наставната работа е насочена кон севкупниот развиток на учениците и има три основни задачи: материјална задача - усвојување на знаења; функционална задача - создавање и развој на способности (психофизички развој); воспитна задача - усвојување на морални правила, норми на однесување и сл. Наставата се планира и организира согласно Наставниот план и програма за средно образование и континуирано се следи и вреднува нејзината реализација. Вид на настава согласно наставниот план во училиштето ќе се остварува и организира:<br>-Задолжителна настава;<br>-Изборна настава;<br>-Дополнителна настава;<br>-Додатна настава;<br>-Слободни ученички активности.<br>Училиштето врши воспитно образовна дејност од електротехничка струка во три образовни профили со четиригодишно траење и два образовни профили со тригодишно траење за редовните ученици.<br>Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава согласно реформираните наставните планови и програми одредени од МОН.<br>На почетокот на секоја учебна година наставниците подготвуваат планирања кои се имплементираат во процесот на наставата. Годишните планирања наставниците ги изработуваат на почетокот од учебната година и ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во електронска форма. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата на часот. Во зависност од наставниот материјал и типот на часот учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, мотивирање, разбирање без оглед на пол, социјално потекло и национална етничка и религиозна припадност и независно од нивните квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини. Во настава наставниците користат разновидни наставни методи, наставни техники и форми за работа кои се соодветни на потребите на учениците, како и стратегии и техники на учење и поучување.<br>Исто така користат и добро испланирани форми за работа со учениците: индивидуални, во парови – тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално, со користење на постоечките нагледни средства и помагала, а по одредени наставни предмети се изведуваат и практични и истражувачки активности. На овој начин се развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик и се стимулираат за повисоки постигања, како и вештините за соработка и комуникација. Целосна подготовка и реализација на наставните содржини континуирано ја следи директорот на училиштето преку посета на часови заедно со стручните соработници во училиштето.<br>Во училиштето постои мотивираност кај учениците за учество во натпревари и вонннаставни активности. Наставниците преку формативно оценување редовно ги следат учениците и ги почитуваат сандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците. Во училиштето е изготвен, прифатен и се почитува од страна на наставниците, родителите и учениците етичкиот кодекс на однесување на учениците за време на наставата и надвор од наставата.<br>Образовните потреби на учениците редовно се идентификуваат и следат преку усното одговарање, контролните задачи и писмените работи.<br>Согласно потребите и способностите на учениците редовно се организира дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности. Но, постои потреба од доедукација на наставниот кадар за работа со надарени деца. |

| |
|---|
| Напредокот на учениците се евидентира бројчано (со оценки од 1 до 5), и на родителите им се достапни на увид и пишаните дневници и електронскиот дневник (2020/2021) и само електронскиот дневник(2021/2022) кој редовно и уредно го водат сите наставници, при што се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците. |
| **Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваподрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>**1. Обука на наставниците за работа со талентирани и надарени ученици**<br>**2. Обука на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби**<br>**3. Да се подобри планирањето и реализацијата на дополнителна и додатната настава** |

| |
|---|
| **Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**<br><br>**Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
| **Индикатори за квалитет:**<br><br>**4.1. Севкупна грижа за учениците**<br>**4.2. Здравје**<br>**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование научениците**<br>**4.4. Следење на напредокот** |

**Собирање на податоци** ***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.***

**(и) Обработка на документи**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **Годишна програма за работа на СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин“ – Скопје за учебната 2020/2021 год. и 2021/2022 год.** | Активностите за унапредување на менталното и физичкото здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност, се еден од основните императиви на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во наставно-образовниот процес се преземаат следните активности:<br>• Од страна на вработените се води целосна грижа за безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето, како за време на часовите, така и за време на одморите. Безбедноста на учениците е прашање кое е на врвот од приоритетите на раководниот тим и на сите вработени во училиштето и искуството покажува дека истата е подобрена, односно за време при патување на учениците од и до училиште, како и за време на престојот во училиштето, нема посериозни инциденти.<br>• Постигната е безбедна, уредна и пријатна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници иученици. Дежурствата во периодот на настава со физичко присуство во услови на пандемија беа продолжени, во согласност со насоките од МОН.<br>• Позитивна работна атмосфера<br>• Секој наставник во рамките на своите индивидуални креативни инвентивни можности е максимално ангажиран за да воспостави попријатна атмосфера на своитечасови.<br>• Друг приоритет, исто така подеднакво значаен е соработката со семејството, која започнува уште пред запишувањето на ученикот во нашето училиште. Стручните соработници, во соработка со педагошко-психолошката служба од основното училиште, низ презентации, разни флаери и дискусии ги запознаваат родителите и учениците со можностите што ги нуди нашето училиште, воннаставните активности, постигнатите успеси и резултати на натпревари, успесите на наши поранешни ученици и друго. Во секое време вакви информации се достапни и на училишната веб –страна.<br>• Секоја година се организираат систематски прегледи и ревакцинација научениците<br>• Во нашето училиште не е идентификувана потребата за згрижување на ученици со посебни образовни потреби во овој период |

| | |
|---|---|
| | • Училиштето располага со лифт за да овозможи лесен пристап на лицата со телесен инвалидитет до сите простории во училиштето, како и посебни патеки за пристап во училишнатазграда.<br>• Во училиштето постои видео надзор.Поставени се камери на влезовите на училиштето и останатите важни точки. Видео надзорот се врши соодветно со предвидената законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци). На иницијатива на Град Скопје е ангажирана и агенција за обезбедување со двајца членови кои се присутни во училиштето во двесмени.<br>• Изработен е план за активности за превенција на насилство во училиштето и секоја година се реализирааат заеднички активности со претставници од МВР и Црвен Крст, на поле на превенција и справување сонасилство.<br>• Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со активностите кои ги вклучува накласните часови и во други форми овозможува подигнување на свесноста на учениците за мултиетничкото општество во кое живееме. |
| **Годишен извештај за работа** | Во училиштето постои систем за заштита на просториите, инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти:<br>• секојдневно (во работните денови) има дежурнипрофесори;<br>• во деновите на викендот постои дежурна служба од техничкиотперсонал;<br>• ноќната смена ја покрива ноќен чувар научилиштето;<br>• воведено е обезбедување од агенција заобезбедување;<br>• доколку учениците работат лабораториски или компјутерски вежби, тие се изведуваат во присуство на предметен професор кој ги информира учениците за тоа како треба да се однесуваат во лабораторија, библиотека, спортска сала, училница, со компјутери и останатите простории во училиштето. Однесувањето е регулирано и со Кодекс за однесување на субјекти воучилиштето.<br>• На учениците секоја учебна година им се овозможува осигурување во осигурителни компании, одлуката за избор на осигурителната компанија и нивото на премија ја носи Советот народители.<br>Училиштето е вклучено во повеќе проекти, работилници и предавања, кои дадоа свој придонес во креирањето и реализирањето на целите и задачите. Проектите се:<br>• Проектот "**Намалување на насилството и унапредување на безбедноста**" – нулта толеранција за насилството во училиштата" продолжи со реализација. Насилството врз и помеѓу децата влијае врз голем број области од училишниот живот и има долготрајни ефекти врз развојот на децата. Тоа го повредува правото на децата да учат во безбедна средина што ги заштитува, а последиците од насилството може да имаат долгорочни последици по добросостојбата, способноста за учење и развојот на децата. Во таа насока се направени документи за: Училишна политика, Училишни протоколи и Училиштен акционен план за намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | • Проектот „**Вештини за вработување**“ кој е со поддршка на Град Скопје, Британскиот совет и ТТК Банка како претставник на бизнис заедницата во соработка со Економското образование на млади менаџери – Junior Achievement Macedonia, продолжи со едукација за претприемништво за средношколци и во нашето училиште.<br>• Проектот „**Обука за одделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот**“, како дел од Оперативниот план на Владата на РСМ, се реализира во училиштето, во соработка со МТС, АВРМ, УСДПИ, ЦСОО и МОН.<br>• Министерството за образование и наука, во насока на подобрување на квалитетот на образовниот процес, продолжи со имплементација на **ЕМИС** и **ХРМ** (Информационен систем за менаџмент во образованието), кој овозможува навремени, доследни, сеопфатни и точни податоци.<br>• Училиштето продолжи со проектот „**Безбедни училишта – Хармонична средина**“.<br>• Во училиштето се реализираа и проектите на Министерство за здравство – Републички завод за здравствена заштита, со презентации и предавања на најразлични теми од областа на здравствената заштита.<br>• Во рамките на проектот „**Хумани вредности**“, група ученици, активисти на Црвен крст, реализираат хуманитарни активности.<br>• **Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието**. Во рамките на овој проект се реализираа повеќе активности во нашето училиште. Целта на активностите е учениците да ги продлабочуваат своите компетенции кои им се потребни за животот во интегрирано мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, почитување на другите, прифаќањето на разликите и еднакви права за сите. Најголем дел од активностите се изведуваат по пат на соодветно избрани работилници, следејќи ги препораките за активности за унапредување на интегрираното образование предвидени со стратешкиот документ Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем на Република Северна Македонија.<br>• Проект **Платформа за колаборативно учењесо интегрирана лабораториска околина на далечина во стручно образование и обука – CORELA** од Еразмус+ со завршните активности: обуки за ученици, наставници и реализација на завршен настан во тек на 2020/2021 година.<br>• Истражувачки проект „**Зелено еко катче**“, учество на јавен повик Предизвик за млади истражувачи 4 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ<br>• Проект „**Виртуелна реалност во средните стручни училишта**“<br>• Проект **Технологија за тебе - Развојни микропроцесорски системи** во организација на Логинг Електроникс и ФЕИТ<br>• Дигитален курс за **3Д моделирање и 3Д печатење** за средношколци<br>• **Образовно рандеву**, во организација на МАССУМ, каде што учениците се натпреваруваат во повеќе категории: интервју за работа, јавно говорење, маркетинг план, веб страна, фотографија, видеореклама, филм, поетска творба, бенд и штанд.<br>• Учество на 100 ученика од прва и втора година на меѓународно тестирање **ПИСА**<br>• Техничка обука за Microsoft Teams<br>• Во нашето училиште се одржа манифестацијата „**Денови на електротехника 2022 година**“. На настанот учествуваа 12 основни училишта на Град Скопје и 2 училишта од Босилево-Струмица и од Македонска |

| | |
|---|---|
| | Каменица со вкупно 42 ученици и 14 ментори.<br><br>Се реализираа и следните проекти на Град Скопје:<br>• **Камп за одржливост – Епизода бр.5**: Велосипедот како алатка за градење на здрава младина<br>• **Дигитална етика**<br>• До квалитетно инклузивно образование во средните училишта во Град Скопје преку употреба на онлајн платформа за поддршка на учениците со пчопреченост<br>• **Средба на прviот со најдобрите**<br>• **Средношколски игри 2021**<br>• Со таеквондо до стекнување здрави животни навики, спречување насилство и развивање на самоконтрола кај средношколците од Град Скопје<br>• Дисеминација на проектот **Европски компетенции – ЕУКОМП** |

| | |
|---|---|
| **Записници од Наставнички совет** | Како начини за мотивација и поттикнување на учениците Наставничкиот совет ги пофалува и наградува со пофалница од училиштето учениците кои постигнуваат примерно поведение и одличен успех или вклученост во воннаставни активности.<br>Воннаставните активности на учениците се можност за продлабочување на воспитната компонента во рамките на воспитно-образовниот процес. Создадена е училишна клима која подразбира учество на сите организирани општински, републички манифестации, натпревари, како и спортски случувања.<br>Според препораки и насоки од Министерството за образование и наука, а со цел да се почитуваат испроведуваат мерките за заштита и превенција од КОВИД 19, Советите на паралелка и Наставничкитесовети, во учебната 2020/2021 се одржуваа онлајн, преку платформата Microsoft Teams.<br>Во учебната 2021/2022 година, советите во поголемиот дел се одржуваа онлајн, преку платформата Microsoft Teams, сè до моментот кога мерките и протоколите за Ковид-19 беа укинати на државно ниво, па нивната реализација продолжи комбинирано со физичко присуство во училиштето и онлајн преку MS Teams. |
| **Записници од совети на паралелка** | Класните раководители, врз основа на индивидуалната евиденција на учениците, редовно подготвуваат извештаи за совети на паралелка по квартали, односно тримесечие, на полугодие, крај на наставната и учебна година. Изготвените извештаи по паралелки се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за останатите наставници, за родителите и за самите ученици. Врз основа на вака подготвените извештаи по класови, односно по година се прави статистика која подоцна се користи за споредба на успехот и поведението од минатите години. Овие резултати од анализите се користат за подобрување навоспитно-образовниот процес.<br>Во училиштето е воспоставена практика на одржување совети на паралелка секој месец, што овозможува подобро следење на успехот, постигањата и редовноста на учениците.<br>Според препораки и насоки од Министерството за образование и наука, а со цел да се почитуваат испроведуваат мерките за заштита и превенција од КОВИД 19, Советите на паралелка и Наставничкитесовети, во учебната 2020/2021 се одржуваа онлајн, преку платформата Microsoft Teams.<br>Во учебната 2021/2022 година, советите во поголемиот дел се одржуваа онлајн, преку платформата Microsoft Teams, сè до моментот кога мерките и протоколите за Ковид-19 беа укинати на државно ниво, па нивната реализација продолжи со физичко присуство во училиштето. |
| **Дневници за работа на паралелките** | Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во е-дневникот.<br>Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на приемниот ден на предметниот професор, а и во други термини во зависност од потребите.<br>Успехот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечие, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат и на е-маил адресата на родител/старател, или преку СМСпорака.<br>На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br>Класните раководители на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителски средби.<br>За учениците кои покажуваат послаби резултати по одделни наставни предмети, во училиштето се спроведува |

| | |
|---|---|
| | дополнителна настава. Се изведува според претходно истакнати термини од страна на предметните наставници. Консултации и други форми на помош за подготвување на учениците за полагање на поправните испити се организира во планираните рокови со календарот на работа на јавните училишта, како и пред секоја сесија за вонредните испити и во термини кои ги имаат планирано наставниците.За реализација на дополнителна и додатна настава секој наставник изработува годишно планирање на почеток од учебната година.<br>За успешно полагање на државната матура и завршните испити во училиштето се организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците за Македонски јазик и литература, Англиски јазик и Математика, како и по стручните предмети кои се плагаат. Дополнителната настава се изведува на две нивоа:<br>• Континуирано – по предметите по кои учениците покажуваат послабирезултати;<br>• Пред писмени работи, при согледување на предметниот наставник за потешкотиите во совладување на некои тематски целини, по барање научениците.<br>Додатна настава се организира со цел учениците да ги продлабочат знаењата од одредени области за кои тие ќе покажат интерес, а по претходно изготвена програма која ќе се проширува по иницијатива на учениците. На поголемиот дел од учениците ваквиот начин на настава им помага да постигнат солидни резултати на различните натпревари во знаење.<br>За подобра грижа на учениците во училиштето се предвидени и се реализираат низа активности, како што се: систематски прегледи за учениците од прва година, предавања, соработка и презентации на теми од областа на здравјето и здравствените проблеми и заштита. За учениците од завршните години<br>предвидени се и се реализираат вакцинации (тетанус). Двапати годишно се организира крводарителска акција, при што традиционално се вклучени голем број ученици од трета и четврта година. |

| | |
|---|---|
| **Статут на училиштето** | Согласно статутот на училиштето на ученикот-ученичката им се изрекува соодветно поведение:<br>• Примерно поведение – до 10 неоправданиизостаноци;<br>• Добро поведение – од 11 до 15 неоправданиизостаноци;<br>• Незадоволително поведение – од 16 до 25 неоправданиизостаноци;<br>Статутот предвидува педагошки мерки во случај на несоодветно однесување на учениците. За сите изречени педагошки мерки, писмени опомени, се известуваат родителите и се водат советодавни разговори во педагошко-психолошката служба, со класниот раководител и ученикот/ученичката. |
| **Кодекс во училиштето** | Кодексот на училиштето помага за справување со насилничко и неадекватно однесување за кое следи законска казна или педагошка писмена опомена, сè со цел превенција од насилство, несоодветно однесување во училишните простории и училишниот двор. Во кодексот се дефинирани: основни норми и начела, односот на учениците кон училиштето, семејството и поширокaта околина, облиците на однесување кои се недозволени, односно кое однесување треба да се стимулира и кои се должностите на учениците. Се забранува секаков вид насилство од страна на возрасните и учениците.<br>Жртвите, родителите на жртвите или/и сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурата за жалби, а во случај на поплака училиштето реагира навремено и непристрасно.<br>Училиштето има политика на забрана на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанци, што е опфатена со овој Кодекс на однесување, како и со Статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Програми за работа во секции** | Во нашето училиште во последниве две години, заради пандемијата, не функционираше ниту една секција. Се планира сериозно заживување и продолжување со работата на секциите во наредната учебна година.<br>Делумно функционираше секцијата по Англиски јазик, исклучиво за декорација на училиштето по повод празници. |
| **Договори за реализација на практична настава и феријална пракса на ученици кај работодавачи** | Во четиригодишно образование Феријална пракса посетуваат сите ученици од прва до трета година. Учениците од прва година имаат пет дена, учениците од втора година реализираат десет дена, а учениците од трета година петнаесет дена годишно. Феријалната пракса се реализира во текот на летниот распуст во компанија која ја избираат учениците со своите родители.<br>Во текот на наставната година, во неделниот распоред учениците од трета и четврта година во предметот Учење преку работа кај работодавач работат со соодветен распоред во компании, под надзор на сертифицирани ментори. За трета година, според наставниот план, предвидени се четири часа, а за четврта се предвидени шест часа неделно.<br>Во 2020-2021 година Учење преку работа кај работодавач реализираа само ученици од четврта година од насоката КТА, а оваа година предметот го реализираа учениците од трета година од сите насоки во училиштето, а во четврта само паралелките од насоката КТА.<br>Во тригодишно образование, според наставниот план, учениците реализираат Практична настава во компании со соодветни договори. За реализација на практичната настава, училиштето соработува со компаниите ЕВН, Макстил, Либерти, Раде Кончар и Усје.<br>Учениците реализираат и Феријална пракса во прва и втора година во текот на летниот распуст.<br>Учениците од прва година имаат Практична настава во неделен распоред комбинирано училиште-компанија седум часа, а Феријална пракса дваесет дена годишно. Учениците во втора година имаат Практична настава во неделен распоред комбинирано училиште-компанија дванаесет часа, а Феријална пракса во траење од дваесет дена годишно. Учениците од трета година имаат Практична настава во траење од петнаесет часа неделно во комбинација училиште-компанија.<br>За реализација на Феријална пракса и Учење преку работа кај работодавач во компанија сите ученици потпишуваат Договор за практична обука на ученици кај работодавач. За нивниот работен ангажман во компаниите во рамки на Феријалната пракса и Учење преку работа кај работодавач, учениците пополнуваат соодветен Дневник за работа. |
| **Обрасци за следење на редовноста на учениците-корисници на социјална помош “Условен паричен надоместок”** | Постои заемна соработка со центарот за социјална работа во однос на ученици со социјални проблеми. За учениците кои користат социјална помош се имплементира проектот „Условен паричен надоместок“. Координаторот изготвува квартални извештаи за редовноста на учениците и доколку се исполнети условите следува парична помош. |

| | |
|---|---|
| **Записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба** | Училиштето преку педагошко - психолошката служба и класните раководители и другите субјекти вклучени во образовниот процес ги следи емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици. Најчесто, кога учениците се обраќаат за помош, совет или поддршка за своите проблеми или потреби од било кој карактер, педагошко - психолошката служба преку разговор, советување, емпатија, поддршка им помага во решавањето на проблемот или задоволувањето на потребата или ги упатува до надлежните институции.<br>Со цел интензивирање и подобрување на работата на училиштето на ова поле, во иднина се планира да се работи на подобрување на административната регулатива во работатата со учениците и родителите на кои им е потребна поголема помош и поддршка за успешно реализирање на воспитната и образовната работа.<br>Доколку се забележи таква појава, веднаш интервенираат најпрво класните раководители или самите ученици, педагошко-психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата. Доколку има потреба се комуницира со надлежните институции како Центар за социјална работа или МВР.<br>Педагошко-психолошката служба во нашето училиште, се грижи и е постојано отворена за соработка и помош како на наставниците, така и на родителите и учениците. Службата се вклучува и помага како при проблем што зафаќа цел клас или група на ученици, така и индивидуално со секој ученик кој самоиницијативно се обраќа и бара помош, или по препорака на професор. Исто така во рамки на службата, покрај индивидуалните се реализираат и групни советувања на родители, според законските одредби.<br>Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на високо-образовни институции во Републиката и условите за упис на истите, им овозможува директна средба со претставници на овие институции кои вршат презентација на своите програми.<br>Учениците преку класните раководители учат за изборот на понатамошното образование.<br>Во најголем дел од учебните 2020/2021 и 2021/2022 работата со ученици и родители на педагошко-психолошката служба се одвиваше телефонски или преку платформата Teams, по избор на контактираниот родител. Во помал обем, после укинувањето на мерките и протоколите за ковид-19 и по избор на родителот, работата се одвиваше со физичко присуство во училиштето. Записници се изготвени за разговорите при изрекување на педагошките мерки на учениците. |
| **Записници од советување на родители на ученици** | Согласно законот за средно образование, родителите на учениците кои имаат слаб или намален успех во учењето или нередовно посетуваат настава и несоодветно се однесуваат во училиштето, се повикуваат на советување со цел да се укаже помош. На советувањето се врши едуцирање на родителите за<br>Начините на кои може да се подобрат вештините за воспитување на децата, да се унапредат односите во семејството за да можат да се справат со тешкотиите и предизвиците. Психолошко–педагошката служба во учебната 2020-2021 година одржала 70 советувања, а во 2021-2022 година 163 советувања. За советувањето родителите се повикани со уредно подготвени писма, според дадениот правилник.<br>Во најголем дел од учебните 2020/2021 и 2021/2022 работата со ученици и родители на педагошко-психолошката служба се одвиваше телефонски или преку платформата Teams, по избор на контактираниот родител. Во помал обем, после укинувањето на мерките и протоколите за ковид-19 и по избор на родителот, работата се одвиваше индивидуално со физичко присуство во училиштето. За секое советување изготвен е записник-формулар, кој МОН го задава на училиштата за овој вид на активност. |

| | |
|---|---|
| **Евидентни листови** | Секој класен раководител води одделна педагошка евиденција преку т.н евидентни листови за секој ученик/ученичка одделно по квартали. Вака уредната евиденција е достапна за секој родител, а воедно и прегледна и укажува за напредокот на ученикот/ученичката од почетокот па сè до крајот на учебната година.<br>Податоците се внесуваат во електронска форма во системот на училиштето. Покрај печатењето на овие евидентни листови, податоците се користат и за статистичка анализа на успехот на ниво на паралелка, година и училиште. Исто така се користат и за изработка на главни книги, свидетелства и дипломи. Евиденцијата за редовноста и поведението на учениците, им е достапна на сите наставници во училиштето и тоа:<br>• На предметните професори, на секој наставнички колегиум кога на дневен ред е успехот и поведението на учениците, во секој класификационенпериод;<br>• На педагошко-психолошката служба кога се појавува некој проблем со изостаноците или однесувањето научениците;<br>• Класниот раководител редовно ги информира учениците на класнитечасови;<br>• Класниот раководител ги информира родителите за успехот и поведението на учениците како на родителските средби, така и индивидуално, на часовите за прием на родители, како и по електронски пат, преку смс пораки и електронскидневник;<br>• Директорот на училиштето на средбите на Советот на родители, ги информира родителите за постигнатитерезултатиипредлагамеркизаподобрувањенаистите,врзоснованапостојните<br>податоци. |

| | |
|---|---|
| **Интерен акт-план** | Изработен е Интерен акт-план за постапување во случај на природни и елементарни непогоди и план за евакуација. Исто така има обучени тимови од наставници за противпожарна заштита, прва помош и спроведување на евакуација. Во училишето има одржано вежби како да се интервенира во случај на справување со евакуација, исто така има и план за евакуација транспарентно истакнат на секој спрат од училиштето.Одржана е и вежба за употреба на ПП апарат како дел од против-пожарна заштита. |
| **Пожарен куќен ред** | Училиштето има изготвено „Пожарен куќен ред“ – согласно член 79 од Законот за заштита и спасување, за заштита од пожари на деловни и индустриски објекти. Пожарниот куќен ред се состои од: Опасности од пожари во деловните ииндустриските објекти, мерки за заштита од пожари во деловните и индустриските објекти и упатство за постапка во случај на пожар. |
| **Правилник за заштита од пожар** | „Правилник за заштита од пожари“ е заверен и документиран кај секретарот на училиштето. Вработените се едуцирани за користење противпожарни апарати, како и заштита од пожар. Во училиштетоима противпожарни апарати кои се исправни и редовно се сервисираат од овластени фирми. |

| **Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Интервју со одговорниот професор на КАРИЕРНИОТ ЦЕНТАР**<br><br>**Ана Коколанска** | **Гордана Дамјаноска** | Кариерниот центар континуирано работи со помали падови во активностите од 2005/2006 година, кога и е формиран, а во него најчесто се изведуваат и реализираат активности од слободни часови, подготовки за вработување и работа, вежби и подготовки за интервју за работодавачи, како и вежби и подготовки за интервју за вработување, кои се изведуваат во компанијата SEAVUS. Тука спаѓаат: изработка на CV, мотивационо писмо и кариерно портфолио. На овој начин се врши оспособување на учениците за активно барање работа, ефективно комуницирање и за јавно говорење. Секоја година се организираат натпревари во склоп на образовното рандеву, во коиактивно учество имаат овие ученици во сите понудени области за натпреварување. |
| **Интервју со Помошник директор за ПРАКТИЧНА НАСТАВА**<br><br>**Наташа Божиновска** | **Софија Темкова** | Практичната обука (практична настава, вежби, учење преку работа кај работодавач) учениците ја реализираат комбинирано во училиште и компанија. Во наставните програми по стручните предмети, планирани се обуки за примена на прописите и МКС стандардите за заштита на околината и заштита при работа кои предметниот наставник ги реализира на почетокот на годината. Во компаниите учениците се обучуваат за дополнителни заштитни мерки карактеристични за дејноста која ја вршат. Во месец мај во училиштето се одржува обука на учениците од прва година за заштита и безбедност при работа од страна на наставниот кадар кој е сертифициран за ваква обува. Оваа обука е задолжителна за реализација на феријалната пракса за време на летниот распуст на учениците. Лабораториите и работилниците за реализација на вежбите се технички и материјално опремени за потребите на наставните програми и мини аптека за прва помош. |

| | | |
|---|---|---|
| **Увид во просторните капацитети на училиштето** | **Маја Наумовска** | Водени од мотото на училиштето, примената на новите стандарди за раководниот тим на училиштето значеше дополнителни залагања кои дадоа резултати и обезбедија солидни материјално тенички услови за реализирање на наставата во согласност со нормативите и потребите на учениците. Една од главните цели беше преку доопремување и целосна реконструкција на некои кабинети да се подобри воспитно- образовниот процес, односно да се создадати обучат кадри кои ќе бидат препознаени на пазарот на трудот.<br>Чисти и одржувани канцеларии, училници, лаборатории, кабинети, работилници, спортски сали и соблекувални. Варосани, неоштетени и просторно соодветни училници (врати, прозорци и училишен инвентар), лаборатории, спортски сали, соблекувални, ходници, подни површини.<br>Инфраструктурата (мебелот, скалите, влезот, дворот, училниците, подовите, електричната инсталација) во училиштето се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за учениците и наставниот кадар. Понкривот на училиштето е во добра состојба, неоштетен и не прокиснува, фасадата од предната страна е нова и обновена, а<br>прозорите се нови пластицифирани и термоизолациони со кои се влијае на заштедата на топлинската енергија во зимската сезона. |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за ученици** | **Софија Темкова** | **За анализа извршена е анкета со 70 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јелена Стојановиќ Јосифовска | Прашање | Незначајно | Значајно | Многу значајно | Неточно | Делумно | Точно |
| | | 1. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | 8 | 29 | 63 | 6 | 42 | 52 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Во училиштето се почитуваат протоколите за настава со физичко присуство во услови на пандемија. | 14 | 31 | 55 | 13 | 48 | 39 |
| | 3. Знам каде да се обратам во случај да е загрозена мојата безбедност во училиштето. | 3 | 27 | 70 | 13 | 37 | 50 |
| | 4. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите ситуации кои ја загрозуваат нашата сигурност и безбедност во училиштето. | 1 | 29 | 70 | 18 | 41 | 41 |
| | 5. Знам каде да се обратам во случај да имам емоционални здравствени или социјални проблеми/потреби. | 14 | 37 | 49 | 23 | 40 | 37 |
| | 6. Наставникот е секогаш подготвен да ги сослуша моите проблеми кои немаат директна врска со училиштето. | 8 | 51 | 41 | 29 | 40 | 31 |
| | 7. Наставникот е секогаш подготвен за разговор со моите родители. | 6 | 55 | 39 | 6 | 52 | 42 |
| | 8. Во училиштето нè учат како да учиме (нè упатуваат на разни техники на учење). | 5 | 54 | 41 | 14 | 59 | 27 |
| | 9. Поуспешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи. | 12 | 51 | 37 | 24 | 37 | 39 |
| | 10.Наставниците ги организираат учениците, така што поуспешните ученици им помагаат на оние кои побавно напредуваат. | 4 | 48 | 48 | 27 | 40 | 33 |
| | 11. Наставниците им помагаат на учениците кои побавно напредуваат на часовите на дополнителната настава. | 3 | 44 | 53 | 13 | 47 | 40 |
| | 12. На талентираните ученици им се овозможени посебни форми на работа надвор од редовната настава(на часовите по додатнанастава, секции, истражувачка работа и сл.) | 13 | 40 | 47 | 20 | 46 | 34 |
| | 13. Училиштето остварува соработка со училишта од странство каде се реализираат различни проекти за стручно усовршување на учениците. | 12 | 37 | 51 | 20 | 53 | 27 |
| | 14. Учениците не се досадуваат на час. | 15 | 31 | 54 | 45 | 39 | 16 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 15. На часовите работам онолку брзо колку што сакам. | 14 | 41 | 45 | 4 | 37 | 39 |
| | 16. Не учам само од дадениот материјал, користам и други извори на информации(книги, весници, интернет). | 11 | 41 | 48 | 17 | 45 | 38 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 17. Знам да го следам и проценам сопственото напредување и остварените резултати. | 6 | 48 | 46 | 8 | 48 | 44 |
| | | 18. Во училиштето нè учат да имаме доверба во сопственото знаење и способности. | 6 | 41 | 53 | 17 | 51 | 32 |
| | | 19. Во училиштето нè учат да бидеме одговорни за своите постапки. | 5 | 40 | 55 | 13 | 49 | 38 |
| | | 20. Во училиштето нè поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе. | 13 | 34 | 53 | 25 | 43 | 32 |
| | | 21. Во училиштето нè учат да се грижиме за природата и да ја чуваме. | 10 | 47 | 43 | 23 | 48 | 29 |
| | | 22. Во училиштето се негува тимска работа. | 8 | 30 | 62 | 16 | 48 | 36 |
| | | 23.Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците. | 8 | 38 | 54 | 7 | 53 | 40 |
| | | 24. Вклучен/а сум во работата барем на една воннаставна активност во училиштето. | 18 | 44 | 38 | 40 | 32 | 28 |
| | | 25. Со учество во некоја воннаставна активност ги задоволувам своите интересирања и ги развивам своите таленти. | 18 | 41 | 41 | 33 | 40 | 27 |
| | | 26. Низ разговорите во училиштето се информираме како да го продолжиме образованието или да се вработиме. | 5 | 32 | 63 | 18 | 46 | 36 |
| | | 27. Наставниците нè поттикнуваат да бараме дополнителни информации во врска со понатамошното образование. | 10 | 32 | 58 | 17 | 43 | 40 |
| | | 28. Во училиштето можам да добијам совет во врска со изборот на понатамошно школување. | 3 | 41 | 55 | 14 | 41 | 45 |
| | | 29. Наставниците ја истакнуваат потребата од перманентно(целоживотно) учење. | 13 | 52 | 35 | 11 | 52 | 37 |
| | | 30. Наставниците ми помагаат да ги проценам своите способности, знаења и умеења кои ќе ми служат за понатамошно учење и вработување. | 13 | 38 | 49 | 19 | 50 | 31 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 31. Задоволен/на сум со квалитетот на информации и совети што ги добиваме во училиштето во врска со нашето понатамошно образование и вработување. | 3 | 38 | 59 | 16 | 48 | 36 |
| | | Учениците сметаат дека се безбедни во училиштето, а во случаи кога е загрозена нивната безбедност, знаат каде да се обратат. Според нив, наставниците се подготвени за разговор и соработка и им помагаат на учениците кои побавно напредуваат, на часовите на дополнителната настава. Потребно е учениците да се поттикнуваат да се грижат за другите луѓеи природата. Треба да се зголеми активноста на учениците за време на часовите за да не им биде здодевно, како и интересот на учениците за воннаставни активности. | | | | | | |

| Прашалник за наставници | Софија Темкова<br><br>Јелена<br><br>Стојановиќ<br><br>Јосифовска | За анализа извршена е анкета со 35 наставници и добиени се следните резултат изразени во %: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е** | **Точно** |
| | | 1. Се чувствувам одговорен/на за сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | 0 | 18 | 82 | 0 | 9 | 91 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Обврските кои ги имам во врска со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето се јасни и прецизни. | 0 | 24 | 76 | 0 | 30 | 70 |
| | 3. Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците. | 0 | 27 | 73 | 0 | 40 | 60 |
| | 4. Ги почитувам протоколите за настава со физичко присуство во услови на пандемија. | 0 | 9 | 91 | 3 | 12 | 87 |
| | 5. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите пропусти во врска со сигурноста и безбедноста на учениците. | 0 | 24 | 76 | 0 | 36 | 64 |
| | 6. Активно се вклучувам во превенција и детектирање на појавата на пушење во училиштето. | 17 | 34 | 49 | 15 | 36 | 59 |
| | 7. Постојат добро осмислени процедури за реагирање во случај на насилно однесување, злоупотреба на дрога и алкохол. | 0 | 29 | 71 | 0 | 39 | 61 |
| | 8. Ги поттикнувам учениците да се грижат за своето здравје. | 0 | 18 | 82 | 0 | 9 | 91 |
| | 9. Ако забележам дека некој ученик има емоционални, здравствени и социјални проблеми, знам каде да се обратам. | 0 | 15 | 85 | 0 | 24 | 76 |
| | 10. Секогаш сум подготвен/а да ги сослушам учениците или родителите. | 0 | 18 | 82 | 3 | 12 | 87 |
| | 11. Компетентен/на и подготвен/а сум да реагирам на едноставни емоционални, здравствени и социјални проблеми/потреби на учениците. | 3 | 26 | 71 | 3 | 12 | 85 |
| | 12. Свесен/на сум дека моето однесување е пример за учениците, родителите и колегите. | 3 | 18 | 79 | 3 | 12 | 87 |
| | 13. Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима. | 0 | 15 | 85 | 0 | 21 | 79 |
| | 14. Сите во училиштето се поттикнуваат на толеранција, заемно почитување, соработка, грижа за другите. | 0 | 18 | 82 | 0 | 39 | 61 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 15. Учениците ги поттикнувам да се грижат за другите луѓе. | 0 | 24 | 76 | 0 | 15 | 85 |
| | 16. Кај учениците ја развивам способноста за тимска работа. | 0 | 21 | 79 | 0 | 18 | 82 |

| Прашалник за родители | Маја Наумовска Гордана Дамјаноска | За анализа извршена е анкета со 60 родители и добиени се следните резултати изразени во %: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно** | **Точно** |
| | | 1. Редовно присуствувам на родителски средби. | 2 | 43 | 55 | 2 | 54 | 44 |
| | | 2. Лично се информирам за успехот и поведението на моето дете, надвор од родителските средби. | 6 | 58 | 36 | 2 | 62 | 36 |
| | | 3.Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците во училиштето. | 2 | 44 | 54 | 8 | 46 | 46 |
| | | 4. Го советувам моето дете да ги почитува протоколите за настава со физичко присуство во услови на пандемија. | 2 | 42 | 56 | 2 | 42 | 56 |
| | | 5. Училиштето брзо и ефикасно реагира во случај на нарушување на сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | 4 | 42 | 54 | 4 | 63 | 33 |
| | | 6. Во училиштето се поттикнува и негува чувство на толеранција, заемно почитување, соработка, грижа за другите. | 5 | 38 | 57 | 7 | 48 | 45 |
| | | 7. Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима. | 4 | 44 | 52 | 5 | 43 | 52 |
| | | 8. Информиран/а сум за воннаставните активности кои се реализираат во училиштето. | 9 | 42 | 49 | 19 | 44 | 37 |
| | | 9. Информиран/а сум за меѓународните училишни проекти кои се реализираат со други училишта, а со цел стручно усовршување на учениците. | 17 | 37 | 46 | 20 | 46 | 34 |
| | | 10. Училиштето ми помага да го насочам професионалниот развој на моето дете. | 6 | 41 | 53 | 9 | 56 | 35 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 17. Кај учениците ја развивам одговорноста за учење. | 0 | 21 | 79 | 0 | 15 | 85 |
| | | 18. Кај учениците ја развивам одговорноста за нивните постапки. | 0 | 18 | 82 | 0 | 15 | 85 |
| | | 19. Редовно ги пофалувам позитивните постапки и успехот на учениците. | 0 | 21 | 79 | 0 | 9 | 91 |
| | | 20. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените вонннаставни активности. | 3 | 29 | 68 | 0 | 33 | 67 |
| | | 21. На учениците им ја потенцирам потребата од перманентно (целоживотно) учење. | 3 | 15 | 82 | 3 | 12 | 85 |
| | | 22. Им помагам на учениците да ги проценат своите способности, знаења и умеења кои ќе им послужат за понатамошно учење или вработување. | 3 | 24 | 73 | 3 | 21 | 76 |
| | | Наставниците сметаат дека учениците се сигурни и безбедни во училиштето и ги поттикнуваат учениците да се грижат за своето здравје. Тие се секогаш отворени за соработка, ги наградуваат и пофалуваат успесите и постигнувањата на учениците, ја развиваат одговорноста за учење и грижата за другите луѓе. Потребно е подобро запознавање на наставниците со процедурите за заштита и безбедност на учениците и нивно поактивно вклучување во превенција и детектирање на појавата на пушење. Сите во училиштето треба да се поттикнуваат на толеранција, заемно почитување, соработка, грижа за другите. | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 11. Во училиштето можам да добијам јасни информации, корисни за продолжување на образованието на моето дете. | 4 | 4<br>5 | 5<br>1 | 6 | 4<br>6 | 4<br>8 |
| | | 12. Училиштето им помага на учениците во одлуките за понатамошното образование и вработување. | 5 | 2<br>8 | 6<br>7 | 7 | 4<br>4 | 4<br>9 |
| | | 13. Како родител задоволен/на сум од информациите што ги нуди училиштето за понатамошната професионална ориентација на моето дете. | 4 | 3<br>6 | 6<br>0 | 7 | 4<br>1 | 5<br>2 |
| | | Родителитесметаатдеканивнитедецасесигурни и безбеднивоучилиштето и знааткадедасеобрататдоколкуим е потребнапомош. Наставницитепрофесионално и одговорнојавршатсвојатафункција, сегрижатзаучениците, правилногинасочуваат и го поттикнуваатнивниотличен и професионаленразвој. | | | | | | |

**Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости***

**Клучни јаки страни**

1. Училиштето претставува сигурна и безбедна средина заработа.
2. Хигиената е на многу високо ниво, како во училишната зграда, така и во училишниотдвор.
3. Училиштето се грижи за добросостојбата на своите ученици ивработените.
4. Воспоставен систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста научениците.
5. Редовно следење на успехот и постигнувањата научениците.
6. Педагошката служба во училиштето е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците и нивнитеродители;
7. Училиштето води уредна евиденција и навремено ги информира родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците.
8. Вклученост во национални и меѓународни проекти.
9. Постојано опремување и одржување на кабинети и лаборатории за изведување наставата.
10. Активна и актуелна webстрана каде континуирано се известува за новостите иcлучувањата и достигнувањата во училиштето
11. Традиционална манифестација „Денови на електротехника“.

**Слабости:**

1. Поголема информираност на учениците и родителите за работата на педагошко-психолошката служба.
2. Нема детални портфолија за сите ученици.
3. Недоволна грижа за другите и грижа за природата.
4. Нема систем за следење на емотивните, социјалните и физичките потреби научениците.
5. Интересот за инволвираност во воннаставни активности е многу мал.

**Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Нашето училиште во секојдневната работа пројавува ефективни форми и активности кои се во насока на обезбедување на грижа, благосостојба, безбедност и заштита на сите ученици, без разлика на пол или етничкаприпадност.

Еден од врвните приоритети и заложби на раководниот тим и на целиот колектив е безбедноста на учениците во и надвор од училиштето. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, со пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и надвор во училишниот двор. Во текот на наставата организирано е дежурство од ученици и професори во ходниците и училишниот двор. Во соработка со Градот Скопје се овозможува и физичко обезбедување кое соработува со надлежните институции.

Превенцијата од насилство е на високо ниво и во таа насока училиштето активно соработува со СВР Скопје - Одделение за малолетничка деликвенција, Центарот за социјални работи и сл. Како резултат на соработката и синхронизираното дејствување на сите субјекти во градот Скопје, одговорни за безбедноста на учениците, значително се намалени инцидентите од аспект на безбедноста и сигурноста на учениците. Во контекст на безбедноста во училиштето, изработен е заземјувачки систем за заштита на училиштето од атмосферски празнења и одводен систем за атмосфески води, како и просторот за паркирање на велосипеди со пристапни рампи и скалила. Кај учениците и родителите е присутно чувството на безбедност и сигурност во училиштето.

Работата на психолошко-педагошката служба во училиштето е од големо значење и потребно е зајакнување на нејзините капацитети и поорганизирано информирање на сите ученици и родители за работата на истата. За ученици кои покажуваат девијации во однесувањето и одредени социо – емоционални проблеми при адаптација во средината, се организираат психолошко
– педагошка помош, средби со родителите и семејството.

Во училиштето успешно се реализира здравствена заштита и превенција од заразни болести на учениците, во соработка со здравствени организации, Министерството за здравство, Црвен Крст и невладини организации. Во тој контекст се вршат систематски прегледи, вакцинација и едукативна превенција од заразни болести. За заштита од пушење, алкохол и дрога, училиштето врши интезивна едукација на учениците преку пишан материјал кој се дели на класните часови, но и преку предавања во училиштето во соработка со Владини и невладини организации, министерство за здравство и сл. Во училиштето има екипа од обучени ученици за пружање на прва помош кои учествуваат на натпревари во прва помош и се многу успешни и на регионален план.

Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците и тоа: редовноста, поведението, изрекување на педагошки мерки и постигањата на успехот на учениците. Материјално - техничките услови за работа во училиштето се на завидно ниво. За учениците кои поспоро напредуваат се организира дополнителна настава, но посетеноста треба да се подобри. Работата со надарените ученици е изразена преку додатната настава и воннаставните активности. Тие навремено се подготвуваат за разните видови натпревари по одделни наставни предмети, меѓутоа одзивот на заинтересирани ученици не е на завидно ниво. За изведување на дополнителна и додатна настава изработени се план и програма на ниво на училиште.Преку соработката со други училишта, од земјата и надвор од неа, се постигнува размена на искуства изнаења.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите и кабинетите во училиштето се опремени со средство за лична хигиена- течен сапун. Редовно се врши чистење и дезинфицирање на тоалетите повеќепати во текот на денот. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати дневно, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, а останатиот простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат најмалку по два пати во текот на полугодието. Зелените површини околу училиштето редовно се одржуваат и чистат од отпадоци. Во училиштето се поставени неколку канти за селектирање на отпад.

Во училиштето постои Кариерен центар кој овозможува реализирање на активности како што се:кариерно советување и професионална ориентација на учениците, оспособување на учениците за активно барање работа, изработка на CV и насловно писмо, вежби за интервју за работа, обезбедување на достапна литература за активно барање работа, CV, насловно писмо, интервју за работа, ефективно комуницирање, јавно говорење и сл. Активноста на Кариерниот центар во последниве две години значајно е намалена.

**Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој научилиштето***

1. **Поголема информираност на родителите и учениците за работата на педагошко-психолошката служба.**
2. **Развивање на систем за следење на емотивните, социјалните и физичките потреби научениците.**
3. **Развивање на систем на поддршка, наградување, вклученост во воннаставни активности и особено внимание на надаренитеученици.**
4. **Да се организира меѓународна размена на ученици и наставници со цел да се врши размена на искуства.**
5. **Да се зголеми доверба во сопственото знаење и способности научениците.**
6. **Да се поттикне и развива емпатијата на учениците и грижата за природата.**
7. **Изработка на детални портфолија заучениците инивно континуирано ажурирање.**
8. **Да се формираат нови секции и веќе постоечките да работат поактивно, поинтезивно иподинамично.**
9. **Кариерниот центар да работи поактивно и поорганизирано со помасовно вклучување како на ученици, така и на професори.**
10. **Кодексот на училиштето да се почитува во целост.**
11. **Организирање обуки за наставниот кадар со цел да се зголеми квалитетот нанаставата.**

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА**

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето наставни планови и програми:**

**5.1.Училишна клима и односи во училиштето**

- Углед-имиџ на училиштето
- Кодекс на однесување
- Училишна клима
- Поведение и дисциплина во училиштето
- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

**5.2. Промовирање на постигањата**

- Промовирање на личнитепостигања на учениците
- Промовирање на постигањата во име на училиштето

**5.3. Еднаквост и правичност**

- Познавање на правата на децата
- Еднаков и правичен третман на сите ученици
- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

**5.4. Соработка со родителите и со локалната заедница**

- Соработка на училиштето со родителите
- Соработка со локалната заедница
- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

**Самоевалуација на училиштето: СЕТУГС на град Скопје „Михајло Пупин„ Подрачје: Училишна клима**

| **Методи за анализа на подрачјето** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани** |
| **5.1**<br>**- Закон за средно образование**<br>**- Статут на училиштето**<br>**- Записници од Совети на година**<br>**- Записници од педагошко - психолошка служба** | - Односот меѓу наставниците се базира врз меѓусебно почитување и соработка при реализација на наставните програми, но и при секојдневната комуникација. Се разбира секој наставник може да искаже различно мислење кое подлежи на дискусија.<br>- Односот наставник-ученик не само што е регулиран со Законот за средно образование и Статутот на училиштето,туку е и родителски во функција на секојдневна и секаква помош на учениците. |
| **- Записници од педагошко – психолошка служба** | - Односите меѓу учениците од ист или различен пол и одраз лично етничко потекло се исполнети со почитување.<br>- Сите ученици од нашето училиште без оглед на полот и етничката припадност се еднакво третирани од своите соученици во секој поглед и се почитуваат разликите и индивидуалноста. |
| **-Записници од педагошко – психолошка служба** | - Односите меѓу учениците со различни способности или со различни пречки во умствениот и физичкиот развој се базира врз взаемно почитување. Овие ученици имаат целосна поддршка од другите ученици како и секаква помош во совладување на наставните програми. |
| **- Закон за средно образование**<br>**- Записници од родителски средби**<br>**- ЗаписнициодСоветнагодина и од Наставнички совет**<br>**- Правилник за изрекување на педагошки мерки**<br>**- Записници од педагошко – психолошка служба**<br>**- Евиденција на директорот и класните раководители** | - Проблемите во врска со поведението и дисциплината кои се појавуваат, училиштето ги третира и решава на различни начини како што се разговори на класен раководител, педагошко – психолошка служба, директор, родители или пак со изрекување соодветни воспитно педагошки мерки.<br>- Инаку при решавање на ваквите проблеми не е забележано дека некоја одредена група ученици (машки, женски или ододредена етничка заедница) повеќе придонесува за појава на недисциплина или недолично однесување. |
| **-Книга за дежурства**<br>**-Записници од педагошко-психолошката служба**<br>**-Годишен извештај** | - Училиштето е отворено за надворешни лица на формален и неформален начин како средби со родители, предавања од надворешни лица на различни теми и презентации за литература и наставни помагала. Исто така училиштето е домаќин на повеќе семинари и предавања за наставници од различни училишта. |
| **- Записници од Наставнички совет**<br>**- Записници од педагошко-психолошка служба**<br>**-Извештај за анализа на успехот**<br>**-Годишни извештаи** | - Наставниците и учениците од обата пола се горди на своето училиште преку постигнување на високи резултати во областа на знаењето и умеењето во и надвор од училиштето, општината, градот и Републиката преку учество на натпревари, квизови, конкурси, саеми, медиумско презентирање. |

| | |
|---|---|
| **5.2**<br>**-Записници од педагошко-психолошката служба**<br>**-Извештај за анализа на успехот** | - Училиштето се гордее со сите лични постигања на учениците и тоа го промовира на различни начини како што се доделување награди и признанија, зашто се информира целото училиште или пак преку поширoко медиумско презентирање на постигањата. |
| **5.3**<br>**- Закон за средно образование**<br>**- Статут на училиштето**<br>**- Дневник за работа на паралелката**<br>**- Записници од Совети на година и Наставнички Совети** | - На училишните совети се обрнува посебно внимание преку дискусии и анализи во врска со еднаквоста и правичноста кон сите ученици, објективно оценување и еднаков пристап на наставникот кон сите ученици без разлика на пол, етничко потекло и образовни способности. |
| **- Записници од Наставнички совети**<br>**- Записници од педагошко-психолошката служба**<br>**- Записници од Совети на година и Наставнички Совети** | - Сите наставници имаат обврска еднакво да ги третираат сите ученици, а училиштето преку дискусии и дебати (формални и неформални) ги поттикнува и насочува наставниците кон таквото однесување. Исто така неопходни се и советите на педагошко-психолошката служба. |
| **- Записници од Совет на година**<br>**- Записници од родителски средби**<br>**- Записници од Наставнички совет**<br>**- Записници од педагошко-психолошка служба** | - Во училиштето се прават детални анализи на успехот и редовноста на учениците со што се следи третманот на учениците од страна на наставниците. Класниот раководител ги истакнува сите реакции на учениците за одредена состојба и се следат промените кои настануваат, како од Наставничкиот совет така и од педагошко-психолошката служба. |
| **5.4**<br>**-Записници од родителски средби**<br>**-Записници од Совет на родители** | - Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца и во животот на училиштето преку редовно одржување на родителски средби, Совет на родители, контакти со класен раководител и предметни професори, но и преку разни видови помош на родителите кон училиштето. |
| **- Записници од родителски средби**<br>**- Записници од Совет на родители**<br>**- Записници од педагошко – психолошка служба**<br>**-Електронски дневник** | - Комуникацијата меѓу училиштето и родителите е воспоставена преку Родителски средби, Совет на родители, контакти со класен раководител и предметен и професори, електронски дневник,преку кои им се даваат информации за успехот, редовноста, дисциплината и однесувањето на учениците во и надвор од училиштето. |
| **-Писма за соработка**<br>**-Договори за работа**<br>**-Статут на училиштето**<br>**-Закон за локална самоуправа** | - Училиштето има остварено соработка со стопанските организации на повеќе начини, но е недоволна и е потребно таа да се продлабочи. Инаку соработката е преку изведување на практична настава и феријална пракса во локалните стопански субјекти, како и преку работата на Реалната училишна компанија. Според Законот за локална самоуправа работата на училиштата е под ингеренции на општините, односно Градот Скопје. |

| | |
|---|---|
| **-Годишни програми на училиштето**<br>**-Писмени документи за соработка** | - Контактот со пазарот на работна сила не се остварува со целиот негов потенцијал, но училиштето образува специјализирани кадри за одредени дејности кои се барани на пазарот на трудот. |
| **-Годишна програма**<br>**-Дневници за практична обука на учениците**<br>**-Дневници за феријална пракса**<br>**-Писма за соработка** | - Училиштето остварува соработка со стопанските субјекти заради практичното оспособување на учениците предвидено со наставните планови и програми. Исто така феријалната пракса учениците ја изведуваат во локалните фирми со кои училиштето соработува. |
| **-Наставни планови и програми**<br>**-Дневници од лабораториски вежби**<br>**-Годишна програма** | - Во училиштето практичната обука е во функција на теоретската настава, односно профилот-занимањата на учениците. Практичната обука се обавува според однапред изготвен годишен план во соработка со Бирото за развој на образованието. |
| **-Писма за соработка**<br>**-Електронски записи** | - Училиштето соработува и разменува информации со други средни и основни училишта, преку лични контакти на професорите и учениците, по електронски пат (Интернет и Колаборативен центар на училиштата), преку организирање натпревари како и преку присуство на значајни датуми во училиштата. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕТУГС на град Скопје ,,Михајло Пупин„ Подрачје: Училишна клима**

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО ПРЕКУ АНКЕТИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ

| Прашања за анкета за наставници | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **Анкетирани се вкупно 24 наставници, без разлика на возраст, пол, верска и етничка припадност.** | |
| **1. Дали условите за работа влијаат врз остварување на целите и задачите од наставата?** | 83% од наставниците се изјасниле дека е многу значајно во какви услови се работи, 17% дека е делумно значајно. 67% од истите сметаат дека условите во училиштето овозможуваат да се остварат целите и задачите на наставата, наспроти 33% кои сметаат дека условите се делумно обезбедени. |
| **2. Дали постои взаемно почитување меѓу колегите,учениците и родителите?** | 83% од наставниците се изјасниле дека е многу значајно да има взаемно почитување, додека 17% сметаат дека е делумно значајно. 29% од анкетираните наставници се изјасниле дека потполно се согласуваатдека постои взаемното почитување помеѓу колегите, учениците и родителите, 67% дека почитувањето не е целосно, додека 4% дека воопшто го нема. |
| **3. Дали работата на наставниците е правилно вреднувана во училиштето?** | 83% од анкетираните наставници се изјасниле дека потполно се согласуваат дека работата на наставниците е важно да биде правилно вреднувана, 13% дека е делумно важно, додека 4% дека не е важно.13% од наставниците сметаат дека нивната работа е вреднувана, 62% дека е делумно вреднувана, додека 25% сметаат дека нивната работа не се вреднува. |
| **4. Дали се согласувате со работата на раководниот тим на училиштето?** | 63 % од анкетираните наставници се изјасниле дека е многу значајно дали има согласување со работата на раководниот тим, 33% дека е делумно значајно, а 4% дека не е значајно. 20% се согласуваат со работењето на раководниот тим во училиштето, 67% делумно се согласуваат, а 13% не се согласуваат со работата на раководниот тим. |
| **5. Свесен сум дека моето однесување е пример за другите воучилиштето!** | 76 % од анкетираните наставници се изјасниле дека е многу значајно, 16% дека е делумно значајно, а 8% дека не е значајно. 63% се согласуваат дека се пример за другите во училиштето, а 37% делумно се согласуваат дека се пример за другите. |
| **6. Дали директорот на училиштето има јасна визија и цел за развој на истото?** | 80% од анкетираните наставници се изјасниле дека е многу значајно директорот да има визија за работата, додека за 20% тоа е делумно значајно. 29% од наставниците сметаат дека директорот има комплетна визија за развој на училиштето, 42% дека има делумна визија, додека 29% сметаат дека нема визија. |
| **7. Дали училиштето има соработка со други училишта и со локалната заедница?** | 80% од наставниците сметаат дека е многу значајно да се сорабутува, а 20 % дека тоа е делумно значајно. 54% сметаат дека соработката се остварува целосно, 42% делумно, додека 4% дека таа не се остварува. |
| **8. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените вonнаставни активности!** | 80% од наставниците сметаат дека е многу значајно, додека 20 % дека е значајно. 54% од нив мислат дека тоа е присутно во целост, наспроти 46 % кои сметаат дека е присутно делумно . |
| **9. Дали училиштето води развојна политика која произлегува од неговите потреби?** | 88% од наставниците сметаат дека е многу значајно училиштето да води развојна политика, наспроти 12% кои сметаат дека тоа е значајно. 42% од наставниците се изјасниле дека училиштето води развојна политика, 46% дека развојната политика е делумна, додека 12% сметаат дека училиштето нема развојна политика. |

| Прашања за анкета за ученици | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **Анкетирани се вкупно 92 ученици, без разлика на возраст, пол, верска и етничка припадност.** | |
| **1.Дали во училиштето ве учат да бидете одговорни за сопствените постапки?** | 65% од учениците се изјасниле дека е многу значајно, 34% делумно значајно, а 1% дека не е значајно. 60 % дека е присутно во целост, а 40 % делумно |
| **2. Дали учениците меѓусебно се почитуваат?** | 63% сметаат дека е многу значајно, 36% дека е делумно значајно, а 1% дека не е значајно. 39% сметаат дека е присутно во целост, 55% дека е делумно присутно, додека 6% дека не е присутно. |
| **3.Дали учениците ги почитуваат наставниците и другите вработени во училиштето?** | 75 % од учениците сметаат дека е многу значајно да се почитуваат вработените, наспроти 25% кои сметаат дека е тоа делумно значајно. 58% од учениците сметаат дека учениците во целост ги почитуваат вработените наспроти 42 % кои сметаат дека тоа е делумно |
| **4.Дали учениците се грижат за инвентарот на училиштето и го почитуваат етичкиот кодекс?** | На ова прашање 62% одговориле дека е значајно, 35% дека е делумно значајно, а 3% дека не е значајно. 32% од нив сметаат дека ги знаат правилата и се почитува куќниот ред, 59% дека тоа е делумно, додека 9% дека не се грижат за инвентарот и не се почитува етичкиот кодекс. |
| **5.Запознаен сум со правилата на однесување и куќниот ред во училиштето.** | 65 % одговориле дека ова прашање е многу значајно, 33% дека е делумно значајно, а 2% дека не е значајно. 74% од учениците се запознаени со етичкиот кодекс, 24% се делумно запознаени, а 2% не се запознаени. |
| **6. Дали учениците се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето?** | За ова прашање 74% одговориле дека е многу значајно, 20% дека е делумно значајно, а 6% дека не езначајно. 61 % од учениците се чувствуваат целосно безбедно во училиштето, 35% делумно безбедно, додека 4% не се чувствуваат безбедни. |
| **7. Дали во училиштето ве поттикнуваат слободно да ги изразувате своите ставови и мисли?** | 58 % сметаат дека е многу значајно, 38% дека е делумно значајно, а 4% дека не е значајно. 55% од учениците сметаат дека се поттикнувани во целост, 38 % дека тоа е делумно, додека 7% дека не се поттикнувани |
| **8. Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците.** | 46 % сметаат дека ова е многу значајно, 47% дека е делумно значајно, додека 7% дека не е значајно. 57% сметаат дека позитивните постапки и успехот се пофалуваат целосно, 38% дека пофалбите се делумни, додека 5% дека нема пофалби |
| **9.Дали местото и условите во кои се реализира практичната настава ги задоволува потребите за усовршување?** | 59 % сметаат дека ова прашање е многу значајно, 38% дека е делумно значајно, а 3% дека не е значајно. 42% сметаат дека условите за практична настава се целосно задоволени, 43% дека се делумно задоволени, додека 15 % сметаат дека немаат услови за пракса |
| **Прашања за анкета за родители** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкетирани се вкупно 21 родители, без разлика на возраст, пол, верска и етничка припадност.** | |
| **1.Дали задоволува вашата комуникација со класниот раководител и предметните наставници од училиштето?** | 72% од родителите сметаат дека ова прашање е многу значајно, додека 28% дека е делумно значајно. 72% сметаат дека комуникацијата со наставниот кадар е целосна, додека 28 % дека таа е делумна. |
| **2.Запознаен/а сум со етичкиот кодекс и куќниот ред на училиштето.** | 57% од родителите сметаат дека ова прашање е многу значајно, додека 43% дека е делумно значајно. 57% од родителите се запознаени со етичкиот кодекс целосно, 38% делумно, додека 5% не се запознаени со етичкиот кодекс |
| **3. Дали училиштето ве поттикнува да се вклучите во воспитно-образовниот процес?** | 43% од родителите сметаат дека ова прашање е многу значајно, наспроти 57% кои сметаат дека е делумно значајно. 43% од родителите сметаат дека се поттикнувани да се вклучат во процесот, 47% дека се делумно поттикнувани, а 19% дека не се поттикнувани. |

| | |
|---|---|
| **4.Знам каде треба да се обратам во училиштето за различни информации.** | 67% од родителите сметаат дека ова е многу значајно, додека 33% дека е делумно значајно. 51% од родителите знаат каде треба да се обратат, 38% од нив сметаат дека тоа не им е во потполност јасно, додека 5% не знаат каде да се обратат. |
| **5.Дали сметате дека училиштето ги има неопходните услови за работа?** | 81% од родителите сметаат дека ова е многу значајно, додека 19% дека е делумно значајно. 41% од родителите сметаат дека училиштето во целост има услови за работа, 19% од нив сметаат дека условите не се целосни, додека 10% дека нема неопходни услови за работа. |
| **6. Дали Вашето дете има некаков проблем или влегува во некаков конфликт со другите ученици, наставниците или вработените во училиштето?** | За ова прашање 57% од родителите сметаат дека е многу значајно, 33% дека е делумно значајно, додека 10% дека не е значајно. 5% од нив сметаат дека учениците влегуваат во конфликт со наставниците, 5% дека тоа се случува понекогаш, додека 90% дека учениците не влегуваат во конфликт со наставниците. |
| **7.Дали Вие како родител имате право на глас во одлуките кои се носат, а се поврзани со ваше финансирање (екскурзии, матурски прослави...)?** | За ова прашање 62% од родителите се изјасниле дека е многу значајно, наспроти 38% кои сметаат дека е делумно значајно. 62% од родителите сметаат дека имаат право на глас, 10% дека тоа е делумно, додека 28% сметаат дека немаат право на глас |
| **8. Дали обезбедувањето кое е ангажирано од Градот Скопје придонесува за редот, дисциплината и безбедноста на вашето дете?** | За ова прашање 72% од родителите се изјасниле дека е многу значајно, 23% дека е делумно значајно, а 5% дека не е значајно. 43% од родителите сметаат дека обезбедувањето во целост придонесува за безбедноста, 47% сметаат дека тоа е делумно, додека 10% дека не придонесува за безбедноста во училиштето. |

## Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

**Клучни јаки страни**

1. Почитување на Законот за средно образование и нормативно - правните акти;
2. Спроведување на Годишните програми на : училиштето, Училишниот одбор, активите;
3. Статут, Правилници и Кодекси изработени согласно законите;
4. Еднакво и правично однесување со сите ученици независно од нивната возраст, пол, способности, верска и етничка припадност;
5. Постои соработка помеѓу сите вработени во училиштето, наставник-ученик и наставник-родител;
6. Соработка со педагошко - психолошката служба;
7. Задоволство од страна на учениците и родителите за однесувањето и предавањата на наставниците;
8. Соработка на училиштето со МОН, БРО, родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор;
9. Изработен е и усвоен нов кодекс на однесување на вработените и учениците во училиштето;
10. Училиштето претставува безбедна и сигурна средина за учениците и за вработените;
11. Постои добра комуникација меѓу учениците и наставниците;
12. Учениците слободно ги изразуваат своите ставови и мислења;
13. Овозможено е реализирање на практична настава во компании и зголемени се можностите за вработување на учениците по завршување на образованието;
14. Училиштето има развиена соработка со основните училишта;
15. Соработка со сродни средни училишта во и надвор од Р.Македонија;
16. Солидно е уредена и редовно ажурирана WEB, FB страна и Youtube канал на училиштето;
17. Солидна промоција на училиштето и зголемен број на запишани ученици;

**Слаби страни:**

1. Недоволно можности за промовирање на постигањата на учениците и училиштето надвор од училиштето;
2. Големиот број на родители сметаат дека учениците не се почитуваат меѓусебно
3. Иако постои соработка помеѓу училиштето и родителите, сепак родителите недоволно самоиницијативно го посетуваат училиштето со цел да се вклучат во подобрување на успехот на учениците
4. Потреба од поголема вклученост на родителите во донесување одлуки во училиштето
5. Родителите сметаат дека скромните услови за работа како и успехот на учениците оневозможуваат реализација на некои активности (наставни и воннаставни);
6. Значаен дел од наставниците сметаат дека нивната работа не се вреднува (25%) дека не се согласуваат со раководниот тим (13%)
7. Еден процент од наставниците сметаат дека училиштето нема развојна политика (12%)
8. Еден дел од наставниците имаат перцепција дека директорот нема потполна визија за иднината на училиштето(29%)
9. Дел од наставниците тврдат дека не се согласуваат со раководниот тим (13%)

| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| - Од направената анализа за ова подрачје може да се констатира дека училиштето работи према Законот за средно образование и сите нормативно - правни акти кои произлегуваат од него. Истите се спроведуваат во практика онаму каде и кога е потребно. Редовно се следат сите промени и истите се имплементираат во нашите документи;<br><br>- Учениците подеднакво се вклучени во наставните и воннаставните активности, според нивните можности. Постои релативно висок степен на меѓусебно почитување помеѓу сите субјекти во училиштето, без разлика на возрасната, половата, етничката и верската припадност;<br><br>- Загрижува нередовноста на учениците која настојуваме во соработка со родителите да ја подобриме. За учениците кои по било кој основ (изостаноци и непочитување на пропишаните правила) се изрекуваат педагошки мерки;<br><br>- Партнерските односи со родителите, пред се со локалната и деловната заедница се на солидно ниво, со тенденција истите уште повеќе да се зацврстуваат и прошируваат; |
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br><br>➢ Превземање на активности за поголема афирмација на училиштето;<br>➢ Посета на други училишта и поголема соработка на локалната средина-посета на саеми, активирање на учениците во одредени активности надвор од училиштето,вклучување на учениците во дебати на одредени теми меѓу училиштата;<br>➢ Превземање на активности и мерки за спречување инциденти и подобрување на безбедноста на учениците;<br>➢ Изнаоѓање форми и методи за зголемување на интересот на учениците за наставните содржини и воннаставни активноси во училиштето |

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 6. РЕСУРСИ**

**Индикатори за квалитет:**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**

**6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4 Следење на развојните потреби**

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.<br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Пописна документација за сместување и просторните капацитети<br><br>Годишна програма за работа на училиштето СЕТУГС„Михајло Пупин“ во учебната 2019/2020 година</td><td>Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“- Скопје својата воспито-образовна дејност ја извршува во наменски објект од цврста градба, пуштен во употреба во 1970 година. Училишната зграда е со вкупна површина од 9.909 $m^2$.<br>Училиштето располага со училници,кабинети и лаборатории, работилници за практична настава, заеднички простории, санитарни простории, спортски сали и спортски терени. За реализирање на теоретска и практична настава се наменети 42 простории:<br>- 19 училници<br>- 8 кабинети<br>(кабинет за програмирање, кабинет за информатика и компјутерска техника, кабинет по физика, кабинет за техничко комуницирање,кабинет за енергетски постројки, кабинет за интерактивна настава, кабинет за настава на далечина со можност за видео-конференциска врска и кабинет за настава по 3Д моделирање)<br>- 7 лаборатории<br>(лабораторија за автоматика и роботика, лабораторија за електротехника, лабораторија за енергетска ефикасност на објекти, лабораторија за интелигентни електрични инсталации, лабораторија за електрични мерења, две лаборатории по електроника )<br>- 8 кабинети/работилници за теоретска и практична настава/вежби по стручни предмети<br>- Просторија (работилица) за Реална компанија<br>- 2 фискултурни сали со помошни простории<br>- 1 библиотека<br>- 1 читална<br>- 1 сала за состаноци (плава соба)<br>- 7 канцеларии<br>- 1 просторија за младинска организација МЕТА,<br>- 1 просторија за кариерен центар,<br>- 1 просторија за прием на родители<br>- помошни простории<br>- 8 ходници со скалила<br>- 20/2 санитарни јазли (2 тоалети за лица со посебни потреби)<br>- 4 подрумски простории<br>- 1 котларница<br>- 1 скривница</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - **5 отворени спортски терени**<br>- **Паркинг простор**<br>Воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 (согласно препораките на МОН за реализирање на настава во услови на пандемија COVID 19). се одвива во посебни училници за секој клас, Учениците ја следат теоретската настава во своите училници, а практичната настава и лабораториските вежби во кабинети, лаборатории и работилници предвидени опремени за изведба на практични вежби. За да се овозможат соодветни просторни услови за изведба на теоретскиот дел од наставата, некои кабинети се користат како училници теориска настава ,<br>На почетокот на 2020/2021 година, за потребите за изведување на настава на далечина, сите училници беа опремени со компјутер и камера за наставникот, согласно препораките од МОН за време на пандемија - Covid 19. Сите училници располагаат со LCD проектори, ролетни на прозорците, како и со клима уреди ( училниците и други простории со јужна ориентација).<br>Во функција на наставата покрај функционалната информатичка опрема што е добиена во рамките на проектот на Владата на Република Македонија „Компјутер за секој ученик“, се користат и дополнителни 60 компјутери и компјутерска опрема(набавени во последните две години), шест интерактивни/ паметни табли, 40 ЛЦД проектори, два - 3Д печатачи, дигитални камери, 120 таблети, два скенери, печатари, како и голем број на мерни инструменти и уреди, опрема за експериментирање од обласа на физиката, фотоволтаични системи наменети за реалиирање на наставни цели од енергетска ефикасност, модел na паметна куќа (smart house), современ алат и прибор за практична настава и лабораториски вежби, како и други нагледни средства и помагала.<br>За остварување на општествена и педагошка дејност наменети се простории за наставници, директор, педагошко-психолошка служба, администрација, со вкупна површина од 249 $м^2$ .<br>За потребите на Училишната заедница и други училишни активности (обуки, презентации, натпревари и сл.) опремена е просторија со клупи, столици, табла, проектор, ТВ-апарат, платно и други потребни ресурси за непречено одвивање на активностите. Покрај Училишната заедница просторијата ја користат членовите на Клубот на Црвениот Крст, Еко-Тимовите, и други.<br>Училиштето има обезбедено услови за пристап, движење и престој на лица со инвалидитет: паркинг простор , пристапна рампа, лифт и два санитарни јазли.<br>Во училиштето е инсталиран видео надзор кој се користи со соодветно на пропишаната законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци).<br>Обезбедувањето на училиштето го вршат две лица, по едно во секоја смена, вработени во Агенција за обезбедување.<br>Во училиштето во 2019/2020 година е инсталирана и пуштена во употреба фотоволтаична централа, со вкупна инсталирана моќност од 12 kW (42 фотоволтаични модули со поединечна моќност од 280 W, инвертер со паметно броило, систем за следење на произведената енергија поставен во холот на училиштето, како и дополнителна опрема за монтирање и поврзување на елементите од централата). Фотоволтаичната централа е приклучена на електродистрибутивната мрежа. Произведената електрична енергија од центалата ја користи училиштето за задоволување на дел од сопствените потреби. Во периодите кога има вишок на произведена енергија , истата се предава во електродистрибутивната мрежа.<br>Дворната површина на училиштето изнесува 11.863 $m^2$ и е распределена од сите страни на училиштето. На дел од дворната површина изградени се спортски терени на отворено игралиште за кошарка, игралиште |

| | |
|---|---|
| | за мал фудбал, две игралишта за ракомет, игралиште за одбојка, полигон за реализација на практична настава за учениците од профилот со тригодишно траење.<br>. Сите спортски терени се доведени во функционална состојба – прописно означени и опремени со потребната инфра структура. Останатиот дел од училишниот двор е под зеленило. |
| **Програма за работа на библиотекарот на училиштето**<br><br>**Извештај за работа на училишната библиотека за учебната 2020 / 2021 година** | Материјално – техничката опременост на училишната библиотеката е солидна.<br>Просторот во кој е сместен целокупниот библиотечен материјал е поделен на 3 простории со вкупна површина од 230 m².<br>- Училишна читална со вкупна површина од 100 m² со капацитет за 100 ученици<br>- Библиотечен инвентар составен од 30 шкафови и 210 по полици<br>- Техничка опрема: компјутер, телевизор, ДВД со целосно озвучување, проектор, мобилна табла.<br>Целокупниот книжевен фонд е сместен во соодветни простории за чување, позајмување на книги.<br>Евиденцијата на книги и целокупниот книжен фонд за секоја набавена книга се внесува во книжна и електронска форма (програма за библиотекарско работење)<br>Класификација на книжниот фонд се заведува во книжна и во електронска форма.<br>- Вкупниот фонд на книги во училишната библиотека на СЕТУ „Михајло Пупин“-Скопје изнесува: ***15,063*** (според попис од 09.08.2021 година); односно:<br>- белетристика (домашна и странска) ***11. 055***,<br>- стручна литература (домашна и странска) ***1. 950***,<br>- литература од повеќе области (домашна и странска) ***2.058.***<br>Освен разновидната белетристика, во училишната библиотека има ***9,026*** учебници наменети за средното стручно образование кои се дел од проектот на Министерството за образование и наука „Бесплатни учебници“, наменети за учениците и вработените професори во училиштето.<br>Согласно извештајот за работа на училишната библиотека, во учебна 2020/2021 реализирани активности, во рамки на ова подрачје се:<br>- Навремена набавка на учебници во договор со МОН за потребите на учениците и училиштето<br>- Остварена е соработка со библиотеки од локалната заедница<br>- Успешно завршени обуки за правилно работење и употреба на библиотечниот фонд<br>- Извршена е надградба и адаптација на просторот во библиотеката<br>- Учествувано е во изготвувањето и издавањето на промотивниот материјал како и во презентацијата на условите и можностите за учење во училиштето |
| **Евиденција на вработени за учебна 2021/2022 година**<br><br>**Преглед за евиденција на вработени од пресметки на плати**<br><br>**Извештај од распределба на часови за учебна 2021/2022 година** | Податоци за бројот на вработени и нивна класификација според работно место,степенот на стручна подготовка, пол, национална припадност и видот на работен однос. Сите вработени ги поседуваат потребните квалификации.<br>Во учебна 2021/2022 година во училиштето се вработени вкупно 76 лица ( 54 жени и 22 мажи).<br>Според национална припадност 73 се македонци, 2 албанци и 1 бошњак.<br>Според степенот на образование на вработените лица, од преглед за пресметки на плати, 59 вработени се со високо образование (ВСС), 4 со средно образование (ССС), 12 со ниска стручна спрема (НСС) и 1 вработен со КВ..<br><br>а) ***Раководен кадар*** - 3 лица ( 2 од женски и 1 машки пол)<br>Директор (магистер , работен стаж 17 год) |

| | |
|---|---|
| **Досие на вработени** | Помошници -2<br>- ВСС,36 години<br>- ВСС, 31 години<br><br>б) ***Стручни соработници*** - 4 лица (3 женски и 1 машки)<br>Педагог - 2<br>- Магистер , 16 години<br>- ВСС, 10 години<br>Психолог 1 (ВСС, работен стаж 5 години)<br>Библиотекар -1 (ВСС,13 години)<br><br>в) ***Наставен кадар*** - 57 (заедно со наставниците од раководниот кадар)<br>Вкупно 57 наставници (42 женски и 15 машки)<br>- наставници вработени во училиштето - 52<br>- наставници од други матични училишта - 5<br><br>г) ***Административно технички кадар*** -19 лица (15 женски и 4 машки пол)<br>Секретар -1<br>Благајник -1<br>Домаќин - 1<br>Хаусмајстор -1<br>Чувар - 2<br>Хигиеничар-13<br><br>Во однос на степенот на стручна подготовка на наставниот кадар кои се вработени во училиштето: сите наставници се со висока стручна подготовка (VII/1 или 240 ЕКТС), од кои 5 имаат завршено постдипломски студии (магистерски) и 1 доктор на науки.<br>Според видот на работниот однос на сите вработени субјекти во училиштето, 62 лица се вработени на неопределено време, а 14 лица на определено.<br>Еднаш неделно во училиштето е ангажиран сметководител, кој е вработен во друго училиште. |
| **Извештај за број на ученици во училиштето и национална структура на учениците**<br><br>**Електронски дневник** | Според **извештајот за број на ученици** во училиштето и податоците во **електронскиот дневник** од месец мај 2022 година, во учебна 2021/2022 година во училиштето настава следат вкупно 894 редовни ученици, од кои 216 ученици следат настава во прва година (206 машки и 10 женски), 224 во втора година(212 машки и 12 женски), 242 во трета(230 машки и 12 женски) и 212 во четврта година(204 машки и 8 женски).<br>Според родова застапеност на учениците во училиштето 852 се машки и 42 женски. Според национална припадност::македонци-799, албанци-33, турци-3, роми -26, бошњаци -24, срби-3, власи-1, мак. муслимани – 4.<br>Ако се спореди вкупниот број на редовни ученици во училиштето во тековната година со бројот на ученици од претходните години, во учебна 2018/2019 година - 639 ученици, ( 23 женски и 616 машки) учебна 2019/2020 година - 746 ученици ( 28 женски и 718 машки) и учебна 2020/2021 - 861 ученик,може да се заклучи дека вкупниот број на ученици е во континуиран пораст во последните три години.<br>Во училиштето се образуваат вкупно 105 вонредни ученици (бројна состојба во мај 2022 година), од кои активни се само 7 ученици. |

| | |
|---|---|
| **Извештај од интегрална евалуација на училиштето Декември 2019 година** | Во извештајот од последната интегрална евалуација на училиштето, дадено е следното согледување за управување со ресурси:<br>Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во училишна зграда со 3 спрата, од цврста градба (1970) и дворна површина со 11863 м2 со уредени спортски терени (игралиште за кошарка, мал фудбал, ракомет и одбојка, како и училишен парк со добро негувано зеленило, како и полигон за реализација на практична настава за учениците од профилот со тригодишно траење, донација од ЕВН.<br>Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.Постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности на учениците.Училиштето има доволен број на простории за реализација на наставата и големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.<br>Санитарни чворови има на секој спрат за учениците и наставниците и тоалет на приземје прилагоден за лица со посебни потреби.<br>Просториите во кои се реализира наставата се оптимално добри (простарни училници со реновирани прозорци) и ги задоволуваат условите за реализација на воспитно образовниот процес.<br>Во кабинетските простории има има инсталирано електрична инсталација за напојување и мрежно поврзување на ИКТ опремата.Училиштето располага со 14 училници опремени со компјутерска опрема, додека сите училници располагаат со ЛЦД проектори, како ресурси за примена на ИКТ.<br>Училиштето е опремено со 117 функционални компјутери (228) работни места од кои 80 функционални компјутери(191 работни места) од проектот „Компјутер за секое дете“, 36 таблети и 7 интерактивни табли.<br>Снабденоста на училиштето со наставни средства е добра и секојдневно се подобрува. Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала, согласно со нормативите по поголем број наставни предмети кои се користат од страна на наставниците.<br>Практичната настава се изведува во работилници и лаборатории опремени со материјали (нагледни сретства и средства со кои работат учениците) од струката.<br>Посебно се уредени лабораториите за автоматика и роботика, опремени со современа опрема PLC – микроконтролери(роботи, макети на автоматизирани процеси и т.н.,лабораторијата за електротехника, со виртуелни мерни инструменти и современи мерни места, за енергетска ефикасност соодветно опремена со мерна инструментација и Смарт хоусе лабораторија.За наставата по спорт се обезбедени оптимални услови и голем број спортски реквизити.<br>Во училиштето има 75 вработени, од кои наставниот процес го реализираат 45 соодветни наставници, плус 7 наставници кои дополнуваат од друго училиште, 1 директор, 4 стручни соработници, (2 педагози, 1 психолог, 1 библиотекар), 1 секретар, 1 економ, 1 благајник, 13 хигиеничари, 1 хаус мајстор, и 2 чувари. Вработените во училиштето се соодветни според нормативот.<br>Следењето на кариерниот развој на вработените и стручни соработници е континуирано, односно за секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие кое е во согласност со правилникот за водење на професионално досие.<br>Во училиштето се води грижа за професионален развој и стручно усовршување на наставниците. Утврдувањето на потребите за стручно усовршување на вработените се врши со изготвување на Програма за професионален развој на наставниците, но реализацијата делумно се спроведува поради потешкотии од финансиски аспект.<br>Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| | Постапките во врска со финансовото работење на училиштето се спроведуваат добро и се во согласност со законските норми.<br>Раководниот кадар применува добри постапки за стекнувањена основни и дополнителни финансиски средства во училиштето.<br>На почетокот на годината во училиштето се изготвува финансов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крајот на годината и завршна сметка. |
| **Извештаи од инспекциски надзори** | **Редовен инспекциски надзор – записник 03-869/2 од 12.09.2021** Овластен просветен инспекторат на Град Скопје<br>Предмет: Запишување на ученици во јавните средни училишта – увид во документација за запишување по пат на конкурс кој го објавува МОН по претходно доставен предлог од Градот Скопје, запишување на ученици кои завршиле основно образование во странство, број на ученици во паралелките не помал од 25 и не поголем од 34.<br><br>**Инспекциски надзор – записник 03-631/2 од 05.07.2021 - Државен санитарен и здравствен инспекторат**<br>Здравствени прегледи на сите вработени во СЕТУГС “Михајло Пупин”се направени во текот на месец април 2021 година во ПЗУ Поликлиника Медика С - Систематски преглед<br>Констатирано и утврдено дека во училиштето здравствените прегледи се извршени и се во важност согласно законските и подзаконските нормативно-правни акти. Дезинфекција на просториите во рамки на целото училиште е направена на 25.03.2021 година од страна на “Примотекс” Скопје.<br><br>**Редовен инспекциски надзор ДПИ – записник 03-969/1 од 05.10.2021**<br>Предмет: Закон за работата на наставниците и стручните соработници во средното образование.<br>По спроведениот увид во документацијата, констатирано е дека нема неправилности во работата и не се предвидени прекршочни одредби.<br><br>**Инспекциски надзор – записник 03-487/1 од 09.05.2022**<br>Предмет: Календар за организација на учебната 2021/2022 година во јавните средни училишта – Презентација и одбрана на проектна задача од страна на Државен Просветен Инспекторат<br><br>Од ЈЗУ Центарот за јавно здравје - Скопје извршена е дезинфекција на училишниот простор. Училиштето има набавено средства за дезинфекција и дополнително добило средства за лична хигиена од Центар за јавно здравје. Се врши и секојдневна дезинфекција на просториите во кои циркулираат дежурните вработени за воведување на ротационо дежурство со цел издавање потврди и останати документи на учениците.<br>На влезот во училиштето се врши дезинфекција на раце на учениците и вработените, се мери температура и има посебна просторија за изолирање на сомнителен случај на Covid19.<br>Училиштето води кампања за заштита од корона вирус на својата веб страна, фејсбук страна, вибер групи и месинџер.<br>Наставниците одржуваат контакти со родителите во електронска форма и телефонски.<br>Наставата се одржува со физичко присуство, со задолжително носење на заштитни маски KN95, често проветрување на просториите. По практична настава, организирани се групи по 7 ученици во училница. |

| | |
|---|---|
| | СЕТУГС „Михајло Пупин“ целосно постапува според насоките и препораките од надлежните институции и превзема активности за превенција од корона вирусот.<br><br>**Врз основа на извештаите од наведените инспекциски надзори, училиштето нема пропусти во работењето и не се утврдени повреди на законските и подзаконските акти, според утврдената состојба.** |
| **Годишни програми на стручните активи за учебна 2020/2021 и учебна 2021/2022**<br><br>**Извештај за работата на стручните активи 2020/2021** | Во годишните програми за работа на стручните активи, предметните наставници, членови на активите планираат активно и ефикасно спроведување на наставата на далечина во услови на пандемија од вирусот Ковид 19, согласно насоките добиени од страна на Министерството за образование и наука како и другите надлежни институции.<br>Активите планираат и реализираат активности за соработка со надворешни субјекти, подготовки на учениците за учество  на натпревари, учество во проекти, менторирање на учениците од четврта година ,како и соработка помеѓу наставниците преку меѓусебна посета на часови и размена на искуства. Наведени се и планирани активности за работа на Кариерниот центар во рамките на проектот на УСАИД  “Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување” (мрежа ЈЕС). Стручните активи ќе се ангажираат во реализација на “Денови на електротехника” – манифестација која што оваа учебна година ќе се одржи по деветти пат. Целна група се деветоодделенците од основните училишта од општините на Град Скопје.<br>Во извештајот за работа на активите за 2020/2021 година наведени се реализирани активности на наставниците и учениците кои се во согласност со планираните активности. Изработени се програми од ,,Програмирани слободни часови во училиштето”  за профилот ,, Електротехничар енергетичар”(модуларна настава) и за феријална пракса за профилите ,,Електромонтер за електроенергетски мрежи” и ,,Електротехничар енергетичар”. Наставниците учествувале и во организацијата на Отворениот ден на училиштето .<br>Во извештаите се наведени менторирања, реализирани работилници,подготовки за матура и за натпревари, како и учества на ученици на натпревари и освоени награди.<br>Извештаите содржат проследени обуки од страна на поедини наставници од активот, интерни обуки на наставниците и наставници обучувачи од нашето училиште.<br>Реализирани се и обуки на ученици во рамки на проектот**:** Платформа за колаборативно учење со интегрирана лабораториска околина на далечина во стручно образование и обука (Collaborative learning platform with integrated remote laboratory environment in VET) – CORELA:<br>- тридневна он-лајн обука на ученици за  дисеминација за ученици во рамки на проектот CORELA, за користење на платформата за колабортивно учење.<br>- еднодневна практична обука на учениците за реализација на практичниот дел од лабораториски вежби преку платформата CORELA и меѓународна колаборација со други училишта вклучени во проектот.<br>- Реализирана мобилност во рамки на Еразмус + проект во Повоа Де Варзим Португалија, на 5 ученици и наставник-ментор (двонеделна практична обука на ученици во компании  од струката во Португалија) |

| | |
|---|---|
| **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Извештај за работата на организаторите за настава** | Годишната програма за работа на училиштето, на директорот и на помошниците директори, наведени се програмски содржини кои опфаќаат активности кои се однесуваат на управување со ресурси:<br>- тековно одржување и инвестиции во училишната зграда и материјални средства<br>- организација за работа во лабораториите и работилниците<br>- организационо – техничко средување на училиштето, функционалност на кабинетите, фискултурната сала со спортски терени, библиотека и други функционални простории во училиштето<br>- организира, следи и унапредува колективното усовршување во училиштето и надвор од него<br>- следење и проценка на ефикасноста за примена на искуства стекнати на семинари и обуки на вработените<br>- осигурува услови за финансиско работење во склад со Законот<br>- разговори со наставници-почетници, именување на нивни ментор, воведување во работата и следење на нивната работа<br>- осигурува квалитет на работата низ континуирано следење на клучните области, на основа на Годишната програма за работа во склад со Законот и Статутот и Правилниците |
| **Програма за работа на Училишниот одбор**<br><br>**Извештај за работата на Училишниот одбор** | Програмата за работа на училишниот одбор ги опфаќа следните активности за управување со ресурси:<br>- Усвојување на годишен план за јавни набавки<br>- Разгледување и усвојување на предлог годишен финансиски план и на финален годишен финансиски план<br>- Донесување на одлуки за издавање под закуп на простории и поставување на објекти на дворната површина на училиштето<br>- Донесување одлука за усвојување на планот за јавни набавки за 2021 година, записник под деловоден број 02-692/1 на 05.08.2021<br>- Донација на расходувани материјали од училиштето во други училишта на Град Скопје (Од записник под деловоден број 02-568/1, на ден 25.06.2021)<br>- Донесување одлука за давање под закуп на дворно место со површина од 30$m^2$ за поставување на времен објект наменет за сендвичара, за период од 01.09.2021 до 31.08.2022, од записник под деловоден број 02-446/1 на 25.05.2021<br>- Одлука за усвојување на полугодишниот извештај за реализираните активности од годишната програма на училиштето во првото полугодие од учебната 2020/2021 година (Од записник под деловоден број 02-198/1 на ден 17.02.2021)<br>- Разгледување на предлог кандидати за вработување на наставен кадар на определено време во учебната 2020/2021 година (Од записник под деловоден број 02-198/1 на ден 17.02.2021)<br>- Донесување одлука за усвојување на кодекс на однесување на учениците при реализација на наставата во училиште за учебната 2020/2021 година во услови на пандемија Ковид – 19 (Од записник под деловоден број 02-1030/1 на 30.11.2020<br>- Донесување на правилник за начинот на стекнување и распределба на средствата добиени по основ на партиципација од вонредни испити (Од записник под деловоден број 02-886/1 на 19.10.2020)<br>- Донесување Одлука за давање под закуп на магацински простор во подрумските простории со вкупна површина од 300m2 (Од записник под деловоден број 02-611/1 на 24.08.2020)<br>- Донесување Одлука за давање под закуп на мала фискултурна сала за спортски активности (Од записник под деловоден број 02-886/1 на 19.10.2020)<br>- Донесување Одлука за давање под закуп на голема фискултурна сала за спортски активности (Од записник под деловоден број 02-886/1 на 19.10.2020) |

| | |
|---|---|
| | - Донесување одлука за откажување на дводневната стручно-истражувачка екскурзија на учениците од I, II, III и IV – година по препораките на Владата на Р.С.Македонија и Министерството за образование и наука, поради состојбата со Корона вирусот (Од записник под деловоден број 02-474/1 на 16.06.2020)<br><br>На училишниот одбор може да присуствува секој кој е заинтересиран за работата и точките на дневниот ред по кој се дискутира. Дневниот ред е секогаш јавно истакнат на огласната табла на училиштето минимум три дена пред одржувањето на состанокот, па оттаму на состанокот може да присуствуваат членови кои се заинтересирани (но без право на глас и право на дискусија во истиот).<br>Членовите на училишниот одбор за состаноците кои треба да се одржат се информираат на неколку начини и тоа:<br>- Покани по електронска форма (е-маил)<br>- Со доставници<br>- Телефонски<br>Сите одлуки на УО, се транспарентни и истите се истакнуваат јавно на огласната табла на училиштето, со цел сите вработени да бидат запознаени со текот и работата на училишниот одбор и истата да можат да ја следат.<br>Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови и едногласно. Членовите се запознаени со финансовиот план и во соработка со директорот на училиштето се консултираат и донесуваат одлуки поврзани со истиот.<br>Училиштето континуирано соработува со локалната самоуправа и нејзините институции, како што се соработката со црвениот крст, општините на Град Скопје, Министерството за Образование и Наука, Бирото за Развој на Образованието, Центарот за Стручно Образование, Државниот Испитен Центар, многубројни основни и средни училишта со кои нашето училиште остварува заеднички проекти, како и фирми чија дејност е поврзана со струките на нашето училиште. |
| **Извештаи од Комисијата за вработување** | Новите вработувања во училиштето се реализираат според законските одредби, односно кандидатите се пријавуваат на јавен оглас објавен во дневен печат.<br>Комисијата за вработување изготвува извештај за квалификациите на пријавените кандидати и го доставува до директорот на училиштето. Одлука за вработување донесува Училишниот одбор. Согласно законски пропишаните норми, училишниот одбор му предлага на Директорот вработување на наставен кадар**.**<br>Од записник на ден 05.08.2021<br>За реализација на наставата во учебна 2021/2022 година, согласно наведениот записник, огласот е распишан за 11 извршители за работни места наставници, од кои 9 за полно работно време со 20 часови, а двајца за работно време со помал број на часови Наведени се и потребните квалификации кои треба да ги исполнуваат кандидатите (извршителите), завршени студии (соодветен факултет, VII/1 или 240 ЕКТС) согласно со нормативот за наставен кадар. |
| **Извештај за работа на училиштето за 2020/2021 година**<br><br>**Извештаи од реализирани обуки 2020/2021 год** | Развојниот тим на училиштето за учебната 2020/2021 година ги утврди следните развојни цели:<br><br>Цел 1: Организирање на натпревари во електронска форма од област на мултимедија |

| | |
|---|---|
| | Цел 2: Организирање и реализација на обуки за наставници и стручни соработници<br><br>Цел 3: Зголемување на интересот на учениците за додатната настава<br><br>Во извештајот за работата на училиштето во учебната 2020/2021 година, наведено е дека училиштео пристапи кон сериозна подготовка и обезбедување на квалитетни материјално-технички услови за да се одговори на потребите на новите наставни планови и програми.<br>- кабинетот по информатика е целосно опремен со нова компјутерска опрема.<br>- Две лаборатории за електроника се опремени со нови инструменти и уреди (осцилоскопи, функциски генератори, инструменти, извори...).<br>- набавени се Ардуино китови за реализација на поголем број проекти за потрените на образовниот профил КТА.<br><br>Во однос на материјални услови оваа учебна година во поголем дел од училниците и канцелариите: се поставени клима уреди, старите и дотраени врати се заменети со нови и партерно е уреден училишниот двор со нови бекатон патеки, достапни за лицата со посебни потреби и оштетен вид.<br>Исто така на почеток од учебната година беа реализирани следните инфраструктурни активности:<br>- поставени нови подови во 15 кабинети,<br>- променети се стакларници по цела вертикала во училишната зграда,<br>- реконструирани се подовите (паркет) во новите лаборатории по Електроника;<br>- варосување на ѕидовите во целото училиште;<br>- доуредување на наставничката канцеларија;<br>- лабораторија по физика;<br>- опремени лаборатории за реализација на настава по наставните предмети 3Д Моделирање, Уредување на веб страни и Бази на податоци (обезбедени се full hd камери, UPS, SSD DRIVE, HDD, резервни тастатури и мауси, UTP кабли, приклучоци и др.;<br>- околу 50 простории,(училници, лаборатории, работилници и канцеларии )се опремија со нови роло black out и вариолајт завеси;<br>- во сите простории во училиштето се поставени ормари за прва помош;<br>- со оглед на тоа дека наставата во учебната 2020/2021 година се реализираше online, на сите наставници по математика и физика им се обезбедија пен таблети, со што значитетелно се олесни реализацијата на наставата;<br>- поставена нова светлечка табла со називот на училиштето пред главниот влез од училиштето;<br>- поставени заштитни решетки на прозорите од лабораториите и работилниците во приземниот дел од училишната зграда со цел поголема безбедност и заштита на постоечката опрема.<br>**Училиштето обезбеди компјутери за учениците од социјално ранливите категории, со што се овозможи сите ученици непречено да ја следат настава на далечина**.<br><br>Соработка со субјекти: |

| | |
|---|---|
| | - Потпишан договор за соработка со четири нови компании: ЕСМ (ЕЛЕМ) Македонија, Раде Кончар контактори и релеи, МАСАК и Либерти. Соработката ќе биде насочена кон подигање на квалитетот на настава и вработување на учениците од дуалните паралелки, што ќе стартуваат од учебна 2021/2022 година, од образовните профили: Електротехничар енергетичар и Електромеханичар<br>- Потпишан меморандум за соработка со ЕТШ "Михајло Пупин" од Нови Сад – Р.Србија, која ќе започне во месец Септември со размена на најдобрите ученици, размена на професори и нивни предавања во двете училишта, заеднички обуки за наставниците, аплицирање во заеднички проекти, размена на искуства и идеи во дуалното образование.<br>- Потпишан меморандум за соработка со компанијата А1 Македонија.<br><br>**Реализирани обуки на наставниците во учебна 2021/2022 година**<br><br>- На почетокот на учебната година, извршена е интерна обука на сите наставници за користење на Националната платформа за реализација на настава на далечина, обучувачи Силвија Николовска и Дијана Трајковска<br>- Обука на наставници-Дисеминација на образовната платформа CORELA на наставници.<br>- online обука на тема „Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина", во организација на МОН, БРО<br>- online обука на тема „Обука за спроведување на програма за ученичка компанија",<br>- Тродневна обука за спроведување на програмата за Ученички компании, тема Социјално претприемништво<br>- Обука на наставници на тема „Создавање на деловни партнерства помеѓу компаниите и стручните училишта" во организација на фондацијата „Никола Кљусев" во рамки на проект Еразмус+.<br>- Обуката за наставници од средно образование на темите: социјално, зелено, претприемништво и одржлив развој, организирано од Агенција за поддршка на претприемништво на РСМ и УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој<br>- Тридневна обука за координатор во рамките на проектот е „Училиштето се среќава со компаниите" на австриското Федерално Министерство за образование, наука и истражување, во соработка со нашето Министерство за образование и наука и Центарот за Стручно Образование и Обука.<br>- Учество на предметни наставници по математика на обуки организирани од страна на Бирото за развој на образованието за добивање на подобри резултати во PISA тестирањето<br>Оваа учебна година, поради епидемиолошката состојба предизвикана од корона вирусот, наставата се одвиваше на далечина, со исклучок на практичната настава,.<br>Од извештајот за работа на училиштето, може да се констатира дека училиштето обезбеди солидни услови за реализирање на воспитно- образовната работа во насока на поставените развојни цели. |
| **Програма за работа на училиштето за 2021/2022 година** | Во годишната програма, за учебната 2021/2022година , развојниот тим на училиштето ги утврди следниве развојни цели: |

| | |
|---|---|
| **Извештаи од реализирани обуки 2021/2022** | Цел 1: Осовременување на реализација на наставата<br><br>Цел 2: Обезбедување систем за заштеда на електрична енергија<br>Цел 3: Формирање на заеднички тимови од училиште и стопанските субјекти<br>Цел 4: Екологија<br><br>Врз основа на поставените цели, за нивно поуспешно остварување дефинирани се конкретни задачи, активности и носители на активности, со временски рамки за успешно завршување на сите планирани цели. Она што е посебно за истакнување е постоењето на мерливи критериуми за правилно оценување на успешноста на остварување на поставената цел.<br>За да се одговори на потребите за реализирање на наставата според новите наставни планови и програми, во училиштето се обезбедени солидни материјално-технички услови во склад со „Цел 1“ од развојните цели на училиштето..<br>Реновирана е фискултурната сала во училиштето согласно најновите и највисоки стандарди приспособени и потребни за спортување и на ден 30.11.2021 година свечено беше пуштена во употреба.<br>Во врска со развојната Цел 3:((Формирање на заеднички тимови од училиште и стопанските субјекти ), на 23.11.2021, формирани се следните тимови :<br>-Тим за дуално образование (компании: ЕВН, Либерти, наставици:Слободанка Димковска и Наташа Божиновска)<br>-Тим за феријална практика (компании: Макстил и МЕПСО, наставици:Дијана Трајковска и Андигони Миленковска)<br>-Тим за учење преку работа (компании: Логинг и Симтек солушн, наставници: Сенад Сејфиќ и Антоние Оносимовски).<br><br>**Реализирани обуки на наставниците и вработените во ППС во учебна 2021/2022 година**<br>- Присуство на поголемиот дел од наставниот кадар на работилница на тема „Современи концепции на средно образование – Новата улога на наставникот и новите стратегии за поучување и учење“, Обука организирана од Академија Ц.Е.С. Прва академија за образование на возрасни, БРО<br>- Учество на обука за подготовка на Еразмус+ проекти<br>- Тимот за професионален развој од училиште, присуствуваше на обуката за превенција и спречување на трговија со деца.<br>- „Заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза”. (педагог)<br>- Учество на педагог на еднодневната работилница во рамките на проектот „Градење на капацитети на воспитно образовниот кадар и учениците за зелени иновации и одржлив развој“<br>- Онлајн работилница на MS TEAMS платформата Модул 1: „Претприемачко учење и развој на наставни методи за поттикнување зелени иновации“.<br>- Тимот на Мировен корпус одржа Виртуелна работилница бр. 2: Менаџирање на наставниот час. Присутни 2 наставници |

| | |
|---|---|
| | - "Црвен Крст – Работилница за родители и наставници" Фокус група: родители и наставници. Тема: Ковид-19 вакцинација – митови и факти. (педагог)<br>- обука за спроведување на програмата за ученички компании на тема „Зелени бизниси“,во организација на Јуниор Ачивмент Македонија, подржано од USAID, Фонд за иновации и технолошки развој.<br>- вебинари за правата кои произлегуваат од работниот однос, а се однесуваат на учениците во средните училишта низ нашата држава.<br>- Онлајн обука на тема „Безбедност и здравје при работа“во организација на ЦСОО.<br>- Учество на работилница: РАЗВОЈНИ МИКРОПРОЦЕСОРСКИ СИСТЕМИ, во организација на Логинг Електроникс и ФЕИТ<br>- Учество на координаторот за практична обука на „Регионален проект за обезбедување квалитет за работата на координаторите за врски со компаниите“ во организација на OeAD и МОН<br>- Учество на трибина на тема „Вештини за зелен град“ во рамки на Проектот “Европска платформа за извонредност за зелени иновации и стручно образование и обука –GREENOVET” и иницијативата „Европска недела на стручни вештини“.<br>- Учество на педагог на семинар за Демократски практики за активно учество на учениците и наставниците во училиштето.<br>- Обука на педагог на тема „Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето на политиките“<br>- Обука на педагог на тема „Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето на политиките“<br>- Присуство на педагог на предавање на тема: „Ментално здравје - Како да се справиме со секојдневниот стрес“?<br>- Виртуелна работилница бр. 1: Настава насочена кон ученикот. Присутни педагог и еден наставник<br>- Виртуелна работилница бр. 2: “Менаџирање на наставниот час”. Присутни педагог и еден наставник<br>Наставниците имаат можност да проследат online обуки во организација на центарот за стручно образование и обука. Платформа е наменета за професионален развој на наставен и друг стручен кадар во стручното образование – ИНОВЕТ. |
| **Програма за менторирање**<br><br><br><br>**Дневници за менторство** | Во училиштето има четворица приправници (мај 2022), на кои им се назначени ментори од наставниците вработени во училиштето.<br>Документацијата за менторирање содржи изработени планови и програми за менторирање на приправниците.<br>Менторите водат дневници за менторство, во кои се заведени реализираните активности , дискутирани теми и консултации со менторираните, меѓусебните посети на часови, препораки и планирани идни активности. |
| **Извештај од работата на ЕКО одбор**<br><br>**Еко активности**<br><br>**Извештаи од работата на стручните активи** | Во текот на учебната 2020/2021 година, наставата се реализираше Online и затоа ЕКО содржини се интегрираа во наставата<br>- Интегрирање на ЕКО содржини во наставата;<br>- Чистење на училишниот двор;<br>- Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето<br>- Во месец октомври декорирање на вратите на училниците по повод празникот Ноќ на вештерките;<br>- Во месец декември – декорирање на холот по повод Божиќ и Нова Година.<br>- |

| | |
|---|---|
| **Извештај од вonнаставни активности** | Во извештаите за работа на стручните активи, наведени се активности поврзани со екологија, меѓу кои и учество на учениците со т.н. „зелени“ проектни иновативни апликации, меѓу кои:<br>- Изработка на проектна апликација „Зелено паметно ученичко катче“ во рамките на „ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ#4 – „ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ“ во организација на ФИТР. Учество 5 ученици под менторство на проф. Наташа Божиновска.<br>- Во рамките на Програмата за социјално претприемништво за млади - UPSHIFT , подржана од УНИЦЕФ и Фондот за иновации и технолошки развој а имплементирана од ЦЕЕД ХАБ, земаа учество ученици од образовен профил електротехничар- енергетичар, под менторство на проф.Ефтим Пејовски. Учениците учествуваа со проект на тема„ ***Програмабилен мобилен мерен инструмент за следење на концентрација на стакленички гасови“*** и освоија ***награда (***120 илјади денари), која тимовите ќе ја искористат за реализирање на своите идеи. |
| **Извештај од работата на педагошко-психолошката служба во училиштето за учебна 2020/2021 година**<br><br>**Извештаи од посета на часови на педагошко-психолошка служба** | Во учебна 2020/2021 година ,педагогот и психологот ја превзедоа улогата на иницијатори, координатори и лица за остварување на врска помеѓу заедницата и нашата институција. За таа цел, беше остварена соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето и локалната заедница (пандемија COVID 19), беа спроведени акции, проекти и иницијативи (on line) преку соработка на наставниците и учениците со соработници од заедницата за промоција и примена на заштитни мерки и протоколи за заштита од од COVID 19.<br>Педагошко-психолошката служба активно се вклучи во процесот на планирање, организирање и следење на практичната настава, се даваа препораки за наставниците и учениците за реализација на практичната настава со примена на заштитни мерки и протоколи за заштита од COVID 19. Исто така, педагошко-психолошката служба континуирано ја следеше и проценуваше реализацијата на наставниот процес на далечина со примена на анкети (Прашалник за ученици и наставници за вреднување на online наставата во СЕТУГС “Михајло Пупин” – Скопје, изработени во платформата Google Forms и притоа ја анализираше и согледуваше состојбата и предлагаше соодветни мерки и активности за подобрување на состојбата во услови на пандемија.<br><br>**Извештај од реализирана посета на часови во СЕТУГС “Михајло Пупин” – Скопје за период од 12.04.2021 до 27.04.2021 година.**<br><br>Во период од 26.10.2020 до 30.10.2020 година од страна на педагошко-психлошката служба и помошник директорот Татјана Маленко, по однапред даден распоред се реализираше посета на часови преку националната платформа MS Teams<br><br>Впечатокот од реализираната посета на часовите, имајќи го во предвид начинот на кој се реализира наставата оваа учебна година (настава на далечина) е дека реализацијата на наставата е на задоволително ниво.: |

| | |
|---|---|
| | Позитивни забелешки од посетата кои се однесуваат на подрачјето ресурси се:<br><br>- интеракцијата наставник-ученици повеќе или помалку (во зависност од типот на часот и структурата на учениците) беше застапена на сите наставни часови,<br>- подготвеноста на наставниците да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на овој тип настава,<br><br>Не се наведени негативни забелешки и сугестии од посетата што значајни за ова подрачје,<br><br>**Извештај од реализирана посета на часови во СЕТУГС "Михајло Пупин" – Скопје за период од 12.10.2021 до 27.10.2021 година**<br><br>Во извештајот е наведен следниот впечаток:„Имајќи го во предвид начинот на кој се реализира наставата оваа учебна година (почитување протоколи за заштита од вирусот Ковид 19) е дека реализацијата на наставата е на задоволително ниво. Од наведените констатации во извештајо, значајни за подрачјето Ресурси се:<br>- подготвеноста на наставниците да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на овој тип настава,<br>- наставниците користат современи технички средства и помагала при реализирањето на наставните програми: смарт интерактивни табли, смарт телевизори, нови инструменти и уреди, со што се препознава потребата за промени и развој на квалитетно образование, следејќи ги светските и европските трендови за образование базирано на компетенции, на дигитализацијата, |
| **ВЕБ СТРАНА** | На веб страната на училиштето достапни се информации за финансиското раководење, односно овозможен е увид во јавните набавки на училиштето.<br>https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home |

**Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)***

| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| **Интервју со Директорот на училиштето** | **Ања Манчевска** | Вработените во училиштето се во согласност со законската регулатива, односно наставниот кадар од формално – правен аспект задоволува.<br>Во СЕТУ „ Михајло Пупин “ – Скопје во моментов има 76 вработени.<br>Во изминативе две учебни години 2019/2020 и 2020/2021, реализирани се 22 нови вработувања, а 18 вработени добиле решение на неопределено време.<br>Генерална идеја на училиштето е креирање на услови за реализација на образовен процес кој нуди употребливи знаења, со кои учениците ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот.<br>Во однос на промени и реконструкции на кабинетите и просториите за настава во училиштето направени во последните две години, целосно се опремени кабинетот по Физика и Електротехника, променети се подовите на училници, извршено е кречење на целиот објект, направена е промена на врати и прозори ПВЦ, поставени се завеси во сите училници, поставени се бекантон стази во училишниот двор. Исто така, извршена е и реконструкција на наставничката канцеларија и просторија за прием на родители.<br>За реализација на наставата во рамки на сите четири активи во училиштето, набавени се дополнителна опрема и материјали, односно надгледни средства за реализирање на наставата по сите наставни предмети, компјутери и компјутерска опрема.<br>Активот по спорт и спортски активности е опремен со комплетна реконструкција на спортската сала, со реконструирани соблекувални како и дополнителна опрема и реквизити за спортска теретана и за извршување на наставата.<br>Со порастот на бројот на запишани ученици во нашето училиште, сите планови ги креираме за обезбедување на потребните материјално-технички ресурси што ќе ги задоволат интересите на учениците.<br>Во наредната година се планира дополнително поставување на ограда во училишниот двор, промена на плексиглас стакла со алуминиумски и ПВЦ прозори, реконструкција на влезовите во училишниот двор и ходници во училиштето, како и уредување на патеки во дворот.<br>Во план е изградба на амфитеатар, а се планира и набавување на санитарно-водоводџиска и елекрична опрема, алат за работа, канцелариски мебел, монтажа на аудио и видео опрема и поставување на систем за ПП дојавувачи.<br>Се планира и зголемување на капацитетот на фотоволтаичната централа која е инсталирана во училиштето со цел заштеда на енергија и подигање на еколошката свест кај учениците за намалување на загадувањето преку искористување на обновливи извори на енергија, како и за реализирање на наставни цели по стручните предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во однос на човечките ресурси, се планира зголемување на наставниот кадар, од областа на електро струката, а се планира и обезбедување на обуки и семинари за нивно стручно усовршување за подигање на квалитетот на настава, до крајот на оваа година. Во изминатите две години, голем дел од колегите посетуваа обуки и семинари од сите области.<br>Што се однесува до новите вработувања поради недостаток на кадар, особено од електро струката, се бираат кандидати пријавени на оглас за ново вработување, преку Завод за вработување и се врши селекција согласно Законот за средно образование. Направени се интервјуа со сите новоработени, за начинот на кој ја реализираат наставата, како и евентуалните проблеми со кои се соочуваат. Од водените разговори, констатирано е дека нововработените ги задоволуваат сите потреби на училиштето, истите се професионални, исполнителни, работат тимски и се одлични во комуникацијата.<br>Финансовото работење се планира, односно се изработува годишен финансиски план, според приоритетите на потребите во училиштето за реализирање на квалитетна настава. Финансискиот план го предлага и усвојува Училишниот Одбор.<br>Училиштето добива средства од „Град Скопје“ од кои дел се за покривање на месечните сметки за комуналии (струја, вода), а средствата кои остануваат се вложуваат за опремување на кабинетите и набавка на нагледни средства, што е приоритет при изработката на финасискиот план.<br>Училиштето остварува сопствени приходи од изнајмување на три дворни места, магацински простор, спортски сали, како и од вонредни ученици и изработка на дупликат дипломи и свидетелства. |
| **Интервју со помошник директор Наташа Божиновска** | **Анита Кокочева Мијовска** | Потребите за наставни средства и помагала се утврдуваат со договорни процедури. На почетокот од секоја учебна година на ниво на активи, се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за настава и други потреби.<br>Утврдените потреби се доставуваат до раководството на училиштето, кое одредува приоритети, а набавките се вршат според потребите и финансиските можности.Обезбедувањето на потребните материјални ресурси за настава се врши на преку јавни набавки.<br>Во однос на нови вработувања во училиштето, формирана е комисија за прием на документи на кандидатите кои се јавуваат на јавен оглас.. |
| **Интервју со претседатели на активи** | **Анита Кокочева Мијовска** | **Интервју со Андријана Мирчевска – претседател на Актив Компјутерска техника и автоматика и Електроника**<br>Материјално-техничките услови во училиштето во голема мера ги задоволуваат потребите на наставниците. Со воведување на модуларно дизајнирани програми во наставата, се јави и потреба од набавка на нови нагледни средства. Во учебна 2019/2020 година е извршена набавка на потребните нагледни средства, со што во голема мера се задоволени потребите за реализирање на наставата по новите наставни програми.<br>Практичнта настава и вежби по предметите од областа на електрониката се одвива во кабинет бр. 8 и кабинет бр. 9, кои сега се опремени со нови извори за напојување, |

| | | |
|---|---|---|
| | | функциски генератори, дигитални осцилоскопи, мерни инструменти и друг потребен прибор за изведување на наставата.<br>Во последните две учебни години се набавени дополнителни електронски компоненти, бакари плочки и друг потрошен материјал, за потребите на наставата.<br>Проблемите со недостиг на наставен кадар се делумно надминати, со нови вработувања на наставен кадар од по стручните предмети, со што се создадени подобри услови за квалитетно реализирање на наставата.<br><br>**Интервју со Лидија Буровска -претседател на Актив Енергетика**<br>**Расположиви и потребни ресурси**<br>**Човечки ресурси**<br>Расположивиот наставен кадар од активот енергетика, во однос на бројот на потребни наставници, во моментов, е доволен за реализација на наставата.<br>Според дискусиите на одржаните состаноци на активот, на почетокот на последните 3-4 учебни години, присутен е проблемот од недостиг на наставен кадар, поради зголемување на бројот на паралелки и бројот на ученици во нив.<br>Во однос на реализацијата на квалитетна настава, после пензионирање на нашите колеги кои предаваа практична настава, активот веќе се соочува со недостиг на обучен и искусен наставен кадар за реализација на истата. Во учебната 2019/2020 година, со воведување на модуларно дизајнираните наставни програми, практичната настава е застапена во сите стручни предмети. Од овие причини, стратегијата на училиштето треба да се насочи кон обука на помладиот наставен кадар за стекнување на компетенции за изведба на практична настава, односно младиот наставен кадар да биде вклучен во реализација на наставни предмети во кои доминира практична, а не теоретска настава.<br>За подигање на квалитетот на наставата потребно е да се организираат и практични обуки за збогатување на вештините за реализација на активна настава, особено за наставниот кадар со помало работно искуство(во претпртијатијата со кои сме партнери, но и од страна на колеги кои се во училиштето и се пред пензионирање).Минатата година имавме помош од колегата Тимко Стојанов кој на доброволна база пред заминување во пензија им помагаше и ги инструираше некои од помладите колеги кои се воведоаа во практичната настава.<br>Наставата треба да биде организирана на начин кој ќе овозможи градење на квалитетни наставници кои ќе бидат подготвени да одговорат на потребите на училиштето, односно да бидат подготвени за реализација на квалитетна настава по повеќе стручни предмети. Од претходни искуства, наставниците -инженери кои не беа вклучени да предаваат повеќе наставни предмети во текот на работниот век, останаа ограничени со можноста да понудат квалитетна настава во моменти кога требаше да прифатат и некој друг наставен предмет, поради недостатокот на паралелки во училиштето.<br>Од овие причини, за превенирање на проблеми од оваа природа, треба да се води сметка при распределбата на часови, секој наставник, покрај наставата по предметите кои ги реализирал квалитетно во изминатите години, да се вклучи во реализација на настава и по некој нов наставен предмет, од друга област од струката. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од исклучителна важност за реализирање на квалитетна настава е наставниот кадар да биде рамномерно оптеретен според бројот на предмети што ги предава, неделниот фонд на часови и работните задачи во текот на наставната година.<br>**Материјални ресурси**<br>Во однос на расположивите материјални ресурси во училиштето, солидно се опремени неколку кабинети за реализирање на современа настава: кабинетот за изведување на вежби од електротехника( со помош на виртуелни иструменти); кабинет за практична настава опремен од ЕВН ; полигонот во кругот на училиштето , која служи како тренинг центар за учениците од ЕВН паралелките ; кабинетот опремен со модел на паметна куќа , изработена од плексиглас и опремена со интелигентна инсталација –KNX системи (со можност да се регулира далечински осветлувањето и дигањето/спуштањето на ролетните во куќата); кабинетот за енерегетска ефикасност. Исто така сметам дека добро е опремен кабинетот за изведба на практична настава за образовниот профил електротехничар енергетичар, за обука од областа на електричните инсталации. Кабинетот е солидно опремен со станскi табли, табли за инсталациони прекинувачи, за скалишно осветлување и за управување со контактори.<br>Голем недостаток во делот на изведувањето на практичниот дел од наставата по стручните предмети е недостаток на кабинет за изведување на вежби од предметот електрични машини и трансформатори од трета година. Расположивите машини во училиштето се премногу стари, истрошени и недоволни за реализација на наставните содржини.Нема услови за практично изведување на голем дел од вежбите во училиштето.Повеќе пати е дискутирано на оваа тема и активот по енергетика е во исчекување да се обезбедат средства и донации за кабинет по електрични машини и трансформатори.Освен за овој наставен предмет истата опрема ќе може да се искористи и за наставниот предмет електромоторни погони , кој ќе се изучува за прв пат по модуларната настава кај електротехничар-енергетичар во учебната 2022/23 година и има практични лабараториски вежби.<br>За квалитетна реализација на наставата, потребно е опремување на кабинетот со нови мотори; генератори; регулациони ТР; отпорници за пуштање во работа на моторите; тахометри и друга потребна опрема, со која ќе се овозможи комплетно остварување на наставните цели по предметот.<br>Кабинетот по електрични машини ќе им овозможи на учениците да стекнуваат применливи знаења за да одговорат на работните задачи на работни места во Митал, во цементарница и другите компании, кои обезбедуваат вработувања за наши ученици по завршување на школувањето.<br>Недостасуваат нагледни средства за изведба на практичниот дел од наставата од областа на електричи апарати и уреди (термички апарати и разладни уреди, состави делови на различни апарати и уреди што ќе се користат како нагледни средства).<br>Потребно е и да се доопреми и модернизира кабинетот за изведба на вежби од областа на електричните мерења.<br>За успешно реализирање на практичната настава и/или лабораториските вежби кои се застапени во рамки на сите стручни предмети потребно е дополнително опремување на голем дел од кабинетите со наставни средства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето се потруди да обезбеди квалитетен интернет, кое е особено важно во училниците во кои се изведува настава со класовите од ЕВН паралелки, за користење на едукативната платформа „CANVAS“ за време на настава.<br>За користење на проекторите поставени се ролетни во кабинетите и има поставено соодветен приклучок за компјутерите со инсталацијата на проекторот, така да повеќе немаме таков проблем како во минатото.Во секој кабинет може да се користат проекторите.<br>Се јавува потреба од обезбедување на повеќе лаптопи за работа на наставниците во канцеларија, а исто така и за потребите при реализација на on-line настава доколку има потреба. |
